**Љиљана Атанасова**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

ЗА ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ
ОД ДЕВЕТГОДИШНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Скопје, 2009**

*Издавач*

*Автор:*
**Љиљана Атанасова**

*Рецензенти:*
**Јелица Николовска,** проф. д-р
**Ирена Башовска,** проф. по одделенска настава
**Благица Андреевска,** проф. спец. по педагошки науки

*Лектор:*
**Љубица Севдинска**

*Корица:*
**Игор Јовчевски**
*Илустрации:*
**Никола Николовски и**
**Игор Јовчевски**

*Компјутерска обработка и дизајн:*
**Љубица Карева**

*Печати:*

# *Драг ученику!*

Изучувањето на мајчиниот јазик за секое дете претставува основно право и потреба. Тој е основа за развивање на културата на изразување и јасната комуникација.

Само ако го разбираш говорот што го слушаш и текстот што го читаш, ќе ја сфатиш и доживееш содржината. И другите полесно ќе те разберат, ако при усното и писменото изразување употребуваш соодветни зборови при што ги применуваш основните јазични и граматички правила.

Секако, за да постапуваш така, потребно е искуство и знаење. Тоа се стекнува со читање и учење. Ти веќе стекна извесно знаење и искуство во претходните години. Ние се потрудивме со овој учебник да ти помогнеме уште повеќе да ги збогатиш и продлабочиш своите знаења кои ќе станат твоето најголемо богатство во животот. Во него ќе наидеш на многу интересни содржини чии вредности и пораки ќе ги откриваш сам. Но секогаш покрај тебе ќе бидат твојот учител и твоите родители за да те насочат, да те поддржат и да ти помогнат онаму каде што навистина ќе ти треба нивната помош. Работи упорно и самостојно: откривај, осознавај, донесувај заклучоци, претпоставувај, прашувај, измислувај, барај решенија, предлагај, креирај... Ти можеш многу, зашто во тебе се крие идниот лекар, проектант, учител, агроном, чевлар, пилот, пекар, археолог...

Ние ти посакуваме пријатни мигови со ликовите што ќе ги сретнеш на страниците на твојов учебник и многу успех во совладувањето на новите знаења!

***Авторот***

# БЕЗ МАКА НЕМА НАУКА



# СЕПТЕМВРИ Е ТУКА



Септември ни долета
со утрата разладени,
не сме изненадени!

Ако сѐ предвид се земе,
пак ни дојде навреме.

Со мирисот на жолтите дињи,
откосеното сено.
На есен потсетува денот!

Септември си ги напишал
домашните задачи:
пред да се огласи ѕвончето
ги испразни плажите,
детскиот џагор под сонцето.

Ги светна дворовите,
ги поднови училниците:
- Повторно добредојде за учениците!

Септември е пријател
над пријателите.

Пак сме со другарите, со учителите!

Највесели основците,
здивнуваат бабите и дедовците!

Поздрав од дома.

Од прозорците, од терасите:
- За еден клас пораснале нашите!

**Васил Мукаетов**

## Септември - мојот пријател

- Зошто поетот месецот септември го нарекува „пријател над пријателите“?
- Наведи три причини зошто септември го чувствуваш и како твој пријател.
- Кои домашни задачи си ги напишал месецот септември?
- Какви домашни задачи ти поставува тебе и на твоите другарчиња?

## Првата домашна задача од септември

✍ Напиши состав со наслов „Без мака нема наука“. Пишувај за твоите обврски што те очекуваат во оваа учебна година и како планираш да ги реализираш сите задачи што ќе ти ги постави твојот учител. Не заборави да напишеш каде ќе те одведе успешната реализација на задачите.

- Поразговарај со другарчето зошто со нетрпение очекуваше да започне учебната година и зошто тагуваш по летото.

# ТАГА ЗА ЛЕТОТО

**Ѓорѓи (со воздишка):** Ех, го нема летото... Си замина побрзо отколку што мислев! Како и да не било... Секогаш она што е убаво, брзо заминува... Така вели баба Невена.

**Виктор (и тој со воздишка):** Така е, Ѓорѓи, ми го зеде зборот од уста. Има право баба Невена... Јас дури и не забележав кога одлета летото. Како да траеше еден ден...

**Ѓорѓи:** Ете, и тебе, Викторе, како да ти е жал што толку брзо го снема... Така ли?

**Виктор:** А Марко? Ако не каже Марко?

**Ѓорѓи (подбивно):** Тој како да не е тука... Ништо ниту гледа ниту слуша. Него го интересира само учењето...

**Виктор (со недоверба):** Којзнае дали е така!? На никој не можеш да му ѕирнеш во срцето...Така вели баба Стојна.

**Ѓорѓи:** Тогаш и јас ќе ѝ верувам... Но ние, за секој случај, ајде да си се исплачеме. За да избега тагата од нас... Со солзите ќе ни биде „раат" на душата... Така вели и баба Невена, а не само твојата баба Стојна...

**Марко (за себе):** Ете, на Ѓорѓи и Виктор како да им потонале сите лаѓи во морето. А да беа храбри како мене никој немаше да ги дознае... Не сакаат да почне учебната година... Мислат ли дека летото вечно ќе трае? И дека в училиште ништо убаво не се случува? А мене, да бидам искрен, ми стана здодевно и сакав да дојде крајот на летото... И да почне учебната година... Не можев да издржам да не ја гледам Ангела. Не знам дали и таа истото го мисли за мене!? А да ги видам и другите од одделението... Но тајната со Ана си ја чувам само за себе...

**Ѓорѓи (ја крева главата):** Ајде Викторе! Не вреди да тагуваме за нешто што не може да се врати. Па дури тоа да било и прекрасно лето како ова што си замина...

**Виктор (помирливо):** Имаш право, Ѓорѓи! Најдобро е да се соочиме со вистината. Учебната година почна и да не се обидуваме да го вратиме летото...

**Ѓорѓи (се смешка):** Така е, не треба! Затоа, симни го ранецот од грбот и извади го учебникот по мајчин јазик...

**Виктор (се штрекнува):** О, сосема заборавив... Мене навистина летото ме одвлекло предалеку од оваа училница...

**Марко (насмеано):** Еј, Ѓорѓи, Виктор! Сакате ли нешто да ви подарам?! И на двајцата!

**Ѓорѓи (радосно):** А кој не би сакал да добие подарок, Марко?

**Виктор:** Навистина, кој? Туку, што би ни подарил?! А кога си толку дарежлив...

**Марко (шеговито):** Па, ете, во замена за едно лето ќе ви подарам прекрасна есен, а потоа снежна зима, но уште и цветна пролет... Сè додека да дојде уште едно ново лето за да ви ја врати радоста. Не само вам, туку и на сите. А и мене...

**Горјан Петревски**



## Разговараме за драмскиот текст

- Според што препозна дека овој литературен текст е драмски?
- Кои ликови се учесници во драмското дејство?
- За што разговараат тие?
- Покрај другите, која е причината поради која Марко сака да започне учебната година?
- За каков подарок зборува Марко?

## Одбрани го своето мислење

- Изнеси го и образложи го својот став: има или нема причина да се тагува за одминатото лето.
- Кои убавини ги носат есента, зимата и пролетта?

## Учествувај во драмската игра

☼ Според овој драмски текст изведете драмска игра во вашата паралелка. Формирајте три актерски групи. За да биде успешна, подгответе се добро:

1. Изберете кој ќе ги игра главните улоги за лицата: Ѓорѓи, Виктор и Марко.Тие треба добро да го научат текстот за својата улога.
2. Бидејќи ќе бидеш еден од актерите, подготви ја добро својата улога: изговарај го текстот со соодветна боја и јачина на гласот според укажувањата на авторот, но и според сопственото доживување. Притоа внимавај и на гестикулациите и движењата.
3. Сцената ви е подготвена - вашата училница.
4. Костими веќе имате - вашата ученичка работна облека.

☼ Не заборавајте да ги наградите со аплауз сите добри актери.

## Задача

**Раскажи** како го помина твојот прв училиштен ден.

## Запознај се со писателот

**Горјан Петревски** - раскажувач, романсиер за деца и млади. Роден во с. Мренога, Демирхисарско. Автор на книгите: „Гороцвет“, „Земјата од сонот“, „Споменка“, „Татковите солзи“, „Тажниот свирач“, „Марта“, „Задоцнетите писма од Споменка“, „Снеговите на Климентина Евин“, „Далечна љубов“, „Исти очи“, „Пролетни дождови“ и др.

- Чии симболи се ова знаме и грб?
- Што симболизираат тие?
- Какви чувства побудуваат кај тебе?





# ТАТКОВИНАТА СМЕ НИЕ

Татковината сме сите ние,
што заеднички учиме, работиме,
чекориме.

Едно срце што бие.
За секого - добрина да сториме.

Татковината се сака
и со подадена чаша
студена вода со слатко.
Со топлиот леб
од тврдите раце на татко.

Татковината е
постела мека
и утрински бакнеж од мама.
Татковината е
и домашната задача,
и сѐ што научив сама.

Татковината е и автобусот „двојка“,
што полн доаѓа и полн се враќа.
И мустаклијата што катаден вози,
што мавта и поздрав праќа!

Татковината е радост до небо
петки кога добиваме.
И кога сме сите ко еден,
заедно кога навиваме.

Татковината е territory
Татковината е вековина.
Татковината е траење.

Татковината се чува,
со разум и со знаење!

**Васил Мукаетов**

## Ја откривам татковината во песната

- Какви чувства те исполнија откако ја слушна оваа песна?
- **Објасни** како ги разбираш стиховите: „Татковината е вековина/ татковината е траење.“
- **Извлечи** од песната неколку стиха од кои најмногу разбираш што е татковината и препиши ги во тетратката.
- Во последните два стиха поетот порачува дека „татковината се чува
со разум и со знаење.“
- **Размисли и објасни** како ти ќе ја чуваш со твоето знаење, сега и кога ќе пораснеш.

- ☼ **Искажи** го твоето сфаќање за твојата одговорност кон некоја личност, кон природата и просторот во кој се движиш (домот, училиштето, улицата, спортскиот клуб, автобусот, продавницата...). Сето тоа е татковина.
- ☼ **Читајте** ја песната редоследно и изразно строфа по строфа.
- ☼ Во **детското списание** што го читаш пронајди и други песни посветени на татковината. Избери една и прочитај ја изразно дома и в училиште.

**Честитај**

Знаеш дека 8 Септември е Денот на независноста на нашата татковина.

✍ Напиши ѝ една честитка со која ќе ѝ го честиташ големиот ден. Што ќе ѝ посакаш?



**Што е енциклопедија?**

☼ Голема книга во која се предадени многу знаења од науката. Има многу видови, а за тебе се најинтересни детските енциклопедии зашто во нив знаењата се предадени на начин на којшто можеш лесно да разбереш и научиш.

- ☼ Која енциклопедија ја имаш?
- ☼ Што ти е најинтересно во неа?

**Создавај лична енциклопедија**



☺ Пронајди податоци (од Интернет, од разговор со твоите родители) што се случило на 8 септември 1991 година.

☺ Ако сите нови информации ги забележуваш во една тетратка, ќе видиш колку многу интересни податоци си научил. Ако пак ја дополнуваш со слики, таа ќе биде уште поинтересна. Така постепено ќе направиш **лична енциклопедија** со која ќе се гордееш.

- Кој е оџа, а кој поп?

# СЕЛАНЕЦОТ И ОЏАТА

Еден селанец имал документ напишан на турски и се чудел кој да му го прочита. Одејќи по патот сретнал ефендија (господин) со чалма - значи оџа.

- Ефенди, ефенди - му викнал - прочитај ми го документов!

- Не знам, бре синко, - му одговорил ефендијата.

- Ами како е така, ефендија со чалма, а не знаеш да читаш?! - прашал зачудено човекот.

- Ех, штом работата била до чалмата, еве ти ја, земи ја, врзи ја околу главата и прочитај си го документот - духовито одговорил оџата.

**Македонска народна приказна**

**Да ти појасниме:** Оџите пред повеќе од стотина години во Турската Империја важеле за најучени луѓе меѓу муслиманите, а поповите меѓу православните.

**Размисли и извлечи заклучок**

- Што те насмеа во приказната?
- Зошто оџата не знаел да му го прочита документот на селанецот?
- Според што ќе ја определиш вредноста на еден човек? Образложи.
- Дискутирајте и поврзете ја народната изрека **облеката не го прави човекот** со оваа народна приказна.

**Поврзи и објасни**

Поврзи го овој пример со примери од секојдневниот живот. Разговарајте на часот, а потоа и дома со родителите што се случува со луѓето кои добиле лажни дипломи. А ти знаеш што се случува со учениците кои не учат, а сакаат добри оцени. Изнеси го своето мислење.

**Мала приказна - голема поука**

Извлечи ја поуката од оваа мала приказна, добро оформи ја и запиши ја во тетратката. Многу ќе ти помогне насловот на оваа тема. Не заборавај секојдневно да се придржуваш на нејзината порака!

- „Подобро е да го прочиташ и научиш непотребното, отколку ништо! Зашто не читаме и не учиме поради училиштето, ами поради животот!“

# ЗАПИС ЗА КНИГАТА

Книгата, ако човек ја сака,
како брат знае да подаде рака.

И ако реши човек негде да оди,
книгата сигурно ќе го води.

И ако реши човек нешто да прави,
за помош кај книгата нека се јави.

И ако некогаш нешто темно го срети,
нека ја земе книгата, таа ќе му свети.

И ако сака во свет од чудата да зајде,
тој свет во книгата ќе го најде.

И ако гладен за знаења трпи,
од книгата секогаш може да црпи.

И ако реши споменик да гради
што ќе трае и векови ќе здружува,
нека ѝ изгради споменик на книгата -
таков споменик само таа заслужува!

**Глигор Поповски**

## Се задлабочувам во песната

- Прочитај ја песната во себе неколкупати и објасни му на другарчето што сè може да направи книгата, ако ја сакаш.
- Со чија помош поетот ја споредува помошта на книгата?
- Како ни свети книгата тогаш кога нешто темно ќе нè срети?
- Како секогаш може да се црпи знаење од книгата?
- Објасни зошто книгата заслужува споменик векови што ќе трае?



## Искажи се

- Како ти ја изразуваш љубовта кон книгата?
- Што сакаш да читаш најмногу?
- Која е последната книга што си ја прочитал?
- Кому и која книга си му ја подарил?
- Кои книги и за кој повод си ги добил на подарок?

## За наредниот час

☺ Изрецитирај ја песната најубаво што можеш.
☺ Усно прераскажи ја содржината на твојата омилена прочитана книга.

# БИБЛИОТЕКА



**Размисли**

- Кој може да ја користи градската, а кој училишната библиотека?
- Која од овие две библиотеки треба да е поголема? Зошто?
- Според што се одредува големината на една библиотека?

**Задачи**

**Посети** ја организирано или самостојно најблиската градска библиотека и зачлени се во неа.
**Разговарај** со библиотекарот за работата на библиотеката и правилата што секој корисник на нејзините услуги треба да ги знае и да ги почитува.
**Запиши** ги сознанијата во својата тетратка.

**Претстави ја прочитаната книга**

Секоја книга има интересна содржина за чие доживување може да се зборува откога ќе се прочита целосно.

✎ Организирајте читачки групи во одделението. Секоја група нека прочита по една книга по сопствен избор и нека ја претстави пред останатите ученици според насоките. Разменувајте ги мислењата и договорете се што е најдобро да запишете.

**Скелетен приказ**

1. **Една реченица** со која ќе искажеш за што се зборува во книгата.
2. **Една убава мисла** што искажува нешто важно за книгата.
3. **Еден збор** што ја означува основната тема.
4. **Симбол или скица** со која би ја претставиле книгата.
5. **Боја** која го претставува твоето расположение, чувства.
6. **Дополнување на реченицата:** „Една од најдобрите работи во оваа книга е ...“

**Совет:** Можеби во првиот обид ќе ти оди потешко, но во следните ќе се увериш колку е лесно, едноставно и интересно.  Изработи и увери се во тоа!

- Со какви превозни средства патувале луѓето во минатото?
- Како се превезувале од еден до друг континент?



# ГОТВАРСКИ СКАЗНИ

Сте слушнале за Колумбо, нели? Тој бил Италијанец испратен од шпанскиот крал да стигне со морнари и брод до Индија, но случајно втасал до непозната земја, подоцна наречена Америка. Патувал бродот по океанот со денови, недели и месеци. На морнарите и на Колумбо им здодеало да гледаат само море и ништо друго. Луѓето на бродот станувале нервозни зашто секојдневно ги гледале само своите намуртени и брадосани другари. Затоа често доаѓале до непотребни расправии и тепачки.

Колумбо бил умен капетан и размислувал како да ги развесели луѓето и да ја разбие здодевноста на патувањето. Затоа предложил еден натпревар. Рекол - кој ќе успее да стави варено јајце да застане исправено, ќе добие шише рум. Се обидувале сите, но не успевале. Се нервирале и пак се обидувале, но ништо не излегувало освен што често јајцето легнувало хоризонтално или се кршело. Другите морнари, кои ги гледале обидите на натпреварувачите, се смееле, а смеа одамна не беше слушната на бродот. На крајот натпреварувачите го признале поразот пред Колумбо.

- Невозможно е да се исправи јајцето - рекле тие.

- Јас можам да го сторам тоа - одговорил Колумбо.

Се собрале сите околу него. Колумбо го зел јајцето в рака, го свртел со врвот кон масата и го ѕекнал. Се разбира, јајцето со поткршен врв останало исправено. Наоколу одекнала смеа поради досетката на Колумбо и тоа било доволно луѓето да се почувствуваат пријатно.

Набргу по оваа случка, најмладиот морнар кој бил качен на највисоката катарка да набљудува, викнал на сет глас:

- Земјаааа!

Се разбира дека не викнал: - Америкаааа! - зашто своето име таа земја го добила подоцна, по еден друг морепловец Америго Веспучи. Но тоа за нас и не е толку важно. Важно е да научиме рецепт за паштета од јајца. Јас предлагам, штом не ја нарекле Америка по името на Колумбо, барем ние да ја наречеме оваа паштета во негова чест - Колумбова паштета. На крај краишта, тоа си е наша работа.

**Славка Манева**

**Читам, откривам и дополнувам (во тетратката)**

- Луѓето на бродот биле нервозни и намуртени затоа што ________________.
- Со натпреварот со јајцето Колумбо успеал да предизвика ________________.
- Писателката му оддала чест на морепловецот Колумбо така што ________.

**Опиши го ликот**

- Од содржината на текстот може да се откријат неколку податоци за изгледот и особините на главниот лик - Колумбо. Наведи ги и образложи ги.
- Потоа во тетратката писмено опиши го Колумбо. Ќе биде интересно ако описот го дополниш со портрет што ќе го направиш сам според негова фотографија.

## КОЛУМБОВА ПАШТЕТА



Се гмечат со вилушка жолчките на две тврдо варени јајца (кога се варат во водата се додава малку сол за да не испукаат). Се додава 1 полна лажица изгмечено сирење и 2 полни лажици мајонез. Сето тоа се меша добро. Јас би додала и една главица сечкан кромид, но се плашам да не се смеете и да речете дека сум кромидарка.

Па затоа, по ваша желба, со кромид или без него, намачкај ја оваа паштета на лепче и касни си слатко. За да бидат лепчињата поубави на изглед, белките исечи ги на тенки лентички и украси ги со нив. Пријатно!

**Креирај**



За твојот нареден роденден изненади ги твоите другарчиња со вакви лепчиња, но сите да бидат различно украсени (рендано цвекло, ливчиња од магдонос, разни форми од варен морков, од црвени домати, краставица, ’рдокви, цветчиња од брокула, маслинки...). Вклучи ја твојата фантазија и самиот ќе се изненадиш од твоите дела!

**Прошири ги своите знаења**



Кристофер Колумбо е италијански морепловец кој стасал до бреговите на континентот Америка. Со интернет пребарувач отвори ја страницата **Wapedia-Wiki** Кристофер Колумбо и прочитај нешто повеќе за него. Ќе откриеш колку патувања имал, кога се случувало тоа, како се викале неговите бродови и што постигнал со патувањата.

# РАСКАЖУВАМ ПО СЕРИЈА СЛИКИ







Секој од нас има некое свое интересно доживување. Понекогаш некои наши непромислени постапки нè доведуваат во смешна или можеби тажна ситуација. И ова момченце од сликиве има свое непријатно доживување.

☺ Разгледај ги внимателно сликиве и состави расказ според нив.

☺ За да ти помогнеме ние ќе ти предложиме наслов на расказот „Недругарство“. Но, ти можеш да му дадеш и друг наслов ако тој повеќе ти се допаѓа.

☺ Прочитајте неколку од вашите раскази и дискутирајте за нив. Најубавите истакнете ги на ѕидниот весник во училиштето.



**Запознај се**
**Греам Бел** во 1876 година го конструирал првиот телефон.



# АЛО, АЛО

Лица: Јана, мајката, Ана

(Телефонот ѕвони: зврррррррррр, зврррррррррр!)

**Мајката**: (ја крева слушалката) Ало! Повелете, овде станот на Петревски.

**Јана:** Ало, Јана!

**Мајката:** Да, Јана е на телефон, повелете!

**Јана:** Ама која Јана? Јас сум Јана!

**Мајката:** Па и јас сум Јана. Јана Петревска.

**Јана:** Но, мене ми треба Ана!

**Мајката:** Кај нас дома во моментов има две Ани. Која сакаш да ја слушнеш?

**Јана:** Другарка ми Ана што учи со мене.

**Мајката:** А која Ана учи со тебе?

**Јана:** Ах, да! Со мене учи Ана Петревска. Ве молам, може ли да ја слушнам!

**Мајката:** Секако! Сега кога конечно разбрав кого го бараш, ќе ја повикам веднаш. Но, што да ѝ кажам, кој ја бара?

**Јана:** Простете, заборавив! Јас сум Јана Димовска, училишна другарка на Ана.

**Мајката:** (Ја остава слушалката до телефонскиот апарат и повикува) Ана, те бара твојата другарка Јана Димовска, повели јави се! И почитувај ги правилата за телефонскиот разговор, нека биде јасен и краток.

**Ана:** Да, повели! Јас сум, Ана Петревска.

..........................................................................................................................

**Љиљана Атанасова**

**Каде згрешила Јана?**

- Зошто мајката на Ана не можела да разбере кој кого бара на телефон?
- Што заборавила Јана?
- Посочи ги сите грешки на Јана и запиши во тетратката како требало да се обрати.
- Што можеш да заклучиш од обраќањето на Ана?



**Потсети се и редоследно запиши во тетратката** како треба да се одвива еден културен и јасен телефонски разговор:

- поздравување
- претставување
- замолување
- заблагодарување
- отпоздравување
- извинување
- краток разговор

## Драмска игра во парови



Избери си другарче со кое ќе водите замислен телефонски разговор. Преку оваа драмска игра ќе научите да водите правилен и културен телефонски разговор. Секако, ќе го зацврстите и вашето другарство.

Ако пак си ги размените телефонските броеви, ќе имате можност и брзо и лесно да си разменувате корисни информации.

## Домашна задача

✍ Запиши го телефонскиот разговор со едно твое другарче кое го добиваш после разговорот со еден од неговите родители.

## Прошири ги знаењата

☺ Што е **јавна говорница**, кој ја користи и како се користи?

☺ Каква е разликата помеѓу **фиксниот** и **мобилниот телефон**?

# ЕСЕНСКА ИНСПИРАЦИЈА

Мојата улица во есен

Мојата улица во есен изгледа многу убаво. Асфалтот е покриен со жолти лисја. Нив есенскиот ветер ги откинува од дрвјата. Ги крева високо во воздухот, а потоа ги спушта на земја. Горе личат на жолти пеперутки, а долу како килим. Ние, децата, газиме по нив затоа што ни шушкаат многу интересно. А гранките остануваат голи и тажни. И птиците што останаа не пеат весели песни, туку тажни. Тагуваат за топлите сончеви денови.

Кога ќе погледнам на улицата од мојот прозорец, гледам многу чадори. Сега почесто врне дожд. И јас си го извадив моето шарено чадорче.

Нолева Весна IV-1 одд.
ОУ „Живко Брајковски“
Скопје



- Ученичката од IV одделение Катерина Ангелова од ОУ „Св. Климент Охридски“, Скопје, со помош на компјутерската програма Paint ја насликала есента во нејзината улица.

☞ Обиди се и ти со зборови или слика да ја претставиш својата улица во есен.

# РАБОТАТА ГО КРАСИ ЧОВЕКОТ, МРЗАТА ГО ГНАСИ



# ОД МИЛОСТ НЕ СЕ ЖИВЕЕ



Гранките од оревите тежеа од род. На нив задоволно се лулаше младата верверичка. Јадеше од плодовите до презаситеност, а потоа безгрижно си заспиваше на некоја гранка. Низ лисјето шумеше есента, ѕиркаше сонцето и шепотеше некој нејасен здив на ветре. Овие трепети на есента ѝ го разблажуваа сонот на верверичката.

Се случуваше понекогаш и да лудува, скокајќи од гранка на гранка. Колку пати го преплаши и стариот зајак кој доаѓаше на починок до многулетниот орев. Тој си легнуваше до коренот, а немирната верверичка бесшумно му пушташе некој шушлив плод од врвот на растението... Кутриот стар плашливец, како без глава јурнуваше кон угорнините... А за тоа време палавата немирница се превиткуваше од смеа.

Колку прекрасно ѝ поминуваа деновите!

Нејзините сестрички ги полнеа скривниците со зимница. Млада и неискусна, таа заборави дека ќе дојде и зимата.

Задуваа ветровите. Снегот неочекувано се лизна од грбот на планината. Нигде храна и сонце. Насекаде само бела пустелија и студ.

Долга, гладна зима!

Мрзеливата верверичка можеше само да воздивнува по сончевите денови. Во последниот ден пред да настапи зимата, се скри во пукнатината на дабот.

Набргу потоа празниот стомак ја „запеа“ гладната песна. Изгладнета и тажна, тргна по живеалиштата од нејзиниот род да бара парче милост.

Најпрвин отиде кај првата сосетка.

- Милост, драга сосетке! Гладна сум. Дај ми барем неколку оревчиња да не умрам од глад - побара.

- О, зимата е долга! Се плашам и мене да не ми биде малку храна... Оди од другите барај милост! - ја одби сосетката.

Гладната верверичка отиде понатаму со верба дека некој ќе се смилува. Застана пред вратата на другата сосетка.

- Милост, драга сестричке... Гладна сум. Дај ми неколку оревчиња за да не умрам од глад... - продолжи да моли.

- За мрзливите нема милост! - грубо ја пресече и втората сосетка.

Сите ја пречекуваа со истите зборови.

Несреќната верверичка заплака. Од никаде спас. Во неа се вгнезди помислата дека ќе умре од глад. А толку сакаше да живее и да му се радува на животот.

Плачот го слушна и старата верверица, тетка Рунка.

- Зошто плачеш? - ја праша.

- Ми се јаде... Ќе умрам од глад... - продолжи да цимолка.

- Ајде со мене... Цела есен работев и имам доволно храна за двајца. Ама немој да заборавиш: „Работата е чесна, а мрзата е срамна...“

- Благодарам, тетко Рунке, ќе ти се оддолжам! - се радуваше мрзливата верверичка.

Потоа двете се вовлекоа во топлото живеалиште. Надвор ветрот уште постудено лудуваше. Снегулките го расцутуваа просторот.

**Горјан Петревски**

## Читам и откривам

- Какви плодови јадела верверичката до презаситеност?
- Како се забавувала младата верверичка, додека нејзините постари сестрички ги полнеле скривниците со зимница?
- На што заборавила младата и неискусна верверичка?
- Како таа успеала да ја презими зимата?

## Задачи

**Подреди ги** речениците според редоследот на настаните:

- Молење од врата на врата за парче милост.
- Верверичката заборави на доаѓањето на зимата.
- Старата верверица Рунка е мудра и гостопримлива.
- Безгрижниот сон на младата верверичка.

**Извлечи** ја реченицата што ја изразува пораката на писателот. Запиши ја во тетратката и образложи зошто е така.

**Организирајте се** во групи од четворица и изведете драмска игра.



## Поврзи со наставата по природа

Шумата е **животна средина** на верверичката. Прочитај од други извори какви сè животни средини има. Откриј како животните се приспособуваат на својата животна средина. Објасни го тоа со свои зборови.



## Твори самостојно по сопствен избор

✍ Нацртај ја расплаканата верверичка како моли пред живеалиштето на сосетката.

✍ Напиши **петоред** за верверичката според дадениве упатства:

1. еден збор - поимот (верверичка);
2. два збора - описни придавки за верверичката (ја опишуваат);
3. три збора - глаголи (кажуваат што работи);
4. реченица за верверичката составена од четири збора и
5. синоним - друг збор што има исто значење со поимот верверичка.

Верверичка

____________ ____________

____________ ____________ ____________

____________ __________ ____________ ____________

____________

☺ Испеј или отсвири на детски инструмент песна за верверичката, зајакот или некое друго шумско животно.

## Задача за дома

☺ Размисли и размени го своето мислење со родителите зошто треба да му се помогне на оној што е во неволја.

☺ Изреката **од грешките најдобро се учи** поврзи ја со содржината на раказот и со секојдневниот живот. Своето образложение запиши го со ракописна латиница во тетратката.

✏ Напиши во тетратката кои овошни плодови најмногу сакаш да ги јадеш? Зошто?

# ОВОШНА КАРАНИЦА



**КОМПИРОТ:** Здраво, јаболче!

**ЈАБОЛКОТО:** Чао, компирче! Кажи ми, познаваш ли подобра овошка од мене?

**КОМПИРОТ:** Ах, да, да...Само да ме нема мене, сите гладни ќе беа!

**ЈАБОЛКОТО (го здогледува портокалот):** Портокалче, ти го пропатува целиот свет, кажи му на овој тврдоглав компир, дека нема подобра овошка од мене! Нема и нема!

**ПОРТОКАЛОТ:** Што си вообразено! Јас сум трипати подобар од обајцата. Дури и една боја се вика портокалова, наречена е по мене, а не компирова или јаболкова...

**КОМПИРОТ:** За мене си невоспитан обичен портокал.

**БАНАНАТА (доаѓа):** Еј, зошто се карате?

**(Јаболкото, компирот и портокалот викаат на сет глас и ништо не се разбира)**

**БАНАНАТА:** Ништо не ве разбирам, не врескајте!

**ПОРТОКАЛОТ:** Ова вообразено јаболчиште си се замислува дека е најдоброто овошје на светот.

**БАНАНАТА:** Кутрото тоа, а не знае дека јас сум најдобрата, зашто сум прва храна за доенчињата и децата.

**ЈАБОЛКОТО:** Не е вистина! Првата храна за доенчињата е млекото, а потоа ренданото јаболко, така да знаеш!

**БАНАНАТА:** Заборавaш дека јас и господинот портокал дојдовме од далеку и подобро го знаеме светот на витамините.

**ПОРТОКАЛОТ:** А што знаеш пак ти, компиру еден, кога си пораснал во темнина, под земја? Пих - компир!

**БАНАНАТА:** Или ти јаболко, кое од јаболкницата не си видело ништо друго и подалечно од оградата на соседниот овоштарник.

**КРУШАТА:** Што ви е вам? Ова бојно поле ли е или што?..

**КОМПИРОТ:** Секој сака да биде најдобриот! Ете што е!

**ЈАБОЛКОТО:** Кажи, тетка крушо, нели јас сум најдоброто овошје?

**ПОРТОКАЛОТ:** Не ти, туку јас!

**БАНАНАТА:** Не ти, туку јас, да знаеш!

**(Малку фали да се степаат)**

**КРУШАТА:** Ама сте смешни! Ако е така тогаш и јас би можела да се натпреварувам за најдобра овошка, зашто сум меденка и блага како мед. Кога Бисерка ќе се врати од училиште, ќе си подготви ужинка и...

**КОМПИРОТ:** ...И првин ќе си свари компирче!

**ЈАБОЛКОТО И БАНАНАТА:** Потоа ќе си испасира јаболко и банана...

**ПОРТОКАЛОТ:** А, не! Прво доаѓа сокот од портокал! Ќе испие сок!

**КРУШАТА:** И на крајот ќе се заслади со медено крувче!

**СИТЕ:** Ммммм... Добар апетит!

**Еди Мајарон**
**(Превод: Томе Арсовски)**

## Разговараме за драмскиот текст

- Кои ликови се среќаваат во овој драмски текст?
- Што е причината за нивната расправија?
- До каков заклучок дошле на крајот?
- А ти, до каков заклучок дојде? Кое овошје е најдобро?
- Што не е овошје во драмскиот текст?

### Поврзи и кажи го своето мислење

- Кој вистински се кара и се фали во животот?
- Како ги нарекуваме луѓето кои сами се фалат?
- Зошто не се омилени во својата средина?
- Кои особини им одговараат на таквите луѓе? Одбери три од наведените: вредни, нескромни, одважни, самобендисани, неискрени, фалбаџии, скржави, горделиви.



### Потсети се што е куклена претстава

Драмската претстава во која се користат изработени кукли за секој од ликовите е наречена **куклена претстава**.

- Кој зборува наместо куклите?
- Како може да се изведе драмска игра според овој текст?
- Како може да се оживеат ликовите?

### Учествувај во подготовката на куклената претстава



- На часовите по Техничко образование изработи кукла за еден од ликовите. Постојат повеќе начини, а формите на овошните плодови се многу погодни за тоа.

**Еве малку помош:** искористи некое твое старо капче. Со зашивање и додавање на елементи оформи го во саканиот лик. Кога ќе ја ставиш раката внатре, со движење на прстите куклата ќе ја оживееш. А секако, твојот говор ќе ја направи уште поинтересна. Ако имаш подобра идеја од оваа, реализирај ја.

- Искористете ги изработените кукли за да организирате куклена претстава во одделението. Изведете ја и пред помалите другарчиња.

### Поврзи ги и прошири ги знаењата

- Прочитај што си напишал на почетокот на часот. Зошто токму тие овошни плодови ги сакаш?
- Наброј ги витамините што знаеш дека ги содржат твоите омилени овошја.
- Зошто се важни витамините за твојот организам?
- Зошто е подобро овошјето и зеленчукот да се јадат свежи?

☺ Поразговарајте со другарчето до тебе што е тоа татковина.

# ЕЈ, ТАТКОВИНО



Три езера, стари планини
чуваш во срцето.
На Балканот топло катче си,
еј, Татковино!
Нека грее спокојно
тука сонцето,
ти си сè што имаме
еј, Татковино!

Со векови земјо постоиш,
горда, прекрасна,
во висини твојте гулаби
мирно летаат.
Со векови земјо постоиш,
горда, прекрасна,
недопрени твојте цветови
в поле цветаат.

Та запеј ни песни прекрасни
ѕвездо на небото
и кажи ги твојте судбини,
еј, Татковино!
Нека грее спокојно
тука сонцето,
ти си сè што имаме
еј, Татковино!

**Огнен Неделковски**

**Откривам**

- На кои стихови одговараат наведениве поетски слики?
  - Местоположба и природни богатства.
  - Вековно постоење и убавина.
  - Љубов кон татковината и миролубивост.
- Зошто именката татковина иако е општа, поетот ја напишал со голема буква?

| Чувства | Звуци |
|---|---|
| Слика | Свое мислење |

**Изрази се**

- Искажи го своето доживување на песната според барањата во секој од правоаголниците. Но, прво нацртај ги во својата тетратка.
- Притоа користи ги знаењата од математика за цртање на правоаголник.

**Пронајди и испеј**

- Овие стихови се испеани во истоимената детска песна на фестивалот **„Златно славејче“** - 1993 година. Пронајди ја на ЦД или научи ја од некој што веќе ја знае нејзината музичка интерпретација.
- Пејте ја сите заедно, прекрасно звучи!

**Создавај**

Обиди се и сам да создадеш стихови во кои ќе ги искажеш својата љубов кон татковината и гордоста со нејзините убавини.

**Изразно рецитирање**

☺ Направете рецитаторски групи и самостојно осмислете ја поделбата на стиховите на рецитаторите.

☺ Секој добро нека ги извежба определените стихови и заедно изрецитирајте ја целосно.

☺ Одберете најдобра рецитаторска група во одделението.

**Известување**

- Со другарчињата од одделението - организирано или со родителите посети некој фестивал на детски песни. Потоа состави писмено известување за настанот според дадениот план:
  - датум, место на одржување и име на фестивалот;
  - изглед на сцената;
  - име на водителот и број на учесници;
  - приближна бројност на посетителите на фестивалот или исполнетост на салата;
  - расположение на учесниците и посетителите;
  - песна што најмногу ти се допадна;
  - лично мислење за фестивалот;
- Прочитај го своето известување дома пред родителите и в училиште пред другарчињата.

- Какво богатство нуди октомври?
- Запиши во тетратката и прочитај му на другарчето.

# ОКТОМВРИ

Октомври сиот се кити со злато
и златни бои насекаде има
златници безброј серојат по патот
што ветрот палав поведен ги кине.

На ридот лозја со гроздови дрочни
в градини круши
и јаболка сочни
кошници, гајба и моминска смеа,
берачи лични работат и пеат.

Гората лисна во пламени бои
пурпурни, жолти, румени, сиви,
ливади влажни ко зелена чоја
сред сино небо пчелички серојат.

Октомври вреден есента ја кани
ко лична мома на пазар да иде
средби и радост ѝ нуди ко лани
кошници полни со плодови разни.

**Косара Гочкова**



**Го збогатувам речникот**
**дрочни** (гроздови) - набабрени, крупни, полни со сок
**чоја** - вид дебела ткаенина

## Ги откривам богатството и убавините на октомври

- Откриј од која строфа е доловена секоја поетска слика искажана со исказите:

  - Есента - лична мома на пазар со полни кошници.
  - Октомври закитен со злато.
  - Горaта во пламени бои.
  - Гајби и кошници полни.

- Препиши ги во твојата тетратка редоследно и пред нив стави го редниот број.
- Објасни ја секоја поетска слика откако ќе ја прочиташ строфата.

## Го објаснувам поетскиот јазик

- Веќе знаеш дека поетите во своите песни покрај со основното значење, употребуваат зборови и изрази со пренесено значење.
- Објасни ги зборовите од првата строфа што имаат пренесено значење: **злато, златни бои и златници.**
- Пронајди во кои две строфи поетесата ја претставила есента како личност.
- Кој уште е претставен како живо суштество? Откриј во првата строфа.



## СПОРЕДБА

- Зошто поетот во третата строфа ливадите ги споредил со зелена чоја?
- Во песната има уште една споредба. Откриј ја и препиши ја во тетратката.
- Со што ти би ја споредил есента? А ливадата? Запиши во тетратката и прочитај му на другарчето.

## Одбери како ќе се изразиш

☺ Научи напамет две строфи коишто најмногу ти се допаѓаат и рецитирај ги на наредниот час.

✍ Напиши состав со наслов „Есента во мојот дом“. Опиши што се случува во твојот дом во врска со подготовките на зимницата. Опиши го и богатството од плодови на домашната трпеза.

✍ Нацртај ја поетската слика што најмногу ти се допадна.

- Кои бои преовладуваат во есен?

# ЖОЛТА ПРИКАЗНА

Златнокосата Есен дојде тивко и несетено.

Прво ја насетија штрковите. Едно утро најстариот штрк ги собра сите од својот род и им рече:

- Застуде. Откај планините почнаа да се спуштаат магли. Сонцето сѐ послабо грее. Го покриваат облаци. И водата во реките и барите е сѐ постудена. Се скрија веќе и жабите, и змиите, и гуштерите. Време е да се преселиме на југ, кон потоплите краишта...

На телефонските жици како жив ѓердан беа наредени стотици ластовички. И тие се договараа пред заминувањето на југ.

Од круната на старата јаболкница веќе не се слушаше песната на славејчето. Секна и песната на чучулигата под облаците. Врабецот Цивко беше сѐ потажен и позагрижен. Тагуваше по деновите полни со сончевина.

Натежнати од богатиот род, се виткаа гранките од дуњите, сливите, крушите и јаболкниците. Вредните пчели во роеви сега слетуваа врз сочните гроздови...



Луѓето се раштркаа по нивите, зеленчуковите градини, овоштарниците и лозјата. Секој го собираше плодот од она што го посадил. Есента сврати во сечиј дом и на сите им остави богати дарови...

Во визбите се полнеа каци и буриња со зелка и туршија. На полиците се редеа шишиња со сокови, тегли со компот, мармелад, ајвар - и друга зимница. Амбарите веќе беа полни со жито, а шталите - со храна за добитокот. Камарите со дрва во дворот, сѐ повеќе растеа...

А, таму, во шумата?

Таму секна песната на птиците. Оголеа дрвјата и пасиштата. Се слушаше само жуборот на потоците, кои ги носеа првите откинати лисја на дабјето, буките, брезите и другите листокапни дрвја.

Баба Меца ги прибра своите мечиња во пештерата. Врз куп суви лисја и папрат тие ќе спијат зимски сон. Преку летото насобраа доволно сало, за да можат да издржат без храна до новата пролет.

Верверичката Тресиопашка од блиската корија ги внесе во својот дом последните ореви и лешници и рече:

- Добра зима на сите пријатели!

Сета природа трепереше во некаква треска под златно-жолтиот килим што го доткајуваше Есента...

**Киро Донев**

- **Прочитај** го текстот во себе и **писмено одговори** на прашањата според содржината на приказната:
  - Какви временски промени настануваат во есен?
  - Зошто се виткаат гранките на овошните дрвја?
  - Што работат луѓето во есен?
  - Како се подготвуваат животните за дочек на зимата?

- **Откриј ги причините за долунаведениве последици:**
  - Време е да се преселиме на југ кон потоплите краишта...
  - Врабецот Џивко беше сѐ потажен и позагрижен.
  - Се слушаше само жуборот на потоците...

## Изрази се и твори



- Состави план според редоследот на настаните во расказот.
- Според него, писмено прераскажи ја содржината.
- Прочитајте си ги прераскажите со другарчето меѓусебно и изразете ги своите пофалби и забелешки на следниов начин:

- Три ѕвездички за она што ви се допаѓа.
- Две желби за она што би сакале поинаку да биде.

**Изработи сам**

- Собери жолти лисја со различна големина и во различни нијанси. Од пресечени дрва за огрев откорни мали парчиња кора. Со лепење на истите и дополнување со водени бои изработи есенски пејзаж.
- Твојата творба изложи ја на одделенското ликовно катче.

## Запознај се со писателот

**Киро Донев** - писател за деца и млади. Роден во с. Моноспитово, Струмичко. Автор на книгите: „Жаба спикер“, „Било - не било“, „Април - ли“, „Да се запознаеме“, „Мешана салата“, „Ај погоди“, „Шарена криенка“, „Далаверите на Добре Лошиот“, „Киндер квачка“ и др.

# МАЛИ ПРИКАЗНИ - ГОЛЕМ УМ

## СЛЕПИОТ ЕЛЕН

Еден слеп елен наумил да пасе покрај морето. Со здравото око се свртел кон копното, а со слепото кон морето, не плашејќи се од ништо. Случајно поминувајќи оттука, рибарите го виделе и го застрелале. „Ај, неверно море, воздивнал еленот, токму ти ме издаде од кого јас се надевав дека ќе ме зачува!“

**Наравоучение**

Никој никогаш не може да знае од каде напаст ќе го снајде. Честопати одбегнуваме големи неволји, а таму каде што мислиме дека сме надвор од опасноста, ненадејно и како молња ќе нè снајде неволја. Разумно е, значи, секаде да внимаваме.

**Доситеј Обрадовиќ**

**Размисли и запиши**

- И ти треба да бидеш многу внимателен кога одиш и кога се враќаш од училиште, во игрите со твоите другарчиња, кога одиш во природа, на плажа, кога остануваш дома сам... На што посебно треба да внимаваш?



## ЕЛЕНОТ И ЕЛЕНЧЕТО



Еленчето го запрашало еленот: „Тато! Како тоа, ти си поголем од песот и гледај колкави ти се роговите, па сепак, кога ќе слушнеш кучињата да лаат, ти бегаш?“ „Кучињата, синко, се кавгаџии“, одговорил таткото елен, „а јас природно ја мразам кавгата, па повеќе сакам да се засолнам“.

**Наравоучение**

Среќен е човекот со таков карактер кој лесно не се лути и кој може да расудува додека е лут. Кој ја мрази кавгата и се засолнува, одбегнува и се спасува од многу зло и немир во животот.

**Доситеј Обрадовиќ**

**Препознај**

- Препознаваш ли некои од твоите другарчиња со карактерот на еленот? Посочи ги!
- Објасни зошто повеќе сакаш да се дружиш со другарчиња кои се попустливи и смирени, отколку оние кои се избувливи и кавгаџии.

## ЛИСИЦАТА И ЈАРЕЦОТ

Оделе лисицата и јарецот и по некое време двајцата ожеднеле. Дошле до една длабока дупка, скокнале во неа да се напијат вода, но не можеле да излезат надвор.

Притоа лисицата му рекла на јарецот: „Потпри се ти на ѕидот од јамата, а јас ќе се искачам на твоите рогови и ќе излезам надвор; потоа и тебе ќе те извлечам“.

Јарецот ја послушал, лисицата му се искачила на роговите и излегла од јамата. Потоа се свртела кон јарецот и му рекла: „Да имаше толку памет колку што имаш влакна во брадата, немаше толку непромислено да скокнеш во јамата. Јас сега одам подалеку по своја работа, а ти како знаеш. **И послушај го мојот совет: во секоја работа уште на почетокот размисли што те чека на крајот!“**

**Жан де ла Фонтен**





**Образложи**

- Како ја разбираш последната мисла од басната.
- Зошто треба да го прифатиш советот?

- Што е аквариум? Разговарајте со другарчето.

# АКВАРИУМ

Во аквариумот пливале три златни рипчиња. Кружеле околу-наоколу или стоеле наместо трепперејќи со перките. Околу нив се правеле меурчиња од воздух, а на дното се нишале нежните ливчиња на водните тревки. Понекогаш рипките се допирале до стаклото и ѕиркале надвор. Најмалото од нив, со црвени дамчиња на сребреното телце и со црвено устенце, било најљубопитно. Често го допирало главчето до стаклото и ја прашувало рипката до него:

- Бабо, што има надвор од нашава куќа?

- Ништо нема - велела таа. - Таму е празно, без вода и без тревки, но има луѓе.

- Па како живеат луѓето таму? - прашувало рипчето.

- Луѓето не се риби - одговарала трпеливо старата рипка. - Тие не живеат под вода, туку на суво.

- Затоа толку тешко се движат - велело рипчето. Од нивното чекорење се тресе и нашава куќа!

И тоа задоволно мавтало со перките и танцувало горе-долу, од радост што може толку лесно да се движи низ водата. Но бидејќи било љубопитно, постојано нешто прашувало.

- Бабо, а знаеш ли ти какво е морето?

- Морето е, синко, најголемата куќа на рибите. И сите живеат таму, и големи и мали. А со нив живеат и раковите, и морските ѕвезди, и коралите, и медузите и уште и уште многу други што не им ги знам имињата.

- Си го видела ли морето и си стигнала ли до неговиот крај? - прашувало упорно рипчето.

- Не, синко, јас не сум го видела, но мајка ми, твојата прабаба, ми раскажуваше за него. Никој не може да го стигне неговиот крај. Ќе пливаш, ќе пливаш со денови, со ноќи, а крајот не се гледа...



Малото рипче се натажило:

- Јас никогаш нема да го видам морето. А сигурно ќе стигнев до неговиот крај, зашто многу силно можам да пливам - и притоа набрзина направило неколку круга во аквариумот.

Старата рипка се насмеала:

- Верувам дека можеш да стигнеш до крајот на морето, само ако не те лапне некоја поголема риба. Ќе ја зине устата и - ам! - ти си веќе внатре, во нејзиниот мев.

Рипчето се исплашило од таа мисла.

- Сепак подобро е јас да ги вежбам перкиве во нашава куќа. Денес ќе свртам многу кругови.

- Така мило, ти си умно - одговорила старата рипка. - Зошто ти е морето кога си имаш толку убава куќа?

**Славка Манева**

## Разговараме за содржината на расказот

- Во каква куќа живеело малото рипче?
- За што ја распрашувало малото љубопитно рипче неговата баба?
- Што му објаснила баба му за морето? Кој живее во него и каква опасност му се заканува ако се најде во него? Прочитај ја гласно реченицата со која бабата му ја предочува опасноста на големото море.
- До какво сознание дошло рипчето по одговорот на баба му?

## Извлечи поука и запиши

- Извлечи поука од овој расказ. Кажи ја усно.
- Запишете на табла неколку најдобро формулирани поуки.
- Одбери ја онаа формулација што најмногу ти се допаѓа и запиши ја во твојата тетратка.

## Направи споредба и поврзи

аквариум < езеро < море < океан = дом < град (село) < туѓа земја < свет

## Прошири ги знаењата и опиши

- Научи нешто повеќе за разните видови слатководни и морски риби од енциклопедија.
- На интернет пребарај и пронајди каде и како луѓето можат да набљудуваат како рибите и другите морски животни живеат во природна средина.
- Избери едно од нив и опиши го во тетратката.

- Каква работна задача имаат поштарите?

# МРЗЛИВИОТ ПОШТАР

Во единствената пошта во градот работеше и еден мрзлив поштар. Беше толку мрзлив што сите го завикаа Мрзливко. Секогаш, кога требаше да се однесе некое писмо, мрзливиот поштар лека-полека го фаќаше патот под нозе и дури вечерта се враќаше на работа. Штом децата ќе го забележеа како со лазење ја извршува својата должност, постојано го задеваа. И не само тие, туку и возрасните често му се подбиваа, но поштарот, веројатно од мрза, воопшто и не им се лутеше. Тој на сите им носеше писма, на некои тажни, на други радосни...




Но само на госпоѓата Маестрал сè уште ѝ немаше донесено ниту едно писмо. Тажната госпоѓа немаше никој свој, а толку многу беше љубезна со него. Таа никогаш не го нарекла со погрдното име, никогаш. Постарите луѓе велеа дека имала син што го грабнале пиратите и сега од него нема ни трага ни глас. Кутрата госпоѓа Маестрал, толку беше добра.

Еден ден поштарот Мрзливко требаше да однесе едно необично писмо. Беше испратено од некој остров на Атлантскиот Океан. Кога виде дека писмото е адресирано до госпоѓата Маестрал, поштарот скокна од радост. Мрзата како да ја снема и в час отрча да ја израдува тажната госпоѓа. Луѓето не им веруваа на своите очи кога го видоа поштарот како ита по нивната улица. Но тој воопшто не им обрнуваше внимание.

„Веројатно е од нејзиниот син“, си мислеше поштарот Мрзливко и не згреши. Тоа синот ја известуваше мајка си дека, конечно, им избегал на пиратите и се враќа дома. Среќна насмевка го огреа и нејзиното лице.

Тажната госпоѓа повеќе не беше тажна, а и мрзливиот поштар не беше веќе мрзлив.

**Горан Б. Стојаноски**

**Разговараме за содржината**

- Зошто единствениот поштар во градот го нарекле Мрзливко?
- Како се однесувале со него луѓето?
- Кога Мрзливко ја изгубил својата мрза?
- Што ја направило среќна тажната госпоѓа Маестрал?
- Какво известување ѝ испратил синот на својата мајка со писмото?
- Што те потсетува на бајка во расказов?

**Размисли и кажи**

- Како поштарите знаат кому да му го однесат писмото?
- Од каде дознал поштарот дека писмото е од нејзиниот син?
- Кој ја знае содржината на писмото?
- Зошто на писмото се става поштенска марка?
- На кој начин со писмото се запазува приватноста на испраќачот и примачот?
- Што се пишува во писмото?



## ШТО Е ПИСМО?

Ако одговори точно на претходните прашања, ти научи што е тоа писмо.

Во тетратката запиши што се запишува на предната страна од пликот, што на задната страна, а што на листот хартија?

(на подлога од плик)

## ПИСМО ДО НЕПОЗНАТО ДРУГАРЧЕ

**Подготовка за пишување на писмото**

- Купи си еден плик и поштенска марка од најблиската пошта. Одбери си едно непознато другарче од твоето списание каде ќе ја најдеш неговата адреса.
- При пишување на писмото придржувај се на редоследот на содржината:
    - обраќање до непознатиот;
    - претставување (име и презиме, возраст, семејство, училиште во кое учиш...);
    - запознавање со семејството, училиштето, родното место и неговите знаменитости;
    - изразување на желбата за допишување и другарување;
    - посакувања;
    - поздрави и потпис.
- Прочитај им го писмото на твоите родители, а на наредниот час прочитај го и пред другарчињата.
- Адресирај го **писмото**, залепи ја поштенската марка во десниот горен агол и пушти го во **поштенско сандаче**.

- Ако **адресата** на **примачот** (неговата) што се запишува на предната страна од пликот е точна, тој ќе го прими писмото за неколку дена. Така ќе стекнеш уште едно ново другарче. Ако пак не е, тоа ќе се врати на адресата на **испраќачот** (твојата) што се запишува на задната страна од пликот.

**Внимавај**: Писмото треба да е напишано со читлив и убав ракопис за да може лесно да се прочита и целосно да се разбере.

# КАПКА ПРИМЕР ВРЕДИ ПОВЕЌЕ ОД ДОЖД СОВЕТИ



- Која приказна ти е најомилена? Каков крај има таа?
- Каков крај најчесто имаат приказните?

# КАКО ВО ПРИКАЗНА

Марија не штеди поздрави за сите соученици.

Марија со пенкала во различни бои ги запишува во својот телефонски именик броевите на сите соученици.

Марија дели пофални зборови ако се допадне панделката во косата на некоја соученичка или новиот ранец на некој соученик.

Марија ги покани сите соученици на својата роденденска забава.

Марија им покажува математика на сите што не им оди математиката.

Затоа сите ја сакаат Марија.

Но, едно „но“ се замешува во приказната.

На Зорица секогаш ѝ фали „Здраво!“ или „Како си?“ за Марија.

Зорица не стави срценце покрај името на Марија во именикот на нејзиниот мобилен телефон.

Зорица се потсмева на шарените здолништа на Марија.

Зорица ја нарекува Марија „бубалица“.

Сепак, Марија секогаш чува насмевка повеќе за вакви ситуации. Еве, денес Зорица донесе на училиште кутија чоколатца. Ги отвори на големиот одмор и им понуди на сите што беа во училницата.

- Ти благодарам! - велеа некои.

- Баш се вкусни! - велеа други.

Марија не рече ништо, бидејќи никој ништо не ја послужи. Сепак, таа не покажа љубомора. Само ги врати во ранецот учебниците од претходниот час.

Како што земаа од бонбоните, така децата излегуваа од училницата. Кога останаа сами, Зорица голтна уште едно од чоколатцата. Но, наместо да го направи вообичаениот израз на уживање, почна да кашла. Марија веднаш сфати што е работата, отиде до неа и ја удри по грбот, како што се прави кога некому ќе му залетне залче храна. Бидејќи тоа не помогна, истрча до наставничкиот кабинет, зеде една чаша, ја наполни вода од чешмата и се врати кај Зорица. Околу неа се беа насобрале сите соученици. Штом ја видоа Марија со чаша в рака ѝ направија место да помине.

- Напиј се! - рече таа.

Зорица се напи една голтка и по некое време кашлицата се смири. Штом влезе наставничката, сите седнаа на своите места. До крајот на часовите Зорица не кажа ни збор. Одејќи си накај дома ѝ пријде на Марија:

- Ова е за тебе - рече и ѝ подаде завиткано бонбонче.

- Да не ти е последно? - праша Марија.

- Последно е, ама ако. Го чував за тебе.

Марија го зеде и не заборави да се заблагодари.

- Сакам да те прашам нешто - рече таа. - Зошто си секогаш толку непријателски расположена кон мене?

- Затоа што постојано си толку добра со сите. Затоа што сè правиш со толкава жар.

Овој комплимент ѝ ги вцрвени образите на Марија.

- А може ли јас тебе да те прашам нешто? - продолжи Зорица. - Зошто, и покрај сè, продолжуваше да бидеш добра со мене?

- Зар не е така во сите приказни? Зар добрината не победува секогаш на крајот?

Зар не е тоа цела вистина?

**Жарко Кујунџиски**



**Разговараме за постапките на ликовите**

- Кои два лика ги сретна во расказов?
- Која од нив би ја одбрал за другарка? Зошто?
- Што не ти се допаѓа кај Зорица?

## Работам самостојно

- Во тетратката нацртај ваква табела (може да ја изработите на компјутер и да ја отпечатите на хартија - за секого по еден лист) и пополнувај ја според поставените барања:

| **Постапките на Марија** | **Постапките на Зорица** |
|---|---|
| ___________<br>___________<br>___________ | ___________<br>___________<br>___________ |
| Марија е _____ другарка<br>Таа секогаш се однесува<br>_______ кон сите. | Зорица не е _____ другарка<br>Таа покажува ________ кон Марија |
| Марија и покрај сè останува добра другарка (наведи ја нејзината постапка):<br>_________________ | Првата промена на Зорица (наведи ја нејзината постапка):<br>_____________________ |
| **МАРИЈА И ЗОРИЦА СЕ __________ДРУГАРКИ.** | |

## Извлечи заклучок

- Што е во овој расказ како во приказна?
- После која постапка на Марија настанува позитивна промена кај Зорица?
- Што те восхити најмногу кај Марија?
- Поврзи ја изреката **капка пример вреди повеќе од дожд совети** со односот на Марија кон Зорица.
- Од што заклучи дека и Зорица е добро девојче?
- Од чии грешки научила Зорица како треба да се однесува во иднина?

## Размисли и размени го мислењето

- Напиши во тетратката уште најмалку пет работи кои според тебе се важни за другарството. Прочитај му на другарчето што си напишал и дополнете се.

## Создавај



- Напиши стихови за вистинскиот другар/ка.
- Насликај го твоето другарче.
- Изработи дизајнирана **диплома за најдобар/ра другар/ка.**

**Подари** му ја на другарчето својата лична творба во знак на благодарност за доброто другарство. Тоа може да биде и оригинален роденденски подарок кој ќе остане засекогаш да сведочи за вашето другарство.

- Во каква средина живеат жабите?
- Разменете си ги мислењата со другарчето од клупата.

# DVE ŽABI

Dve žabi živeele vo edna mala bara, a koga taa vo leto presušila, trgnale da baraat druga. Pronašle eden dlabok bunar. Togaš pomladata ì rekla na postarata žaba: „O, prekrasna voda! Ajde da skokneme vnatre“. „Možeme mnogu lesno da skokneme dolu, odgovorila starata, no ako i ovaa voda presuši, dali će možeme da izlezeme nadvor? “

**Dositej Obradović**



## Прочитај и одговори писмено

- Одговори ѝ на прашањето на старата жаба.
- Како ќе го оцениш предлогот на помладата жаба?
- Што заклучуваш за постарата жаба според нејзиниот одговор?

- **Извлечи поука** од оваа басна.



## Најди решение за проблемот:

☺ Денеска не си напишал домашна задача, а знаеш дека твојата учителка сигурно дека ќе ги прегледува. За да го избегнеш прекорот од учителката или слабата оцена, прво што ти паѓа напамет е да измислиш дека си болен и да не отидеш на училиште. Но тогаш не си свесен дека со тоа правиш уште поголема грешка. Размисли за последиците!

☺ **Размисли и напиши** во тетратката како можеш да го решиш овој проблем, а да немаш никакви последици.

☺ **Прочитај им** на родителите што си напишал.

## Вежбај латиница

Препиши ја баснава во тетратката со македонска ракописна латиница.

**Размисли и размени го мислењето**

- Со што го поврзуваш зборот последен (последни, последна, последно). На што те асоцира?

# ПОСЛЕДНИОТ ЛИСТ

Последниот лист на гранката стои
облеан во тага и солзи,
шумата е пеплосана, без бои,
по небото темен облак ползи.
Осамен, пожолтен, сув,
да ти падне за него жал,
на сè околу себе и нем и глув
ќе се најде бргу во кал...

Дождот студен вчера го срони
маките му ги скрати.
„Штом пролет дојде, - порака прати -
ќе разлиста и ќе се врати!“

**Ненад Џамбазов**



## Разговараме за песната

- Какво расположение предизвика кај тебе оваа песна?
- Што го предизвика таквото расположение?
- Кој период од есента е насликан во песнава?
- Пронајди ги и прочитај ги стиховите во кои поетот ја опишува шумата.
- Што мислиш ти, зошто последниот лист е облеан во тага и солзи?
- Како поетот го претставил листот штом плаче и праќа порака?

## Спореди



☺ Направи споредба на оваа песна со песната „Октомври“ на стр. 30. Забележи ги разликите на описите и расположението што го предизвикуваат двете песни.

## Создавај

☺ Напиши состав во кој ќе го сретнеш последниот лист и ќе разговараш со него. Како ќе го утешиш да не биде тажен? Како ќе постапиш со него?

## Биди креативен

☺ Собери повеќе пожолтени лисја со различни нијанси на бои, форми и големини. Стави ги помеѓу листовите на стар весник и притисни ги со некој тежок предмет. По неколку дена тие ќе бидат суви и мазни, погодни за лепење.

Со боички, на лист од блок, насликај едно дрво со оголени гранки и небо какво што е претставено во првата строфа. Откако бојата добро ќе се исуши залепи го листот што најмногу ти се допаѓа на некоја од гранките. Долниот дел од сликата прекриј ја со преостанатите жолти лисја. Така есента ќе ја внесеш и во твојата училница или во детската соба.

## Поврзи со наставата по Природа

- Кои листопадни дрвја ги има во нашите шуми?
- Прочитај и научи (од други извори на учење) зошто лисјата жолтеат и паѓаат.
- Збогати ја и својата енциклопедија со нови информации.

ПОГОДИ ШТО Е:
Во син бескрај гледав везден
дур не видов покрив ѕвезден.
( . . . . )

# ШТО Е НЕБОТО

Небото е бескрајно рамно игралиште
по кое се тркала жолтата сончева топка
во игра со балоните.

Небото е бескрајно рамно леталиште
по кое од утро до вечер летаат птиците
во натпревар со авионите.

Небото е кревет во којшто спијат облаците
и патека по која се гонат ветриштата,
небото е најголемата циркуска купола
под која ноќе приредби даваат соништата.

Небото е најчистото ленено платно
(ѕирни го, легнат в трева, низ гранки брезови!)
денот го ткае со златни сончеви нишки,
а ноќта по него везе ѕвездени везови.

**Видое Подгорец**

## Разговараме за содржината

- На што сѐ му личи небото на поетот?
- Што се жолтата топка и златните нишки, а што балоните?
- Зошто небото според поетот е најголема „циркуска купола“?
- Објасни зошто небото дење ткае, а ноќе везе?

## Размисли

☺ Што е навистина небото? До каде се простира? Може ли да го допрат авионите или вселенските бродови?
☺ Од други извори на знаење прочитај како го добива своето синило.

## Илустрирај и разговарај



Одбери една поетска слика од песнава што најмногу ти се допаѓа и илустрирај ја со техника по сопствен избор. Пронајди го другарчето што ја илустрирало истата поетска слика и разговарајте со него зошто сте ја избрале токму таа. Така меѓусебно ќе се запознаете подобро. Направете изложба од вашите цртежи.

# ЧАДОРЧЕ

Денеска видов и старо и младо
како покрај дождовните води
од киното до центарот до градот
убава, жива печурка оди.

На некои в грло им застана здивот,
некои од чудо шлапнаа води,
се чудеа на тоа печурче живо
како самото по дождот оди?

И како многу свет се збра на плоштадот
не водејќи сметка што врне, лие,
видоа дека тоа бил убав чадор
под кого Билјана од дождот се крие.

**Михо Атанасовски**



**Искажи ги своите впечатоци од песната**
- Зошто сите му се чуделе на чадорчето?
- Кој бил под чадорчето?
- Како ја замислуваш Билјана?
- Што постигнал поетот со пишувањето на една ваква песна за чадорчето?
- Што не му веруваш на поетот?

**Подготви прашања за следниве одговори на чадорчето:**
1. Многу му се лутам кога ќе ме фрли под креветот и не може да ме најде кога ќе му затребам. Тогаш мора да се вклучи и дежурниот детектив - мајка му.
2. Два-три пати досега, и тоа под неговата клупа в училиште. Но за среќа тетката што чисти секогаш ме враќаше кај мојот сопственик.
3. Најсреќен сум кога покрај мојот сопственик ќе заштитам од дождот и некое негово другарче што си го заборавило својот чадор.

✍ **Опиши** го твоето чадорче:
- дали ти е еден од омилените предмети што ги користиш;
- од кого го доби и колку време го поседуваш;
- неговата боја, евентуални шарки, рачката и механизмот за отворање;
- како се однесуваш после употребата;

✍ **Прочитај** им го составот на твоите домашни и на твоето другарче.

ПОСАКАЛА ШУТА РОГОВИ - ОСТАНАЛА БЕЗ УШИ!

- Поразговарај со другарчето на кои луѓе се однесува оваа народна поговорка.

# NAGRADA

Nekoj selanec našol bescenet kamen i go odnel kaj carot. Vlegol vo dvorecot i počnal da gi prašuva kako može da stigne do nego. Eden od slugite go prašal za pričinata za negovata poseta. Toj mu raskažal.

- Dobro, jas će mu kažam na carot za tebe, - mu rekol slugata - no ako mi dadeš polovina od ona što će ti go dade toj. Ako ne se soglasiš, nema da te puštam.

Selanecot mu vetil, a slugata go odnel do carevite odai. Toj go zel kamenot i go prašal:

- Kakva nagrada sakaš da ti dadam, selanecu?

- Daj mi pedeset stapovi - odgovoril selanecot. - Drugo ništo ne sakam za nagrada. Takov beše dogovorot so tvojot sluga, po polovina da si ja delime nagradata. Mene će mi udriš dvaeset i pet, a i nemu isto tolku - dvaeset i pet.

Carot se nasmeal i go nabrkal slugata, a na selanecot mu dal iljada rubli.

**Lav Nikolaevič Tolstoj**

**Прочитај и одговори писмено**

- Зошто селанецот сакал да влезе кај царот?
- Под кој услов му помогнал еден од царевите слуги?
- Каква награда побарал селанецот од царот? Зошто?
- Како постапил царот?
- Кога се случило дејството во приказната?
- Со кој лик од приказната ќе ја поврзеш горната поговорка?

**Определи ги ликовите**

- Кои ликови ги сретна во оваа приказна?
- Кој е главен лик?
- Какво мислење имаш за слугата?
- Кој е: алчен - _____; мудар - _____; праведен - _____.

(Запиши во тетратката.)

- Кажи уште две особини за алчниот слуга.

**Задачи**

- Писмено прераскажи го текстот во тетратката при што ќе пишуваш со ракописна латиница.
- Нацртај селанец и цар.

# РАДИОЕМИСИЈА

**Размисли и потсети се**

- Каква е разликата помеѓу радиото и телевизијата?
- Какви детски радиоемисии си слушал?
- Во кое време од денот се емитуваат тие?
- Што емитуваат **детските музички емисии**?



**Откриј**

- Ислушајте на часот една снимена **детска радиодрама**.
- Дискутирајте за содржината и начинот за карактеристиките на радиодрамата.
- Освен говорот на актерите, што придонесува да добиеш целосна претстава за времето и местото на случувањата?



**Заклучив**

За да ја доживеам и разберам радиодрамата ми помогнаа следниве нејзини елементи:
- **говорот на глумците;**
- **музиката** и
- **звучните ефекти** (чекори, отворање врата, ветер, кршење стакло, гласови на животни и сл.).

**Креирајте сами**



Во одделението подгответе една **радиоигра**. Како сценарио може да ви послужи некој драмски текст од учебникот, од детскиот печат или од некоја книга.

Изберете актери што ќе го научат текстот за улогите.

Некој од вас нека одбере и пушта музика со соодветна јачина според потребите на драмската игра.

Потребни се и неколкумина што ќе произведуваат различни звучни ефекти за да го дополнат доживувањето на слушателите.

Откако ќе ја усогласите играта, снимете ја и емитувајте ја во одделението. Доколку ви се допадне, понудете ја на училишната радиостаница. Веројатно ќе им се допадне и на останатите соученици од вашето училиште.

**Препорака**

- Слушајте што почесто **детски музички емисии**: дома, на одморите меѓу часовите и на часовите додека цртате или креирате некоја рачна изработка. Музиката ќе ве инспирира и релаксира.

# ЈАС, ПА ЈАС

Да ве потсетиме на личните заменки - ЈАС, ТИ, ТОЈ, кои секојдневно ги изговарате. Но, дали ги изговарате како што треба?

Вие имате ваши другарчиња, кои не можат без она - ЈАС, ПА ЈАС!

На пример: - Вчера јас и Драган бевме на прошетка низ градот.

А тоа, не е културно, - не е по бонтон. ЈАС не треба да биде пред името на другиот, за кого се зборува. Патем речено, при разговорите внимавајте тоа - ЈАС, ЈАС... што помалку да го употребувате.

Исто така, кога играте, кога се забавувате, немојте вашето ЈАС, секогаш да биде пред, или по другите другари. Ако вашиот збор бил прв, не мора да биде последен. Па дури и ако сите ви признаат дека сте „џек“ - „дармар“ за сѐ, немојте да се држите како „пијан за плот“, на тоа свое ЈАС, ПА ЈАС!

Таквите „самобендисани“, како што вели народот, не се омилени во друштвото, иако самите мислат дека се. Зошто не се омилени? Затоа што тие го сакаат само своето - ЈАС! Тие понекогаш ги фалат и другите, но само затоа што тие нив ги фалат.

Но, на сѐ има крај, па и на тие - ЈАС, ПА ЈАС! Еден ден, таквите, ги губат своите другари. А тогаш „го спуштаат носот“ како да им пропаднало ќесето. Но, веќе е доцна.

Затоа треба да се знае:

Другарството не е само - ЈАС! Туку - НИЕ!

**Наум Попески (Од книгата „Бонтон за деца“)**



**Доживување на содржината**

- Зошто писателот укажува дека при зборувањето треба да ги користиме сите лични заменки?
- Кои луѓе се наречени „самобендисани“?
- Објасни како ги разбираш последните реченици од овој текст.



**Запомни:**
Убавото однесување уште се нарекува и бонтон. Тоа со себе носи многу предности во животот.

**Изразување и творење**

- Од досегашното твое искуство и од разговори со повозрасните запиши неколку правила на убаво однесување.
- Направете одделенска бонтон-листа и закачете ја на видно место, да ве потсетува.
- Раскажи едно свое доживување во кое убавото однесување ти донело среќа и радост на душата.

**Примени**

☺ Осмислете и изведете драмска игра на тема „На гости“ во која ќе ги примените правилата на убавото однесување.
☺ Формирајте неколку групи во кои ќе има домаќини и гости.



**Предлог**

- Организирајте литературна средба во одделението со писателот Наум Попески (или некој друг) и поразговарајте со него. Така ќе имате можност лично да го запознаете и да разберете повеќе за неговиот живот и творештво.

- Кои се учесници во сообраќајот?
- Како е воспоставен редот во него?

# СООБРАЌАЈНА ГРЕШКА

Пред неколку дена, другарчиња да ви кажам, јас направив голема грешка. Навистина, не ве лажам! Можеби и некој од вас се нашол во ситуација иста, пред вас вистината ја кажувам за да ми биде совеста чиста. Направив сообраќајна грешка и за малку одбегнав несреќа тешка. Дури и сама не знам како се случи, но кога на тоа ќе се сетам и денес главава ми бучи.

Станав, појадував и тргнав в училиште како секој ден, ама тој ден беше поинаков - мене ми беше роденден. Одејќи по тротоарот гостите што ќе ги поканам почнав да ги бројам и притоа заборавив дека на крстосницата пред семафорот треба да стојам. Црвеното светло признавам не го ни забележав, со очите како да мижев додека преку коловозот се движев. Роденденската торта пред мене ја замислував, а на опасноста и не помислував.

Претпостави што би можело да му се случи на детето кога поминало преку улицата додека семафорот покажувал црвено светло. Својата претпоставка запиши ја во тетратката. Потоа продолжи да го читаш расказот.



И наместо роденденска песна, слушнав како нешто тресна. Сирена, кочница чкрипна, пред мене човек рипна. Во раце ме крена, на тротоарот ме стави, а потоа веднаш во Брза помош се јави. Наоколу видов загрижени лица, а во семафорот удрено комбе што разнесува пица.  За среќа само браникот на возилото беше скршен, а возачот жив и здрав. Дури тогаш сфатив што се случи и ме спопадна страв.

Се срамев, главата ја веднев пред човекот што ми помогна, а и пред возачот кој за да не удри во мене удри во сообраќајниот знак. Тој ми пријде, ме погали по главата загрижено и учтиво ме замоли:

- Дете, денес имавме голема среќа! Во иднина внимавај добро штом се движиш по улица, низ сообраќајна врвулица.

По кратко време дојде и сообраќајниот полицаец и наместо да ме искара, да ме направи лом, тој лично ме однесе во мојот дом. На татко ми му раскажа сè по ред, со зборови културни и благи како мед.

Бев збунета што никој не ми се лути, дури и брат ми молчи, ќути. Очекував некој да ме искара и вината во мене да ја бара. Но, наместо критика тешка се отвори дискусија за мојата грешка. И заклучок донесовме ние: секој учесник во сообраќајот треба да внимава, а не да „спие“. Поради вакви пропусти „мали“ може целиот живот некој да жали. Да се научат сообраќајните правила и знаци не е задача тешка, а во сообраќајот за пешаците и возачите може да биде трагична секоја грешка.

**Љиљана Атанасова**

Спореди ја претпоставката со она што навистина е раскажано во содржината.

Точно ли претпостави ти? А твоите другарчиња? Кој беше најблиску?

## Разговараме за содржината

- По што можеш да заклучиш дека сообраќајната незгода му се случила на раскажувачот?
- Што е причината за овој немил настан?
- Зошто луѓето што во моментот го виделе настанот имале загрижени лица?
- Како се нарекува оној што со свои очи видел некој настан ?



## Размисли, заклучи и образложи

- Зошто детето било засрамено?
- Која е причината што не го искарале за грешката?

**Задачи**

- Препиши го и објасни го со свои зборови заклучокот што го донело семејството.
- Дома прераскажи ја содржината на расказот така што ќе ги искористиш зборовите и нивното поврзување во оваа призма.




**Креирај сам**



За некои содржини и од другите наставни предмети што ги изучуваш може да изработуваш ваква призма. Така подобро и полесно ќе ги поврзуваш фактите и ќе ја разбереш и запомниш содржината. Обиди се, не е тешко!

**Јазична вежба**

- Издвој ги именките од текстот и определи го родот на секоја од нив.


НЕ Е БОГАТ ТОЈ ШТО ИМА МНОГУ,
ТУКУ ТОЈ ШТО ДАВА МНОГУ

- На каков вид приказна те потсетува изразот златно клуче? Што може да се отвора со него?

# ЗЛАТНИОТ КЛУЧ

Била зима, дебел снег ја покрил земјата, а едно сиромашно момче требало да отиде во гората по дрва. Отишло тоа, собрало суви прачки и ги натоварило на санката. Но, бидејќи било многу премрзнато, решило да запали огин, да се нагрее и потоа да се врати назад во селото. Го порасчистило снегот за да накладе прачки, но одеднаш на земјата видело златен клуч.

„Штом најдов клуч, секако ќе најдам и клучалка“ - си рекло момчето.

Ја поразровило стврднатата земја и извадило едно железно ковчеже.

„Само да се фати клучов! - си рекло момчето. - Во ковчежево сигурно има богатство“.

Долго барало и најпосле ја открило клучалката, која била толку малечка, што одвај се гледала. Го ставило клучот и тој се фатил. Потоа го завртело еднаш.

Сега ќе треба да причекаме, додека не отклучи сосем и додека не го крене капакот. Тогаш ќе дознаеме какви чуда имало во ковчежето...



**Браќа Грим**

## Размисли и објасни

- Што би можело да најде момчето во ковчежето?
- Што би сакал ти да најдеш доколку си на местото од момчето?
- Објасни зошто токму тоа го сакаш?

## Состави крај на приказната

- Најпрво прераскажи ја писмено содржината на приказната и состави крај според својата замисла. Напиши што сакаш да најде во ковчежето сиромашното момче за да не треба повеќе да оди по дрва во гората.
- Не заборавај дека бајките имаат среќен крај и во нив сè е можно.

## Продолжи дома

- Замисли си дека ти си пронашол ковчеже во кое имало некаква книга. Таа книга може да те доведе до убав и достоинствен живот. Започни го писмениот состав така и продолжи да раскажуваш. Тоа ќе биде многу интересно за тебе и за сите што ќе го слушнат твојот состав.

ОДГАТНИ ЈА ГАТАНКАТА
Што имаше еден бел покрив, сè покрива,
само Вардар не го покрива. (_ _ _ г)

# СНЕГОТ Е УБАВ



Снегот е убав
кога во ноќта
на прозорецот тихо ќе слета.
Снегулки кога по цел ден веат
и бела постелка плетат.

Снегот е убав
кога ќе падне
на топла детска дланка.

Потоа,
кога ќе летне по него
брза,
стреловита санка.

Најубав е кога ќе стигне
од ветрот носен, на зацрвенето
детско носе!

**Васил Мукаетов**

## Да разговараме

- Зошто го сакаш снегот?
- Зошто е убав снегот? Одговори со свои зборови, а потоа прочитај како тоа го кажува поетот.
- Поради која причина го сакаш ти најмногу снегот? Прочитај ја строфата каде што е искажана таа причина. Кои зимски игри ги сакаш најмногу? Зошто?

**Раскажи** едно твое снежно доживување.

## Забележи

- Какви особини им дал поетот на снегот, снегулките и санката?

❄ Снегот ќе слета --------------------------- (птицата слетува - снегот паѓа)
❄ Снегулките бела постела плетат------------- (плетачките плетат - снегулките се трупаат една врз друга)
❄ Санката ќе летне ----------------------- (птицата лета - санката брзо се лизга)

- Зошто луѓето носат капа на главата и во лето и во зима?
- Какви видови капи има?

# ТАКВО ДЕТЕ

Тоа дете милуваше со снежни топки да им ги симнува шапките на минувачите. Ќе направеше дваесетина топки, ќе се скриеше зад оградата и чекаше. Ќе ги пропуштеше девојчињата и жените со шамии, децата и луѓето со беретки и качкети, а ги гуткаше само оние со шапките.

Такво дете беше.

Луѓето се веднеа, си ги земаа шапките и викаа:

- Кој е тој разбојник? Човек не може мирно да помине по улицата. Треба да се казни!

На детето сето тоа му беше смешно и се смееше.

Такво дете беше.

Утринава помина еден старец. Детето нанишани и му ја кутна шапката. Старецот се наведна, мрморејќи и обидувајќи се да ја фати шапката. Но се лизна и падна. Застенка. Детето одеднаш истрча пред старецот, ја зеде шапката и му ја подаде.

- Ти си добро дете. Не си како она што ми ја кутна шапката. Добро дете си ти!

**Драган Лукиќ**



### Ја разбирам содржината

- Кои видови шапки детето ги симнувало со снежни топки од главите на луѓето?
- Зошто постапувало така?
- Кога станало свесно за последиците од својата постапка?
- Објасни кои луѓе се разбојници и зошто луѓето така го нарекувале детето?
- Што ти кажува насловот на расказот „Такво дете“?
- Можеш ли да разбереш какво мислење има авторот за детето?

### Искажи го и одбрани го своето мислење

- **Организирајте дискусија** по следниве прашања во која треба активно да учествуваш и да го одбраниш своето мислење:

❄ Детето е лошо/добро.

❄ Во право се/не се во право луѓето што мислат дека треба да се казни детето за својата непромислена постапка.

❄ Старецот знаел/не знаел дека друго дете го крева.

- Има ли разлики во размислувањата на другарчињата?
- Зошто разликите треба да се почитуваат?

### Избери си задача - твори самостојно



- **Прераскажи** ја содржината на текстот така што **крајот ќе го измениш** според своја замисла.
- **Раскажи** го ова доживување како ти да си детето што ги кутнува шапките. Посебно треба да кажеш како се чувствуваше од упатените зборови на старецот.
- **Раскажи** едно слично твое доживување.
- **Претпостави и напиши** што можело да му се случи на старецот при падот и какви би биле последиците.

- Потсети се што е сказна.

# НОВОГОДИШНА СКАЗНА

Колку Новата година повеќе наближуваше, толку забрзаноста во снежните облачиња растеше.

Куќичките на малите снегулки ечеа од нивното подготвување за големиот празник. Ги вршеа последните подготовки. Се трудеа да изгледаат најубаво. Зашто можеби оваа година Дедо Мраз токму нив ќе ги одбере да ги земе со себе. И со нив да тргне кон Земјата. Каков блескав успех би доживееле тогаш!...

Времето за тргнување дојде. Дедо Мраз ги впрегна златните санки.

- Можеме да тргнеме! - извика весело. Неговиот глас одекна низ целата небеска шир.

Снегулките побрзаа. Застанаа в ред.

Кон насмевнатиот старец први пристапија оние со сјајни дијадеми, накитени со скапоцени камења. Со облеки од најскапи ткаенини.

- Со што новогодишната ноќ најмногу ве восхитува? - ги праша Дедо Мраз.

- Со тоа што луѓето ќе се променат во најубава облека. Ќе се накитат и украсат, да ти е милина да ги гледаш. Нема ништо поубаво кога си раскошно облечен.



Дедо Мраз се намурти.

- Тогаш среќен пат! Побрзајте, но само без мене! - и ги испрати со незадоволно лице.

Веднаш по нив кон него пристапија снегулките со најрумени обравчиња, оние полничките, со заоблена половина.

- Со што новогодишната ноќ најмногу ве восхитува? - ги праша и нив Дедо Мраз.

- Со тоа што луѓето ќе изнесат на трпеза најубави јадења и ќе уживаат гостејќи се. Зашто нема ништо поубаво од тоа слатко да се најадеш.

- Среќен ви пат! Побрзајте, но никако со мене! - Дедо Мраз ги испрати и нив. Одвај се воздржа да не ја покаже лутината.

Потоа кон добриот старец пристапија снегулките што најмногу сакаа да тргуваат и да купуваат сè и сешто.

- Со што новогодишната ноќ најмногу ве восхитува? - им го упати и ним Дедо Мраз истото прашање.

- Со тоа што луѓето не штедат на ништо. Ќе си набават сè што им причинува задоволство. Џебовите им се полни со пари, а нема ништо поубаво од тоа да си богат.

- Среќен ви пат! Побрзајте, но само подалеку од мене! - и Дедо Мраз не можеше веќе да ја задржи својата лутина.

- Не ги поднесувам оние што парите им значат сè во животот - извика гневно, зашто мислеше дека само долу на Земјата постојат алчност и желби за богатство...

И на следните снегулки им го постави истото прашање.

Едните одговараа дека најмногу ги восхитуваат подароците. Другите се восхитуваа на славата, моќта и друго.

И така, роеви снегулки поминаа покрај Дедо Мраз. Тој ги испраќаше кон Земјата, а самиот остануваше на истото место.

Со солзи во очите помисли дека оваа година ќе слезе сам, без милите внучки. А тоа навистина не е весело...

Најпосле му пријде и последната група разиграни снегулки.

- Со што новогодишната ноќ најмногу ве восхитува? - ги праша безнадежно и нив.

- Со тоа што луѓето се радуваат очекувајќи ја Новата година и новите успеси. Нема ништо поубаво од радоста.

Дедо Мраз воскликна од задоволство. Очите му светнаа. Сиот среќен и насмевнат извика:

- Браво! Браво, мили дечиња! Токму тоа сакав да го слушнам. Токму тоа. Ајде! Дојдете брзо! Седнете до мене! Да побрзаме! Новата година само што не настапила.

..........................................................................................

**Нада Зекманова-Јакимова**

## Доживување и анализа на содржината

- Читај ја во себе бајката и со моливче обележи ги шесте логички целини.
- Прераскажи ја првата логичка целина - како се подготвувале снегулките за патување во новогодишната ноќ?
- Откривај ја од секоја целина причината поради која Дедо Мраз не сакал да ги поведе на Земјата снегулките. Запишувај во тетратката.
- Пронајди го и препиши го одговорот на последната група снегулки и објасни зошто Дедо Мраз се израдувал.

## Откриј го карактерот на Дедо Мраз

✍ Пронајди и препиши три реченици од сказната со кои ќе потврдиш дека Дедо Мраз:
- е добродушен;
- ги сака луѓето;
- се радува кога луѓето се радосни и среќни;
- не ги сака алчните и желните за богатство.

## Изрази го своето мислење

- Што те восхитува тебе најмногу во новогодишната ноќ?
- Запиши ја својата новогодишна желба.
- Кога ти би бил Дедо Мраз кои снегулки би ги повел со себе? Зошто?

## Создавај



- Точките во последниот ред покажуваат дека оваа новогодишна сказна не е довршена. По своја замисла и желба продолжи да раскажуваш во тетратката според насловот: **Дедо Мраз пристигна со снегулките**. Ако сакаш, можеш да смислиш и сопствен наслов за својата творба.
- **Постави** му три **прашања** на Дедо Мраз. Запиши ги во тетратката.

- Кои верски празници ги очекуваш со радост и зошто?
- Како се празнува Бадник во твоето семејство?

# ЧОВЕК УЧИ ДОДЕКА Е ЖИВ

Кој што сака нека мисли, ама баш за ништо не сум крив! Има право дедо кога вели: „Човек учи додека е жив...“ И за тоа ви велам - ич не ми е мака. А сè започна еве токму вака...

На Бадник пред секој Божиќ, нели - лепче со паричка се дели? Во сечиј дом, па и кај нас тоа си е семејна традиција. Но, годинава јас ја „заплеткав“. Си признавам, еве и без полиција...

Што ме натера тоа да го сторам?

Добро, ќе ви кажам ако веќе морам...

Пет-шест години по ред, Бадник кога доаѓа, паричката секогаш кај сестра ми се наоѓа! Да е еднаш или два-три пати, тоа некако и може да се сфати. Но пет-шест години тоа да се случува, некој друг „господ“ , значи за тоа одлучува!...

А сестра ми и баба ми се во трајна „коалиција“, па сигурно ја лажираат бадниковата традиција. Но и „бате“ Васко не пасе трева, па цели пет години не крева врева!

„Доста ви беше, пријателки мои! “...

Тоа си го реков и ваков план си скроив:

Кога дедо почна над трпезата да се крсти, си сокрив едно денарче в дланка, меѓу прсти. А кога на сите од лепчето им даде и пред некој да почне да јаде, во моето делче паричето го пикнав и божем изненаден на сет глас викнав:

- Еве гооо!

Па им го покажав паричето на дело.

- Штооо?!? - списка сестра ми и смурти чело...

- Доста ти беше - ѝ вратив - петгодишната привилегија. Среќата ја смени, сестро, својата „стратегија“!

Ќе ѝ кажев уште нешто, но ме пресече дедо:

- Нека ти е со среќа, имаш право чедо!

А баба:

- Конечно и тебе, Васко ти дојде редот!...

Ме бакна мама, ми честита тато, сал сестра ми лута го истегна вратот.

Ја виде баба и почна да ја теши:

И среќата, Зорке, знае да згреши...

Дедо ме погледна и почна да се смешка:

- Ај јадете - рече - сè си е без грешка! - Како никогаш досега ни е богата трпезата!

Баба ми, пак, списка:

- Ми отиде протезата! Леле, леле, луѓе од болка ќе „шизнам“! Што ли ќе е ова во лепчево што го гризнав!?

Што гризна баба, јас веднаш сфатив, па побргу од стрела - магла надвор фатив...

Баба си доби нова протеза по Бадник. Ама и јас си добив нешто од тато по мојот задник...

И сега не е важно кој колку е крив. Та нели човек учи додека е жив?

**Киро Донев**




### Збогати го својот речник:

Забележа дека некои зборови писателот ги ставил под наводници. Разгледај го нивното основно значење, па ќе ти стане јасно зошто е тоа така.

**коалиција** - здружување, сојуз
**лажирање** - местење
**привилегија** - предност
**стратегија** - воен план, воена вештина
**ќе „шизнам“**- ќе побудалам (уличен израз, нестандарден)
**традиција** - пренесување обичаи и правила на однесување од колено на колено.

**Што научил Васко?**

- Каков сомнеж имал Васко?
- Образложи зошто неговиот сомнеж бил неоправдан.
- Кај кого навистина паднала паричката? Како дозна?
- Какви биле последиците од постапката на Васко?
- И на крајот, што научил Васко?



**Потсети се**

Што е **рима**? Веројатно забележа дека римата има своја улога и во прозните текстови. Која е нејзината улога во овој хумористичен расказ? Откриј ги римуваните зборови од овој текст и запиши ги со ракописни латинични букви во тетратката.

**Задачи:**

☺ **Усно раскажи** како во твоето семејство го празнувате Бадник.

✍ **Писмено опиши** ја онаа бадникова вечера кога кај тебе се паднала паричката.

☝ **Моделирај сам** од тесто бадникова погача. Украси ја со детали (крст, цветови, пилиња, зајачиња...)

**Совет:** Тестото за моделирање се замесува со брашно, поголема количина сол и малку студена вода. Така нема да биде лепливо, побрзо ќе се суши и нема да испука.



**Научи повеќе** за христијанските традиционални обичаи преку разговор, радио или ТВ-емисии и интернет-пребарување. Запознај традиционални обичаи и на други религии и откриј ги сличностите и разликите.

- Што е водоскок? Објасни му на другарчето.

# КРАЈ ВОДОСКОК ЗЕЛЕН

Вечерва секој е бескрајно среќен,
срцата в гради се каранфил-цвеќе.
Весело сè е до доцна доба
крај водоскок зелен
бликнат во соба...

Додека надвор ветерот вее
и бело брашно од облаци сее
песна во песна без почин се гласи
крај водоскок зелен
ноќта што ја краси.

Годината нова од далеку иде -
гостинка мила таа ќе ни биде -
најубави желби шепотат сите
крај водоскок зелен,
крај водоскок китен...

**Душко Аврамов**



## Откривај

- За каков водоскок поетот пее во оваа песна?
- Објасни ја сличноста на елката со вистинскиот водоскок.
- **Сликарот** создава слики со **боја**, а **поетот** со **зборови**.
- **Одреди** на која строфа одговараат наведениве **поетски слики**:
  - Бескрајна среќа крај елката.
  - Цела ноќ со песна.
  - Новогодишни желби.

## Создавај



**Изработи** новогодишна елка од три триаголни парчиња хартија со зелена и едно правоаголно парче хартија со кафеава боја. Пред да ги залепиш на поголем лист, со обид откриј како треба да бидат поставени за да ја добиеш саканата форма. Исечи и кругови во различна боја што ќе ги залепиш на елката како лампиони. Доколку во секој лампион напишеш по една новогодишна желба постои можност некои од нив да ти се исполнат.

- Што мислиш, кои желби може да ти се исполнат?

## Честитај

✍ Не заборавај да ги испратиш новогодишните честитки на твоите драги личности кои живеат во други места или држави. Напиши ги убаво, адресирај ги правилно и пушти ги во поштенско сандаче или однеси ги во најблиската пошта.



## Искажи се

❄ Направи попис на твоите новогодишни желби во ваква табела што ќе ја нацрташ во твојата тетратка. Внеси ги желбите коишто очекуваш да ти се исполнат лесно, желбите кои ќе ти се исполнат малку потешко и оние кои би ти се исполниле најтешко. Образложи што треба да направиш за да ти се исполнат некои од твоите желби. Потруди се тоа да го направиш!

| Моите новогодишни желби | | |
|---|---|---|
| лесно | потешко | најтешко |
| | | |

# ЈА ПРОДОЛЖУВАМ ТРАДИЦИЈАТА

- Во зимскиот период се прославуваат најубавите христијански празници. Секое семејство ги прославува според обичаите што ги наследиле од своите баби и дедовци. Некои семејства имаат и свои домашни слави на кои се оддава посебна почит на светецот што се смета за заштитник на домот и семејството.

## КОЛЕДИЦА МЕЛЕДИЦА

Коледица, меледица,
еднаш ми е во година
како цвеќе во градина.

Коледе, бабо, коледе!
Дај ми едно костенче,
едното за мене
другото за брат ми.

**(Битолска детска коледарска песничка)**



**Разговарај и запиши**

- Кога се празнува Коледе?
- Која коледарска песна се пее во твојот крај?
- Запиши ја коледарската песна што ја знаеш.
- Некој постар член од семејството нека ти раскаже за значењето на еден од зимските празници и начинот на прослава на истиот.
- Запиши во тетратката и прочитај пред твоите другарчиња.

Камeново срце, олово,
денес беше школово:
час по руски -
сите деца гуски;
час по математика -
некој фрли патика;
час по историја -
сите се изморија;
час по биологија -
ура, ура, ура,
наставникот доби температура,
сто триесет и девет
и падна во кревет!

**Детска залагалка**

**Досети се**

- Какви песни се детските залагалки? (Одговорот се крие во нивното име)

# ПРОВЕРИ ГИ СВОИТЕ ЗНАЕЊА

Препиши го текстот во тетратката со македонска ракописна латиница.
Одговорите пак, пишувај ги со кирилично писмо.
При решавање на секоја од задачите, прочитај го внимателно текстот.

## ЗИМА

Во декември зимата пристигна со сета нејзина убавина. Нејзиното доаѓање го најавија безбројните снежинки што непрестајно се пластеа во дворот.

Аце ги гледаше од прозорецот и им се радуваше. Тие беа светкави и бели. Нежно слетуваа на земјата како мали падобранци. На снегот му се радуваа и десетина деца од улицата. Со дрвените санки се упатија кон оголениот рид. Се радував и јас.

Само петте врапчиња на тревникот беа тажни и исплашени. Ги чепкаа последните кафеави грутчиња земја и бараа храна...

- Кој го најавил доаѓањето на зимата?
- Покрај Аце, кој уште му се израдувал на првиот снег?
- Зошто врапчињата биле тажни и исплашени?
- Пронајди ја споредбата и препиши ја.
- Подели ги на слогови следниве зборови: зима, убавина, снежинки, паднаа, прозорецот.
- Подреди ги именките по вид во ваква табела:

| Конкретни именки | Апстрактни именки |
|---|---|
| | |

- Во секоја група именки по една не припаѓа на тој род. При препишувањето, смести ја во редот со соодветниот род:

| | |
|---|---|
| Машки род | дворот, Аце, прозорецот, убавина, снегот, рид, тревникот |
| Женски род | зимата, падобранци, снежинки, земјата, улицата, санки |
| Среден род | деца, врапчиња, храна, грутчиња |

- Препиши ги шесте именки што се во множина.
- Пронајди ги и препиши ги личните заменки.
- Препиши ги и описните придавки.

# БРЗ КВИЗ

- Овој квиз организирајте го на часот со вашиот учител. Секој нека си подготви три картончиња со можните одговори: А, Б и В. Откако учителот ќе ви го постави прашањето и на табла (графоскоп) ќе ги напише трите можни одговори, на дадениот знак секој нека го подигне картончето со буквата што се совпаѓа со точниот одговор.
- Точниот одговор запишувај го во тетратката!

**1. Во македонскиот јазик согласки има:**
а) 26
б) 27
в) 5

**2. Кој збор не е правилно поделен на слогови?**
а) ис-пла-ше-ни
б) во-јво-да
в) не-ак-ти-вен

**3. Која именка е од среден род?**
а) дедо
б) село
в) кола

**4. Која именка не е од женски род?**
а) радост
б) камен
в) птица

**5. Зборовите: милост, жал, љубов, смеа и чувство се:**
а) конкретни именки
б) сопствени именки
в) апстрактни именки

**6. Во множина се именките:**
а) цвеќе, трева, пат
б) коли, сенки, заби
в) јагне, поток, топка

**7. Стандарден (литературен) јазик е оној што:**
а) се користи во некои делови на земјата
б) го сретнувам во народните творби
в) има утврдени правила и нив секој треба да ги почитува

**8. Кој глагол го покажува означеното време?**
а) научив - минато време
б) ќе дојде - сегашно време
в) читаме - идно време

**9. Кој глагол не покажува идно време?**
а) ќе патувате
б) отпатувавте
в) ќе патуваат

**10. Описни придавки се:**
а) дрвена, стаклено, волнен
б) бели, висок, добра
в) градски, речен, бабино

## Оцени се сам

- За секој точен одговор добиваш по еден бод. Собери ги бодовите и утврди дали доволно си го совладал материјалот од првото полугодие.
- Дали си задоволен од вкупниот број на бодови?
- Што треба да направиш за да бидеш задоволен?

# ДВА ЛЕШНИКА ЕДЕН ОРЕВ КРШАТ



- Кои се твои најдобри другари/ки?
- Што прославуваш заедно со нив?

# ЗАЕДНО ПРОСЛАВУВАМЕ И ДРУГАРУВАМЕ

**Лица: Аница, Алејна, Ајсу, Африм, Марко, Ален**
**(Првата сцена претставува парк меѓу станбените згради. Таму е зборното место на кое се чекаат другарчињата по завршувањето на часовите)**

АНИЦА: Ех, колку се изморивме денес на училиште! **(си ја брише потта од челото)**

АЈСУ: Навистина, пет часа и не се малку за четвртоодделенци.

МАРКО: Не се малку, ама не се ни многу. За миг заморот ќе го снема кај нас, зарем не?!

АЛЕЈНА: Да, ќе се одмориме кај мене. И заедно ќе прославуваме, како што веќе се договоривме.

АФРИМ: Леле, јас заборавив да им кажам на моите родители!

АЛЕЈНА: Ајде, побрзај! Не грижи се, ќе те причекаме да се вратиш овде и заедно ќе појдеме кај мене. Моите родители веќе нè очекуваат. **(го вади мобилниот телефон и им соопштува на родителите за задоцнувањето)**

АНИЦА: Те молам Алејна, додека го чекаме Африм раскажи ни какво е значењето на празников што денес го прославувате.

АЛЕЈНА: Во муслиманската религија има два големи верски празници: Фитр Бајрам и денешниов Курбан Бајрам. За Курбан Бајрам се коле домашно животно, што претставува курбан. Дел од месото останува во домот, а останатото им се подарува на семејствата кои се посиромашни и не можат да заколат курбан.

АЈСУ: Двата празника се базирани на хуманост. За Фитр Бајрам секое поимоќно семејство дава дел од своето богатство како парична помош за сиромашните.

МАРКО: Како започнува празнувањето?

АЛЕН: Обичај е рано наутро, пред да изгрее сонцето, мажите да отидат во џамија. За тоа време жените дома ја подготвуваат празничната трпеза. Кога мажите ќе се вратат, семејството има заеднички појадок.

АНИЦА: Да, и ние одиме во црква за Божиќ и Велигден. А какви јадења подготвуваат вашите мајки?

АЈСУ: Секакви, од убави-поубави. Сепак, баклавите се на прво место. Неизоставно ги има во секој дом.

АЛЕЈНА: Потоа цел ден се оди на гости и се пречекуваат гости: роднини, пријатели, соседи, другари...

АФРИМ: Еве ме другарчиња, се вратив! **(задишано им довикува оддалеку приближувајќи им се)** Од кај Алејна одиме кај мене, да знаете!

АЈСУ: Е, не може така! Ќе одиме кај мене.

АЛЕН: И кај мене!

АНИЦА: Добро, не расправајте се. Воопшто не е значајно кај кого сме, ами заедно да сме. Убаво е кога меѓусебно се разбираме и се почитуваме. Ама, не можеме во еден ден да стасаме кај сите. Зарем заборавивте дека имаме и домашни задачи?!

МАРКО: Во право си. Овој Бајрам сме кај Алејна, а за следните ќе се договориме. Има ден за сите! **(се шегува со насмевка на лицето)** А за Божиќ сите заедно ќе прославуваме кај мене!

АНИЦА: Тогаш, Велигден ќе биде кај мене, нели?!

АЛЕН : Убаво е кога има со кого да ја споделиш радоста и љубовта. Среќен сум што имам вакви другари!



АЈСУ: И јас исто така, а верум и останатите. Сите сме од различна националност, а прекрасно другаруваме. Замислете: Македонец, Србинка, Турчинка, Албанка и Бошњак се најверни другари.

МАРКО: Тоа не е важно. Сепак ние сме едно исто, ние сме деца. Исто се радуваме, исто се смееме, исто плачеме....

АЛЕЈНА: Ех, ако вака продолжиме ќе пропадне прославата. Ајде да побрзаме додека сѐ уште има од баклавите!

**(Аница, Алејна, Ајсу, Африм, Марко и Ален весели и насмеани се упатуваат кон зградата во којашто живее семејството на Алејна)**

**Зулејха Исени - ученичка**
(Превод: Шкендије Ала)

## Препознавам

- Според што препознаваш дека овој текст е **драмски**?
- Каква функција има текстот напишан во заградите?

## Донеси заклучок

- Кое дете на која религија ѝ припаѓа?
- Алејна, Ален, Африм и Ајсу ги поканувaат на гости своите другарчиња во ист ден. Кој е поводот за тоа?
- Што научиле Аница и Марко за празникот Бајрам?
- Зошто Аница и Марко планираат да ги поканат другарчињата на Божиќ и Велигден?
- Каква е разликата меѓу најголемите муслимански и христијански празници?
- Кои се сличностите на празнувањата?

## Задачи

- Вежбајте да го читате драмскиот текст по улоги.
- Подгответе се за драмска игра:
  - Изберете еден ученик што ќе ги организира пробите и претставата - режисер.
  - Определете ги актерите што ќе ги играат (толкуваат) ликовите.
  - Највештите ликовни творци од одделението нека ја осмислат и подготват сцената.
- Изведете ја драмската игра пред соучениците од помалите одделенија кои ќе бидат ваша публика и ќе ве наградат со аплауз.
- Потсети се која театарска претстава си ја гледал во театар или на ЦД.

## Запознај се и честитај

- Распрашај се кога е муслиманскиот празник Бајрам (Фитр или Курбан).
- Договорете се со твоите другарчиња и посетете го домот на едно ваше другарче од муслиманска вероисповед.
- Честитајте им го празникот и запознајте се со нивните обичаи.

# ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА



**Потсети се и дополни го знаењето**

- Веќе знаеш дека **театарската претстава е драмски текст подготвен и изведен на сцена.**
- Како се вика културната институција каде што се подготвуваат и изведуваат театарските претстави?
- Местото каде што се изведува театарската претстава се вика _____.
- **Актери (артисти, глумци)** се луѓето кои на сцената ги играат (ги толкуваат) ликовите од драмскиот текст.

**Искажи го и образложи го своето мислење**

☺ Театарската претстава е најинтересна ако се гледа во театар.

☺ Театарската претстава подеднакво е интересна ако е снимена на ЦД или изведена на друга сцена надвор од театарот.

**Задачи**

- Со родителите или организирано со одделението посетете една театарска претстава што се изведува во театар. Ако нема во вашиот град, посетете театар во најблискиот град каде што има.
- При подготовките за одење, утврдете правила на однесување што секој е должен да ги почитува.
- Договорете се со некој од вработените, пред или по претставата, да ви ги покаже просториите во театарската зграда и да ви ја каже нивната намена.
- **Писмено раскажете** го вашето доживување на претставата. При раскажувањето употребувајте ги и новонаучените театарски поими: **театарска претстава, сцена, сценографија (како беше уредена сцената), глумци (актери, артисти), театарски костими, ликови, театарска публика.**
- **Размисли и размени го мислењето** со другарчето која е разликата меѓу артистите од филмот и артистите од театарската претстава.





- Кажи ги имињата на месеците според календарот.
- Како се вика календарот кој го користиме?

# ПЕСНА ЗА МЕСЕЦИТЕ

Пристигна Коложег студен
со бела гуна врз плешки,
донесе ветришта луди
и снежни соспишта тешки.

По него кусиот Сечко
да ѕирне секаде вјаса,
се лути, реже и сече
и каса кај што ќе стаса.

Летникот месец е чуден:
пустоши в гора и поле,
допола зимски и луд е,
отпола личи на пролет.

Цветникот грстови цели
врз гранки цветови фрла
и руди јагниња бели
остава в селските трла.

Тревенот гази низ трева
и сиот свети од ѕвезди.
И ечат од птичја врева
топлите скриени гнезда.

Црвеник сиот е црвен,
ко божур му е лицето.
Од црешни, јаготки и вишни
руменеат видиците.

Горешник вршник е вжарен
под којшто лебот се пече.
Час коси, жнее, а час пак
се сонча крај брегот речен.

Гумнар околу стожер
го врши житото зрело
и како најсакан гостин
го чекаат в секое село.

Гроздобер кога ќе дојде,
ѕвезди од небото врнат,
а под лозницата капат
сочни рубинови зрна.

Се ближи Листокап мирно,
небото станува матно,
но затоа полето ширно
личи на езеро златно.

Дојде и Студен. Во магла
тоне утрината рана.
Задното струмиче нагло
под лута венее слана.

Снежен е последен месец,
со бели старечки коси.
Снегулки сее од кесе
како разлутени оси.

**Видое Подгорец**

**Воочувам и заклучувам**

- Колку строфи има оваа песна?
- Кому му е посветена секоја од нив?
- Според што се дадени имињата на месеците во оваа песна?
- Според значењето на имињата многу лесно можеш да откриеш кој народ ги измислил.

## Задачи

- Групирај ги месеците по три според илустрацијата. Какво име ќе ѝ дадеш на секоја група месеци?
- Изработи дневник со двоен запис за песнава според дадениве упатства:
  - Нацртај ваква табела во тетратката:

| цитат | коментар |
|---|---|
| По него кусиот Сечко<br>да ѕирне секаде вјаса,<br>се лути, реже и сече<br>и каса кај што ќе стаса. | Февруари има најмалку денови. Дува студен северен ветер и ако не носиме топла облека од студот почнува да не болн носот, рацете ушите и секој откриен дел од телото. |

  - Во означениот простор за цитат препиши ги стиховите што најмногу ти се допаѓаат.
  - До него, во просторот за коментар, напиши го размислувањето и твоето разбирање на истите.
  - До народното име на секој месец напиши го неговото име што постојано го користиме во македонскиот јазик, а до него и оригиналното англиско име.
- Воочи ги разликите во пишувањето и изговорот.



## Дознај од Интернет или енциклопедија

- Од кога времето почнало да се мери со месеци?
- Како се определувал бројот на деновите во месеците?
- Какви други календари има?

## Примени ги знаењата од математика

Изработи дијаграм во кој ќе го претставиш бројот на деновите во секој од месеците. Со множење и собирање, определи го точниот број на денови во оваа година.

## Запознај се со писателот

**Видое Подгорец** - поет, раскажувач, романсиер. Роден во с. Колешино, Струмичко. Еден од најплодните писатели за деца. Автор на книгите: „Сребрена школка“, „Над лулката“, „Илјада цветови“, „Шарена птица“, „Чудесна шума“, „Сто сонца“, „Топли гнезда“, „Неспокојно детство“, „Деца под печурки“ и многу други.

- Со кого си се скарал некогаш?
- Кој бил виновникот за кавгата?

# СЛОЖНИ БРАЌА

Едно време, во нашето село живееле двајца браќа. Браќата биле многу сложни. Заедно оделе во селската гора, таму сечеле дрва, заедно оделе на орање, заедно сееле и жнееле и никојпат не се делеле...

Така во работата еден на друг си помагале и никојпат не се карале. Целото наше село им се чудело на нивната слога...



Минало долго време... Браќата живееле во радост и среќа. Еден ден постариот брат му рекол на помладиот:

- Брате, ги гледам другите луѓе како се караат, а ние со тебе сме сложни. Ајде и ние да се скараме!

- Добро, брате! - му одговорил помалиот брат. - Ама како да се скараме кога нема зошто?

- Вистина нема зошто - продолжил постариот брат - ама сакам да видам како изгледа кога луѓето се караат...

Така двајцата браќа се договориле да се скараат. Близу до селото браќата имале мала нива, а на нивата една круша. Тие отишле под крушата и постариот брат му рекол на помалиот:

- Качи се ти горе на крушава, јас ќе викам да слезеш, а ти немој да слегуваш. Така ќе се скараме...

Што рекле и направиле...

Помалиот брат го послушал постариот и се качил горе на крушата. Постариот брат му викнал:

- Еј, ти! Што си барал горе на крушата? Слези бргу долу!

Помалиот брат бил учен на послушност. На ова викање слегол долу и ништо не рекол.

- Не така, бре брате! - му рекол постариот брат. - Вака не можеме да се скараме! Зошто слезе долу? Колку и да викав, ти не требаше да слегуваш! Сега јас ќе се качам на крушава, а ти викај ми да слезам долу.

Сега се качил на крушата постариот брат. Помалиот брат му подвикнал:

- Еј ти! Што си се качил горе на крушата? Брзо да слезеш долу! Ќе ти ги скршам ребрата!

Постариот брат му одговорил:

- Не! Не! Не слегувам и не слегувам!

- Кога не слегуваш долу, а ти седи си горе на крушата - му рекол помалиот брат и си замолчал.

Видел не видел постариот брат седел горе и му се смачило. Немал што да прави и слегол долу од крушата.

Така двајцата сложни браќа не можеле никако да се скараат...

Долго, долго време тие сложни браќа живееле во моето село и сите им завидувале...

**Ванчо Николески**

## Разговараме за расказот

- Како си живееле двајцата браќа?
- Од што заклучуваш дека навистина живееле сложно?
- Каква промена сакале да внесат во нивниот живот?
- Каков обид направиле да се скараат?
- Зошто не успеале во тоа?
- Што очекуваше ти да се случи?

## Одбери и запиши во тетратката

✍ За да живеам сложно во која било заедница треба да бидам:

- толерантен и попустлив;
- себичен и алчен;
- миротубив;
- горделив и самобендисан;
- мрзелив и неодговорен;
- дружељубив и пријателски настроен;
- хуман и несебичен.

**Измени** го крајот на расказот и обиди се да ја пронајдеш причината поради која двајцата браќа би се скарале кога постариот од нив слегол долу од крушата.



**Запомни**:

**За кавга се потребни двајца**

- Објасни како ја разбираш оваа народна поговорка.

**Заклучи**

- Што е попаметно: да најдеш причина за кавга или да попуштиш?
- Кои се последиците од една кавга?

**Прераскажувај креативно**

☺ Самостојно прераскажи ја содржината почнувајќи од последната реченица:

**Долго време во едно село живееле сложно двајца браќа и сите им завидувале.**

При тоа оцени ги постапките на двајцата браќа.

**Задача**

- Дома раскажи една твоја кавга со братот, сестрата, или пак со некој друг. Во завршниот дел изнеси го размислувањето како тоа можело да се избегне. Како наслов може да ти послужи и горенапишаната поговорка.

**Запознај се со писателот**

**Ванчо Николески** - поет и раскажувач. Роден во с. Црвена Вода, Охридско. Автор на следниве книги: „Македонче“, „Школско ѕвонче“, „Прва радост“, „Бабино вретенце“, „Татковина“, „Моето село“, „Станко спанко“, „Гоце Делчев“, „Волшебното самарче“ и др.

# ТЕЛЕВИЗИСКИ ЕМИСИИ

Голем дел од слободното време луѓето го поминуваат пред ТВ-апаратот. На него се емитуваат ТВ-емисии со разновидни содржини во текот на целото деноноќие.

**Разговарај**

- Какви емисии, освен филмовите, емитуваат ТВ-каналите?
- Колку ТВ-канали гледате во вашиот дом?
- Какви емисии следат твоите родители?
- Кои емисии најмногу го привлекуваат твоето внимание?
- Каде може да се прочита на кој канал, кога и која емисија се емитува?
- Која детска ТВ-емисија ти е најинтересна?



**Запомни**

ТВ емисиите можат да го прошират твоето знаење од повеќе области, но не сите. Внимателно избирај ги со помош на твоите родители и учители.

**Задачи**

- Напиши во тетратката наслов на една емисија што се емитува на некој од ТВ-каналите:
  - **- Образовна**
  - **- Научно-популарна**
  - **- Народна приказна**
  - **- Детски квиз**
- Со помош на учителот изберете некоја детска образовна емисија и проследете ја.
- Направи ваква табела во тетратката и по гледањето на емисијата пополни ја. Така ќе откриеш колку си знаел за тоа, а колку си научил. Она што уште сакаш да го дознаеш побарај го преку Интернет, во енциклопедија, во некоја книга, од некој возрасен или можеби ќе го дознаеш во некоја друга ТВ-емисија.

| Знам | Сакам да знам | Учам |
| --- | --- | --- |
| | | |

- Какви игри играш со другарчињата кога има снег?

# ИМА ПРИЧИНА ШТО ИМА СНЕГ

Со малку труд и сила
со снег девет кила
ајде, деца, не е тешко
да направиме Снешко!
За да не стои гол
и бел ко грутка сол
веднаш да го облечеме
ситници да довлечеме:
За главата на Снешко
дигнете од шпорет, жешко
тенџере неиздупено,
евтино што е купено
за многу малку пари,
мозокот да му се свари!
Па, ќе го дупнам јас со шајка
ќе му ставам пердув од пајка
да личи на страшен ловец
на веселник - вдовец!

Потоа со црна преѓа
ќе му ставиме по една веѓа,
а во носот
малку косо
пиперка, што се нашла,
да кива и да кашла!
Околу неговиот врат,
горе, на вториот кат
качи се ти со скала
и завиткај му два шала!
Во десната рака
Снешко сега сака
и метла да има
да ја измете таа Зима
одовде, од јануари,
па сè до февруари!

**Ефтим Проевски**



## Го проширувам речникот

**преѓа** - конец подготвен за плетење добиен со предење на волната или памукот

**вдовец** - маж чијашто жена е умрена

## Читам и откривам

- На каква игра поетот ги повикува децата во своите стихови?
- Што сѐ треба да донесат децата од дома за да го облечат Снешко?
- Кој е вториот „кат“ на Снешко?
- Што би претставувал третиот „кат“ за него?
- Зошто во стиховите стои „да ја измете таа Зима
  одовде, од јануари,
  па сѐ до февруари!“

## Создавај низ игра



❄ Што уште може да му прикачиш на Снешко за да биде поинтересен?

❄ Измисли оригинален Снешко по сопствена идеја и нацртај го.

❄ Во одделението направете изложба на ликовните творби и со гласање изберете кој од снешковците е најоригинален и најинтересен. Така ќе си ги размените идеите и ќе ја развивате вашата креативност.

❄ По часовите направете го најоригиналниот Снешко под прозорците на вашата училница.

**Откривај**

- Која е вистинската причина што има снег? Во енциклопедијата „1 000 зошто 1 000 затоа“ прочитај како настануваат снегулките и каква форма имаат тие.

- Каква улога имаат кумовите?
- Како ја изразуваш твојата почит кон нив?

# ЛИСИЦАТА И ВОЛЧИЦАТА

Родила волчицата волче и посакала да ја поканат лисицата за да го крсти детето.

- Таа е наша блиска роднина, - објаснувала волчицата, - многу е умна и многу пофатна, ќе ми го изучи синчето и ќе му помогне многу да напредне во животот.

Дошла лисицата чесно и честито и рекла:

- Мила кумашинке, ти благодарам за честа што ми ја правиш. Биди уверена дека нема да си ги жалам силите и ти ќе останеш многу задоволна.

Лисицата добро се најала на крштенката, па потфрлила:



- Мила кумашинке, нашата должност е да се грижиме за детето. Треба да му набавиш силна храна та да зајакне. Знам едно трло со овци од каде што лесно ќе можеме да завлечеме некоја подебела.

Ѝ се допаднале тие зборови на волчицата, и двете се упатиле кон селото. Таа од далеку ѝ го покажала трлото и ѝ рекла:

- Можеш спокојно да се вовлечеш внатре. Никој нема да те види. А за тоа време јас ќе се поврткам од другата страна и ќе гледам да зграбам некоја кокошка.

Но лисицата не отишла таму, туку се вратила во горага и се оптегнала да се почине.

Волчицата се вовлекла во трлото, но нагазила на песот. Тој почнал да лае, дотрчале селаните, ја фатиле волчицата и од ќотек ѝ ја одрале кожата. Сепак, таа успеала да се ослободи и криво-лево, се довлечкала до горага. А лисицата, која веќе лежела таму, се престорила како да е претепана и почнала да офка:

- Оф, мила кумашинке, многу лошо си поминав! Ме нападнаа селаните и таков ќотек ми удрија, што ми ги искршија сите коски. Ако не сакаш да умрам пред твоите очи, земи ме на грб и однеси ме далеку оттука.

Иако волчицата одвај се држела на нозете, ѝ паднало жал за лисицата, па ја зела на својот грб и ја однела здравата и умна кумица дури до својата куќа.

Таму лисицата викнала:
- Збогум, мила кумашинке! Да ти е слатко печеното!
Подбивно ѝ се насмеала и дим да ја нема.

**Браќа Грим**

## Разговарај за содржината

- ♦ Зошто волчицата сметала дека лисицата треба да биде кума на новороденчето?
- ♦ Како можела лисицата да му помогне на новороденото волче?
- ♦ Како завршило новото кумство?
- Наброј по неколку особини на волчицата и лисицата и образложи ги.

## Изрази го своето мислење

☺ Што сакала да ѝ каже лисицата на волчицата со речениците:
- Збогум, мила кумашинке! Да ти е слатко печеното!

☺ Според што треба да се избираат пријателите и кумовите: според материјалната добивка од нив или според тоа каков карактер имаат тие?

## Задача за дома

- Самостојно состави план и според него прераскажи ја содржината на приказната.
- При прераскажувањето оценувај ги и постапките на ликовите. Поврзувај ги и причините и последиците од истите. Така прераскажот ќе биде поинтересен за сите на кои ќе им го прочиташ.

## Прошири ги знаењата

- Во приказнава е искажано дека лисицата и волкот се блиски роднини. Тоа не е случајно така. Авторите знаеле дека и во природата тие имаат заеднички особености според начинот на живот, исхрана и др.
- Од други извори на знаење научи каде живеат, со што се хранат, како се размножуваат и кои други сличности ги имаат.

## Запознај се со дел од биографијата на Браќата Грим

Браќата Јакоб и Вилхелм Грим се германски писатели кои напишале повеќе трудови. Но откако ги издале народните приказни, собрани и преработени од самите нив, се стекнале со светска слава.

Во приказните раскажуваат многу едноставно и разбирливо, зашто го користат богатството на народниот јазик. Секоја нивна приказна е поврзана со секојдневниот живот.

Најпознати бајки што ги напишале се: „Снежана и седумте џуџиња“, „Црвенкапа“, „Пепелашка“ „Грдото пајче“, „Заспаната убавица“, „Водната самовила“, „Златниот клуч“ и многу други.

- Како се вика секој прст од раката?
- Зошто еден од нив се вика показалец?

# ПРСТИ



Пет прсти на една рака
прават дружина
зговорна, јака.

За себе секој
издвоен ако седи
стопати помалку вреди.

Со прстите на двете раце збрани
татко ни сите нѐ храни.

Петте прсти на мојава десна рака,
иако се палави и често лудуваат,
веќе знаат да пишуваат.

Петте прсти знаат да милуваат
и топло да се ракуваат.

Пет прсти
цврсти,

здружени во една рака јака,
сегде кај сложни ќе се јават
чудеса прават.

Сите челични пруги
и безброј градби други,
мостови, фабрики цели,
бродови, градови бели,
полиња плодни, села -
на рацете наши се дела.

Чест им на рацете наши
во кои сплотени живеат
десетте наши прсти,
малечки
но сложни и цврсти.

**Глигор Поповски**

**Разговараме за песната**

- Зошто прстите од рацете го инспирирале поетот да ја напише оваа песна?
- Прочитај ги првата и втората строфа и објасни какви пораки ти испраќа поетот преку нив.
- Како ги разбираш стиховите: „сегде кај сложни ќе се јават
  чудеса прават.“
- Пронајди во песната какви чудеса прават прстите.

**Размисли и определи се**

- Народната поговорка ВО СЛОГАТА Е СПАСОТ би ја одбрал:
  а) како наслов на песната;
  б) како порака на поетот преку песната;
  в) и за едното и за другото.
- Во дискусијата потруди се да го образложиш своето мислење.

## Поврзи со секојдневниот живот

- Со што може да ја споредиш нераздвојноста на прстите од раката и нивната сложност во работата?
- Наброј пет примери од твоето искуство (дома и во училиштето) на активности во кои си успеал повеќе заедно со некого.
- Напиши што си направил и што можеш да направиш со твоите прсти.
- Пронајди уште поговорки за слогата и запиши ги во тетратката.

**Биди креативен**



- На лист од блок направи отпечаток на својата рака. Тоа може да го направиш на два начина.
  - Намачкај ја дланката со темперна боја и прилепи ја на хартијата. Откако ќе се исуши, во средината залепи своја мала фотографија. На заднината запиши си го името и презимето, одделението и датумот на изработката.
  - Прилепи ја дланката на лист од блок и со моливчето поминувај крај неа. Во средината напиши си го името. Во секој прст запиши си една своја желба. Под дланката впиши го и датумот на изработка и одделението.
- Смести ја во својот албум. По неколку години ќе биде убав спомен и показател за тоа колку си пораснал. А што си направил со твоите мали прсти - ќе раскажуваат твоите родители, братот или сестрата и „делата“ што си го зачувал.

## Научи повеќе

Дланките на човекот имаат повеќе коски прицврстени една за друга со зглобови. Пронајди податоци за нивниот точен број, како и за бројот на коските на стапалата. Спореди ги и запиши го своето размислување зошто тој е различен.

# МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК

Понежен од песна на славеј во гора,
од прв зрак сончев во пролетна зора,
од плисок на далга по езерска шир
мајчиниот јазик секому е мил.

На тој јазик првпат прозборевме ние,
и песничка првпат запеавме ние,
на тој јазик првпат нѐ повика мама
цврсто да не гушне, да не бакне сама.

На тој јазик денес кажуваме ние
за копнежи наши, за радост, за мака,
затоа каде и да сме во светот -
- мајчиниот јазик е бескрајно сакан!

**Душко Аврамов**



## Ја доживувам песната

- На кој јазик помисли кога го слушна насловот на песната?
- Наброј сè со кого и со што го поврзуваш мајчиниот јазик, освен со твојата мајка?
- Прочитај ја првата строфа и кажи од што е понежен мајчиниот јазик.
- Зошто го прифаќаш мислењето на поетот?
- Зошто мајчиниот јазик е бескрајно сакан?

## Дополни го поетот

Досети се и напиши уште пет работи од кои, според тебе, е понежен мајчиниот јазик.

## Направи споредба и заклучи

Ти изучуваш и еден странски јазик. Кога сакаш да составиш реченица на тој јазик, на кој јазик размислуваш?



## Откривај и учи

- Луѓето во светот говорат на 10 000 различни јазици. Многу јазици имаат сличности и се поврзуваат во една јазична група.
- На која група јазици ѝ припаѓа македонскиот јазик?
- Наброј уште неколку јазици што се сродни со македонскиот.
- Најголем број луѓе на планетава (над една милијарда) говорат на мандарински јазик. Овој јазик е официјален во Кина.

## Шега

Се шетале двајца странци во Германија и сретнале две деца на улица. Децата си разговарале на германски јазик.

- Ама се умни овдешниве деца! - се зачудил едниот. - Колку се мали, а знаат да зборуваат германски јазик подобро од нас.

- Ние сме должни да го сакаме и чуваме нашиот јазик, зашто тој е наш, исто така, како што ни е наша татковината.
- Верата и јазикот, тоа се душата на еден народ.

**Крсте Петков Мисирков**

- Присети се која е првата книга што си ја прочитал.

# МОЈАТА ПРВА КНИГА

Повеќе би се радувал ако чичко ми, кој беше учител негде во далечната Србија, ми донесеше грст бонбони или вистинска гумена топка, ако ми подареше што било, само не онаа книга со која не знаев што ќе правам. Секоја година за време на училишниот распуст чичко ми се враќаше в село, а неговото идење ние децата го очекувавме како најголем и најсвечен празник. Уште на неколку дена пред тој да дојде, ние стражаревме на височинката пред селото, од каде што имавме преглед на патот сè до соседното село Мачево.

Ова лето тој ме разочара. Очекував некакво големо чоколадо, некаква шарена топка или мала усна хармоника, а тој од својот кожен куфер извади книга со тврда подврзија и ми ја подаде:

- Еве ти, Гиле, книга. Ќе видиш колку убави работи има во неа!

Потоа заборави на мене делејќи им подароци и на другите деца, наши и соседски, што се беа насобрале околу него. Ја напуштив собата навреден. Книга! Што ќе ми е? Зар со неа ќе се бањам во реката, зар со неа цело лето ќе трчам по ливадите?

И не се сеќавам дали ја отворив или не. Знам, ја фрлив на една полица среде куп други искинати книги и заборавив на неа.

Летото помина како убав гривест коњ, истече како безгрижен детски сон, како убава, недовршена жетварска песна. Останаа зад нашите боси нозе многу недоиграни и многу недосонувани детски соништа.

Септември нè собра во училиштето.

Таа година есента дојде некако порано. Сиви магли се развлекоа по ридиштата, птиците избегаа порано, заплискаа дождови, задуваа студени есенски ветришта и ги покриваа трагите на драгото одминато лето.

Во една ветровита, дождлива есенска вечер, тагата за одминатото лето ме наведе да пробуричкам по полицата, каде што пред започнувањето на училиштето ја бев затурил мојата мила, дрвена шупелка. Низ нејзините меки звуци сакав да го довикам барем за малку одминатото драго лето. И тогаш, тогаш повторно ја открив книгата што ми ја донесе чичко ми.

Го принесов малечкото столче крај печката, се наместив под ламбата што беше закачена на ѕидот и ја превртев првата страница. Бев во второ одделение и знаев убаво да читам. Пред очите ми заиграа и ме збунија зборовите, крупно испишани: НАРОДНИ ПЕСНИ ЗА МАРКО КРАЛЕ.

Марко Крале! Дали е тоа истиот Марко Крале кој толку често го спомнува во своите долги, предолги песни, баба Дона? Дали е тоа истиот делија што се дружи со самовили, скока со својот Шарец преку планини, победува црни Арапи и ослободува робје? Дали се тоа истите песни што ги слушав од нејзината уста?

Нурнав во книгата и до доцна не ја кренав главата од нејзините страници. Прескокнував полиња и планини со Шарецот на Марко Крале, влегував во студени меани, кршев синџири, ослободував робје...

Тоа беше првата книга што ме зграби и понесе. Тоа беше книгата што ми стана неразделен другар во долгите зимски вечери.

Тоа беше книгата што ме доведе на патот за безбројни средби со многу и многу книги.

Тоа беше книгата за која сум плачел и чија загуба долго време не можев да ја преболам.

..............................................................................................................

**Глигор Поповски**



## Да разговараме за расказот

- Во кое одделение бил писателот кога ја добил првата книга? Од кого ја добил?
- Како го прифатил подарокот? Што очекувал да добие?
- Како постапил со книгата?
- Кога почнал да ја чита?
- Зошто книгата многу го заинтересирала? За кој голем македонски јунак се зборувало во неа?
- Како реагирал писателот кога ја изгубил книгата?

## Ги откривам времето и местото на настанот

☺ Кога се случило дејството во овој интересен расказ? Според што го откриваш времето? Посочи неколку докази како потврда на твојот одговор кои ќе ги најдеш во расказот.

☺ Каде се случило дејството? Од каде ќе ги потврдиш своите сознанија?

**За наредниот час**

- Расказов намерно го скрстивме. Го изоставивме завршниот дел во кого писателот раскажува со многу силни чувства како ја изгубил книгата. Најпрво ќе ти дозволиме ти да бидеш писател и да го смислиш крајот. Размисли што можело да ѝ се случило на книгата, односно на писателот. Тоа што ќе го смислиш, запиши го во твојата тетратка. Раскажувај во прво лице, како ти да си писателот.
- Прочитајте ги вашите состави и изберете најинтересен. Потоа, земете ја книгата „Маслинови гранчиња“ од училишната библиотека и прочитајте го писателовиот крај на расказов. Пронајдете го најсличниот ваш состав со крајот на расказот.

КНИГАТА ДНО НЕМА.

КНИГАТА Е ОТВОРЕН ПРОЗОРЕЦ КОН СВЕТОТ.

КОЈ ЗНАЕ КНИГА ИМА ЧЕТИРИ ОЧИ.

**Задачи**

- Пронајди книга со песни за Крале Марко.
- Прочитај ја и напиши што научи за Крале Марко, кој и каков бил тој.

**Запознај се со писателот**

**Глигор Поповски** е роден во 1928 година во с. Будинарци, Беровско, а починал во 2007 г. во Скопје. Долги години ги уредувал списанијата за деца во „Детска радост“: „Титов пионер“ (сега: „Наш свет“), „Развигор“, „Другарче“ и „Росица“. Создал многу книги за возрасни и за деца, од кои ќе ти ги препорачаме: „Бајка за детето Вилен“, „Било едно дете“ (раскази), „Разговори за сообраќајот“ (раскази), „Човек со човек“ (поезија), „Елен камен“ (сказни), „Маслинови гранчиња“ од каде што е земен овој расказ.

# ШТО ЌЕ СИ ПОСЕЕШ ТОА ЌЕ СИ ЖНЕЕШ



- Што означува зборот плата?

# ПЛАТА СПОРЕД РАБОТАТА

Си бил еден човек многу умен. Тој имал три измеќари. Едниот земал двесте грошои на година, другиот - петстотини, а третиот - илјада. Тие се карале помеѓу себе:

- Зошто ти да земеш илјада грошои, и ти си човек и јас сум човек!

Тој што земал двесте грошои и тој велел:

- Ама јас зошто да земам двесте? Делми и јас сум човек како вас?

Еднаш додека тие се карале, ги слушнал мајсторот и ништо не им рекол, а сторилниет да ги искуси и да им даде сами да разберат кој колку чини.

Една зимска вечер мајсторот имал гости. Го повикал слугата што земал двесте грошои:

- Донеси една пеѓушка!

Слугата донел една пеѓушка и ја однел на мајсторот:

- Каде да ја кладам?

- Остај ја сега таму, и постој малку тука! - му рекол мајсторот.

После му вели на другиот слуга што земал петстотини грошои:

- Донеси една пеѓушка!

Тој отишол, донел една пеѓушка и ја клал настрана. И нему мајсторот му вели да постои малку. Тогаш му вели и на третиот слуга што земал илјада грошои да донесе една пеѓушка. Тој отишол, зел пеѓушка, ја донел во одајата каде што биле гостите, ја наместил пеѓушката право на огнот каде што требало. Потоа видел оти биле за секнување фитилите на свеќите, ги потсекол за да може свеќата поубаво да свети.



Е, - им вели мајсторот, - вие постојано се карате кој колку земал, и зошто едниот земал повеќе, а другиот помалку. Видовте ли сега кој за колку чини? Ете зошто едниот зема повеќе, а другиот помалку! Уште еднаш да не ве чујам да се карате!...

Ете, така умниот човек им дал да разберат кој колку чини.

**Македонска народна приказна**

## Состави мал речник

Препиши ги народните зборови од приказната и за секој од нив потруди се да најдеш соодветен збор од македонскиот стандарден јазик.

**измеќари** - слуги
**грош** - стара турска пара
**делми** -
**ниет** -
**пењушка** -
**клал** -

## Доживување на приказната

- Зошто приказната се вика „Плата според работата“?
- Зошто измеќарите се карале помеѓу себе?
- Како мајсторот им докажал зошто различно ги плаќа?
- Што мислиш за постапката на мајсторот?
- Која особина од наведените три не му одговара на мајсторот: праведен, лицемерен, мудар?
- Објасни со свои зборови зошто мајсторот е праведен, а зошто е мудар.

## Поврзи и учествувај во расправата

☺ Организирајте расправа (дискусија) за вашите оценки.
☺ Поврзи: заслужена плата - заслужена оценка.
☺ Вклучи се активно во дискусијата и изнеси го своето мислење дали би ти користела во животот висока оценка без знаење.
☺ Што се постигнува со знаење, а што со оценка?

## За дома

- Прераскажи ја приказнава и прочитај им на родителите.
- Проследи една народна приказна на ТВ или ЦД и наредниот час прераскажи ја усно.

- Зошто се ора земјата? Како се ора?



# В ПОЛЕ, НА ОРАЊЕ

Рано е. Мугрите тивки.
Зори румена зора.
Орачот тргнува в поле,
на работа, да ора.

Така во секоја пролет,
земјата ровка е, мека.
За да ја преврти, ора,
плугот таа го чека!

Да има повеќе воздух
свежина, светлина мила.
Ја сече во длабоки бразди
земјата добива сила!

И додека мугрите сиви
ги надвјасаат зраците бели,
вредниот орач, гледаш
пет бразди нацртал цели!

**Васил Мукаетов**

**Збогати го својот речник**

- Објасни го заначењето на следниве зборови:
  **мугра** - , **ровка** (земја) - , **бразда** - , **вјаса**, **надвјасува** - .

## Одговори на прашањата

- Во кој период од денот орачот заминува на орање? Зошто толку рано?
- Пронајди ги и прочитај ги гласно стиховите во кои поетот кажува зошто се ора земјата.
- Од што добива сила земјата? Зошто ѝ е потребна таа сила?
- Како орачот ги црта браздите?
- Колку поетски слики си замисли од песнава?
- Опиши усно една од нив.
- Според она што го работи и како го работи, орачот е: добар, вреден или весел?

## Постави прашања

☺ Во тетратката постави му три прашања на орачот во врска со неговата работа.

☺ Претпостави што би можел да ти одговори орачот и запиши ги одговорите.

☺ Направи споредба со одговорите на твоето другарче.

## Поврзи со наставата по природа

✍ Освен во пролет, во кое друго годишно време се ораат нивите?

✍ Покрај орањето на земјата - почвата, што друго презема човекот за подобрување на нејзината плодност?

✍ Пронајди податоци како човекот во минатото ја обработувал земјата и зошто го правел тоа. Направи споредба со денешнината. Своите сознанија, според хронолошкиот редослед, искажи ги со зборови или со ликовна илустрација.

## Вежбај изразно рецитирање

- Научи ја песната напамет и потруди се да ја изрецитираш изразно пред твоите другарчиња и твоите родители.

- Кој се грижи најмногу за тебе кога си болен?
- Опиши ја грижата што ти ја пружа таа личност.

# УСПИВАЊЕ НА БОЛНО ДЕТЕ

Заспи ми, мило, смири се веќе,
болно си, мое сине,
на сон ќе видиш јагне и цвеќе,
болката на сон ќе мине.

Мајчице, саноќ над мене биди,
чувај ме, страшно ми е:
на пајажинана онаму види
жолт пајак крв што пие!

Не, сине, тоа месецот грее
и ѕвезди в небесни страни.
Не бој се, мајка саноќ ќе бдее,
нани ми, нанкај, нани.

**Блаже Конески**



**Го збогатувам речникот**

**не бој се** - не плаши се
**ќе бдее** - ќе биде будна цела ноќ, ќе внимава на болното дете

## Во песната ја препознавам мајчината грижа

- На која личност од твојот живот те упати насловот на песнава? Зошто?
- Што му посакува мајката на своето дете со сонот?
- Направи споредба на сликите од втората и третата строфа. Какво чувство на детето е изразено во втората строфа?
- Како влијаат врз болното дете зборовите на мајката од третата строфа?

**Извлечи** ги зборовите од песната со кои мајката ја искажува својата грижа и нежност кон своето дете и запиши ги во тетратката.

**Допиши** ги и зборовите кои ти ги упатува тебе твојата мајка, а се различни од оние во песната.

**Распрашај** се која песна ти ја пеела мајка ти кога те успивала.

## Соработувај и рецитирај

☺ Договорете се со другарчето еден од вас да биде мајката, а другиот детето. Научете ги строфите напамет и рецитирајте на часот. Изберете најдобра рецитаторска двојка.

## Создавај и биди практичен



☼ Напиши состав со наслов **Ти благодарам, мајчице мила** во кого ќе ја опишеш големата грижа на твојата мајка за твоето оздравување од некоја болест или повреда. Не заборавај да ја изразиш и твојата благодарност за големата пожртвуваност на мајка ти.

☼ Напиши ѝ го составот на бел лист и украси го со цртеж по твоја замисла.

☼ Подари ѝ го составот за празникот на мајките 8 Март. Тоа за неа ќе биде највредниот подарок кој многу ќе ја израдува.

## Поврзи со наставата по Музичко образование

☺ На часот заедно слушајте ја композицијата „Приспивна“ од Јоханес Брамс.

☺ Споредете ги чувствата што се будат во вас при слушањето на композицијата и читањето на песнава.

☺ Определете и каков е ритамот: брз или бавен. Заклучете зошто е таков.

- Покрај нашата планета, за кои други планети си слушнал? Наброј ги!

# ПЛАНЕТАТА ЛАПАЛАПАС 10



Кој тврди дека во Сончевиот систем постојат само девет планети?

Да, деветте се овде. Но каде е десеттата? Десеттата која некогаш, кога сите нас ни немало, бидејќи ги немало и другите девет планети, се викала Лапалапас 10.

Лапалапас била многу богата. И богата и убава. Толку богата и толку убава, што на Лапалапите, односно нејзините жители, не им текнувало да измислат пари.

Зошто им се пари кога сè се добивало без пари? Можеби некој, што сакал да биде прв меѓу богатите, се обидел да направи ковани пари. Но кој би знаел дека богатиот тие ковани пари успеал да ги потроши или му се стопиле во некоја река кога се бањал! Парите на Лапалапас 10, како и сè друго, можеле да бидат зашеќерени, па високата температура ги претворала во течност или пареа.

Пред заспивање јас многу размислувам, размислувам, па во мислите ми потонуваат очите и сонувам. Така, една вечер си претставив дека сум жител на планетата Лапалапас 10.

Се истегнав на една лулка направена од шампита-ткаенина, а врзана со јажиња од гума за џвакање а две стебла од шеќерна трска. Над главата ми висат купчиња пожолтени банани, понатаму тулумби на некоја бамбусова гранка. И на секој прст од ногата ми стои по еден еклер. Џитни го еклерот и сам ќе ти долета в уста. Под мојата лулка има црвен базен од вишнов сок и сок од ананас. Јадам, јадам, сум се претапанил. А мајка ми ми вика:

- Ајде, синче, готово е со пладневната дремка! Еве, го одврзувам јажето. Кога ќе паднеш, внимавај да не се удавиш во базенот!

А јажето од гума за џвакање веќе се одврзува и јас паѓам, паѓам... И уште што да ви раскажувам понатаму, кога сите продолженија од приказнава се исти, личат како јајце на јајце. Но, сега веќе сè е јасно - зад планетата Лапалапас стоела бројката 10. Бездруго, не заради тоа што е десетта планета, туку затоа што нејзините жители јаделе дневно најмалку десет пати.

Јаделе, јаделе и ја изеле. Ја изеле најголемата планета на Сончевиот систем. И најубавата, се разбира.

Останува отворено прашањето: „Што се случило со луѓето што ја изеле? Умреле или се преселиле на друга планета?“

Како и да е, работата е многу страшна. Затоа сакам што поскоро да ја заборавам планетата Лапалапас 10 и да си живеам само на мојата убава Земја на која нема Лапалапати. Најмила е паричката што е направена од пот. Со неа не можеш да купиш повеќе отколку што можеш да изедеш, нормално.

**Ристо Давчевски**

## Која е планетата Лапалапас 10?

- Зошто не си чул досега за планетата Лапалапас 10? Кој ја измислил?
- Зошто писателот ја означил со бројката 10?
- Зошто на Лапалапите не им требале пари?
- Што се случило со планетата Лапалапас 10?
- Објасни како ги разбираш последните две реченици од расказот и поврзи ги со исчезнувањето на Лапалапас 10.
- Објасни ја реченицата: „Најмила е паричката што е направена од пот“. Што се случува со луѓето што добиваат пари на нечесен начин?

## Определи го видот на расказот

☼ Што мислиш каков е овој расказ според неговата содржина: реалистичен или фантастичен? Образложи зошто така мислиш.

## Писмени задачи по избор



✍ Опиши ја планетата на твојата фантазија.

✍ Прераскажи го сонот на детето како жител на планетата Лапалапас.

✍ Откриј и раскажи што се случило со луѓето кои ја изеле планетата? Твојот одговор нека биде плод на твојата фантазија.

## Јазична вежба

☺ Жителите на планетата Лапалапас се Лапалати. А жителите на другите планети? Дај им имиња на жителите на деветте планети според твојата логика:

| | | |
|---|---|---|
| Марс - | Меркур - | Уран - Уранчани |
| Земја - Земјани | Јупитер - | Нептун - |
| Венера - Венерјани | Сатурн - Сатурњани | Плутон - |

☺ Читајте ги имињата и одберете најсоодветни.

**Прошири ги знаењата**

Научниците сметаат дека една од деветте планети во Сончевиот систем всушност не е планета. Прочитај, распрашај се и откриј која е таа.

- Кој датум е определен за ден на дрвото кај нас?
- Што прават луѓето на тој ден?

# РАЗВИГОРИ

Садете дрвца, дечиња мои,
Јаболка, сливи, кајсии и круши,
На сите меѓи, пред порти свои,
Зрелите дрвца слад ќе ви пружат.



Мирисна пролет
Цвет ќе ви даде,
Душевно здравје
И илјада бои,
Радосни гранки
В смев ќе ве ладат.
Најубав украс
Пред вас ќе стои.
В раскошни лета
Сенкичка мека,
Зрелите плодови
Над вас ќе висат,
До твојата рака
Узреани, леки,
ќе растат сонца
В бисерна низа,
Есента златна в пурпурни ниви,
Најсреќен човек со плодови в раце,
Садете дрвца дури сте живи,
Земјата сочна вечно ќе злати.

**Волче Наумчески**

**Разговарам за содржината**

- На што ги повикува поетот дечињата?
- Која е корисноста од посадените дрвја: во пролет, во лето и во есен?
- Кои годишни времиња се споменуваат во стиховите?
- Зошто зимата е изоставена?

**Размисли и одговори**

- Кому му се обраќа поетот со името развигори? Кои се тие што треба да ја развиваат горота?
- Каде уште си го сретнал овој збор?

**Ги толкувам стиховите**

- Избери две групи од поврзани стихови што најмногу ти се допаѓаат.
- Препиши ги на левата половина од листот на тетратката.
- Десно, крај нив, опиши го своето доживување на истите.
- Опиши ги и чувствата што те обземаат.
- Нацртај ги поетските слики што си ги претставуваш.

**Задачи**

- Препиши ги стиховите со кои е искажан апелот (повикот) на поетот до читателите.
- Учествувај и ти во акциите за разубавување на твоето училиште.
- Изготви извештај за активностите што ги имавте во училиштето за Денот на дрвото.
- Од информативните ТВ-емисии дознај каде, какви и колку садници се засадени тогаш.

**Поврзи со Природа**

- Со какви дрвја се богати нашите шуми?
- Зошто шумите се големо богатство?
- Кој се грижи за нив и како се заштитуваат од болести?

**Збогати ја својата енциклопедија**

- Запиши во неа кои листопадни овошни и шумски дрвја се застапени кај нас.
- Залепи и слики од ендемичното зимзелено дрво што расте на Пелистер?

**Потсети се:**

- Кој ги создал народните приказни?
- Како се пренесуваат тие?
- Од кого си ги слушнал најубавите приказни?

# ГЛУШЕЦОТ И ЖАБАТА

Еден глушец ѝ се молел на една жаба да го пренесе преку една река, зашто беше чул оти преку реката има жито за јадење. Многупати глушецот ѝ се молел на жабата да го пренесе, да му стори едно добро, ама жабата била многу погана, та не сакала.

Еднаш жабата била многу налутена, и токму тогаш се погодило глушецот да ѝ рече на жабата да го пренесе преку реката.

- Е, ајде, бре глушец, доста ми додеваш, еве сега ќе те пренесам, само бргу најди еден конец подебел и подолг, за да се врзеш ти за твојата нога и така да те поминам, за да не се удавиш.



Со голема радост глушецот отрчал и нашол еден конец, без да знае што му мисли жабата. Се врзал за неговата нога и за ногата на жабата, та тргнала жабата да плива по реката и беше си рекла сама на себе: „Сега ќе ми те гостам, бре глушец, оти ме најде на ќефот, еве ќе те препливам, ама на дно река“. Кога дошла на сред реката, се нурнала надолу во водата со ниет да го удави глушецот.

Кога видел кутриот глушец оти жабата ќе го носи на дното на реката за да го удави, се опнал со сета сила за да се задржи над водата, чунки сетил оти ќе умира, а пусти живот е мил. Фатил да се префрла преку водата како некоја отруена риба; пласкал над водата, и така борба правел со жабата да не ѝ се даде да го внесе надолу.

Во тоа време над реката прелетувал еден штрк и го видел глушецот како се праќа над водата, се спуштил над реката, та го чапнал со клунот глушецот и си отишол на седелото со врзаната жаба за нога. И најпрво почнал да ја јаде жабата, а потоа глушецот.

**Македонска народна приказна**

**Народен бисер: Кој на другиот му копа гроб и самиот паѓа во него.**

### Толкување на народните зборови

**погана** - лоша

**ќе те гостам** - ќе те суредам, ќе те казнам

**ниет** - намера

**се опнал** - се напрегнал

**чунки** - бидејќи, зашто

**се праќа** - се бори за живот, се мачи

**го чапнал** - го грабнал

### Задача

- Прочитај ја приказната така што народните зборови ќе ги замениш со посочените зборови од стандардниот јазик и одговори во кој случај ти е поразбирлива?

### Ја доживувам содржината

- Поради која причина глушецот сакал да премине преку реката?
- Пронајди ја и препиши ја реченицата од која се гледа лошата намера на жабата.
- Поврзи ја содржината на приказната со народната поговорка.



### Запомни

- Сите текстови во себе kријат **порака** за читателот. Во народните приказни има многу силни пораки кои ги поучуваат луѓето правилно да постапуваат во секојдневниот живот.
- Запиши ја поуката што ти ја извлече од оваа народна приказна.

### Научи повеќе

- Во разговор со своите родители, роднини и пријатели научи кои говори на народниот јазик најмногу се разликуваат од стандардниот македонскиот јазик.
- Запиши неколку зборови од различни наречја и нивното толкување.

### Поврзи со содржините од Природа

- Во природата постои природен закон за преживување: **Поголемите ги јадат помалите.**
- Тоа се синџири на исхрана. Напиши еден или неколку такви примери.

**Научи**
**17 март е Ден на крводарителите во Македонија**

# ДО КРВОДАРИТЕЛИТЕ



Пред годината
в пресрет што ни ита,
со букет од честитки
со љубов ве китам:
што спасивте една мајка
денот детски пак да биде бајка,
што еден татко пак дома се врати,
со насмевка лице што му злати,
што една сестра не остана без брат...
што дарувате добрина во секој кат.

**Перо Миленкоски**

## Разговор за песната

- До кого е упатена оваа честитка?
- Зошто крводарителите се хумани луѓе?
- Во кои стихови е опеана нивната хуманост?

## Изразувај се и твори

- Распрашај се кој од твоето семејство, роднини, пријатели или соседи е крводарител.
- Посети го и разговарај со него/неа.
- Прераскажи го вашиот разговор во тетратката.
- Немој да заборавиш да му го честиташ Денот со своја поетска или ликовна творба.
- Поетската или ликовната творба испрати ја до редакцијата на детското списание што го читаш. Таа ќе биде објавена во него и ќе можат да ја прочитаат и видат уште многу крводарители и четвртоодделенци.
- Научи добро да ја рецитираш песната пред твоите другарчиња.

# ДЕТСКИ И ДНЕВЕН ПЕЧАТ




**Направи разлика**

- Кому му е наменет детскиот печат, а кому дневниот?
- Какви содржини се застапени во нив?
- Колкупати месечно се објавува детското списание што го читаш?
- Според името дневен весник заклучи како се печати:
  а) седмично б) секојдневно в) месечно
- Каков е нивниот изглед и формат?

**Разгледај и запиши**

Наслови на редовни рубрики што се застапени во детското списание што го читаш.

✍ Која страница/рубрика тебе ти е најинтересна?

✍ **Напиши** ги насловите и на другите детски списанија што си ги читал или си слушнал за нив. Определи кое од нив ти е најомилено и образложи зошто.

✍ **Запиши ги насловите на дневните весници** што ги знаеш и насловот на весникот којшто редовно го читаат твоите родители. Разговарај со нив која е корисѕа од секојдневното читање на весникот. Со нивна помош пронајди содржини кои и за тебе се интересни.

**Научи повеќе**

На една од страниците на детското списание се напишани податоци за членовите на редакцијата. Организирајте посета на која ќе се запознаете со нив и нивните задачи. Така ќе имате можност и да научите какви подготовки се потребни за да се отпечати еден негов број.

- Кога започнува пролетта?

# НИ ДОЈДЕ ЦВЕТНАТА ПРОЛЕТ

Студените зимски денови се далеку зад нас. Пак ни дојде убавицата пролет. Кокичињата први го најавија нејзиното доаѓање. Ама баба Марта не се предаваше лесно. Дувна со својата снежна труба и на Земјата испрати нов снег.

Сонцето како огромен златен портокал се појавил на небото, а неговите топли зраци го стопија снегот. Бучат силно планинските поточиња, се буди животот во горака. Птиците преселници се вратија од јужните краишта. Нивните весели пролетни песни ги радуваат и младите и старите. Зеленее тревичката по падините и ливадите. Пролетните цвеќиња ја украсуваат природата со своето шаренило.

Тракторите пеат по нивите. Започнува пролетното орање, се кројат лозјата и овошките.

Земјоделците се многу растрчани по родните ниви. Под пластеници се садат зеленчукови плодови како домати, пиперки, краставички. Времето не чека.



Топлата облека ја заменуваме со полесна, пролетна. Сонцето од ден на ден сѐ посилно грее. Многу луѓе за време на викендот пешачат во природа за да се надишат чист воздух. Дружењето со природата е многу корисно за здравјето. Прошетките минуваат со песни и радост.

Природата е прекрасна во пролет. По падините, по планините пасат стада овци. Мали јагненца весело блеат. Топлото ветре развигорче пријатно подувнува и им ги бушави косите на децата. Овчарчињата свират весели песни на своите шупелки. Сѐ е радосно и расцветано во пролет. Пролетта е најубавото годишно време.

**Ненад Џамбазов**

## Пролетни слики

- Расказов изобилува со описи на пролетни слики. Определи ги!
- На секоја дај ѝ наслов и истиот запиши го во тетратката.
- Нацртај ја пролетната слика што тебе најмногу ти се допадна.

## Определи

- Кои описи се однесуваат на градот, а кои на селото? Пронајди ги!
- Што се однесува и на селото и на градот?
- Кои предмети и појави се предадени како живо суштество? Препиши барем една таква реченица.
- Препиши ја и споредбата.

## Опишување

- Што сѐ е опишано во расказот?
- Какви се: трубата, поточињата, птиците, ветрето?
- Како се викаат зборовите што ги опишуваат предметите и суштествата?
- Пронајди ги и запиши ги таквите зборови во тетратката.

## Поврзи со наставата по Природа

- Научи кои други зеленчукови растенија се садат во пролет покрај оние што се наведени во расказов.
- Дознај какви работи се вршат во пролет во овошните градини и лозјата.

## Задачи

- Направи една пролетна прошетка. Доживеј ги пролетните мириси, звуци, бои и будењето на природата.
- Направи опис на природата во пролет - пролетен пејзаж со зборови или слика.

- Зошто те радува први април?

# АПРИЛИ-ЛИ-ЛИ

Денеска во ранина, пред петлови зори, видов црвен облак што пламти, што гори, видов и бумбариште на глава што стои и падната ѕвездичка ѕвезди што брои, видов и извор, и река и тенџере полно со варена леќа, видов и мува и оса, и пчела и болва-олва ко катран бела, видов и теле, и вол, и крава и козји рогови во вжештена тава, видов и **вепар** заби што **пили** и заспан зајак што му се сили, видов... видов и предел со **спили**...

Априли-ли-ли! Априли-ли-ли!

Денеска, некаде, вежбајќи јога, наместо на столче седнав на два рога, седнав и врз шило, и врз едно крило, и врз една трнка, и врз една трмка, седнав и врз гајка, и врз остра шајка, и врз цветна значка и врз бела мачка...

Седнав и си седев, молкот си го предев, мислите ги роев, желбите ги броев, времето го бистрев, воздухот го чистев, глетките ги полнев, ветерот го колнев... Ветерот ме клоцна, со заби ме боцна и со веј што крили ме погали...

Априли-ли-ли!

Вчера или завчера, не знам веќе кога, во сон ѝ влегов и на една бабарога. Влегов и во колиба, и во пештера мрачна, и во дувло-увло и во одаја зрачна, влегов и во **оаза**, и во подземна база, и во кајак со весла и во уличка тесна, влегов и во јама, и во тишина-штама, и во преполна када и во секната **вада**, влегов и во штала, и во кошара мала, и во кинеска вазна и во приказна-сказна...

Во вазната стоев, во сказната седев, без **фурка** и **вретено** облачиња предев. Предено го пластев, со поглед го растев, но некој со вили го зеде...

Априли-ли-ли

Еднаш така, приквечер, пред сончко да зајде, пред уморна птица гнездото да си го најде, со желбите стигнав и до една вреќа - до една често сонувана среќа, стигнав и до чанта и до една канта, и до еден сонец и до еден ѕвонец, стигнав и до скала и до ѕвездена сала, и до небесна стреа и до најгласна смеа, стигнав и до лула, и до воздушна кула, и до песочна плажа и до гранична стража, стигнав и до дрво, и до дланка-гранка и до една сочна зрела цреша ранка...

Цреша ја скинав, гранката ја шинав, а дрвото со пили го скастрив...

Априли-ли-ли!

**Стојан Тарапуза**



## Ги откривам лагите во текстот

- Колку лаги кажал писателот во овој смешен текст?
- Која лага ти е најсмешна и најинтересна? Објасни како ја замислуваш сликата на таа лага.
- Кога се изговара и со која цел зборот априли-ли-ли?

## Објасни го значењето на зборовите

Препиши ги во твојата тетратка следниве зборови и заедно со другарчето објаснете го нивното значење. Побарајте помош и од учителот: **вепар, пили, спили, вада, фурка, вретено**. Ако има уште зборови што не ти се јасни, запиши ги и побарај и за нив објаснување.

## Создавај



- Активирај ја твојата богата детска фантазија и напиши уште една лага по примерот на оние од расказот.
- Читајте ги на наредниот час и одберете најголема лага.
- Нацртај ја сликата на најинтересната лага од расказот.
- Од вашите шеги и цртежи уредете првоаприлско катче и истакнете го на видно место во училиштето.

## Дознај повеќе

- Со пребарување на Интернет и следење на дневен печат и телевизиски емисии дознај на кои празници и во кои места во нашата земја традиционално се одржуваат маскенбали - карневали.

## Запознај се со писателот

**Стојан Тарапуза** - поет за деца. Роден во Злетово. Автор на книгите: „Грејни сонце“, „Полно кајче желби“, „Дамбара, думбара“, „Очиња поточиња“, Златици-крилатици“, „Мое твое - погоди што е“, „Ѕуница пауница“, „Шарки-жарки“ и многу други.

# ФИЛМ

## ЦРТАН (АНИМИРАН) И ИГРАН ФИЛМ

### Потсети се

- Кои филмови се **анимирани - цртани**? Наброј неколку наслови што си ги гледал. Кажи ги и ликовите.
- Кои цртани јунаци тебе ти се најомилени?









### Самостојно донеси заклучок

- Кои филмови се **играни**, наспроти цртаните во кои ликовите се цртани (нереални):
- **Игран филм е оној во којшто ликовите ги играат __________**
  (препиши и дополни во тетратката)

Примери: „Пред дождот“, „Прашина“, „Републиката во пламен“, „Солунските атентатори“, „Сенки“, „Јас сум од Титов Велес“.

- И играните и цртаните филмови може да бидат **долгометражни и краткометражни.**
- **Долгометражни филмови** се оние чие емитување трае подолго, повеќе од 60 минути.
- Кои филмови се краткометражни?

### Задача

- **Избери** еден игран филм за деца од ТВ-програмата што можеш да ја прочиташ во дневните весници. Таму е запишан насловот, ТВ-каналот и времето на емитување. Во определениот термин биди подготвен за следење.
- **Запиши** го насловот на филмот, имињата на режисерот и глумците што ги толкуваат главните улоги.
- **Прераскажи** им го гледаниот филм на родителите и на другарчињата.

### Прошири ги знаењата

- Прочитај во енциклопедија кога е снимен првиот филм.
- Откриј во кој град во Република Македонија се одржува филмски фестивал и по кого е именуван.

ВИСТИНСКАТА УБАВИНА ЗРАЧИ ОД СРЦЕТО,



А НЕ ОД ЛИЦЕТО

- Кое овошје ти е највкусно?
- Зошто овошјето се вбројува во здрава храна?

# ГОРДЕЛИВИОТ ПОРТОКАЛ

Еден ден крај него мина еден човек. Го забележа и вчудовидено рече:

- Види, види, какво чудо! Зарем и тука да израсне ваков портокал?!

Го рече тоа човекот, посегна по него и го скина. Го однесе дома и го остави во кошницата каде што имаше и други портокали. Откако се замеша со нив, веќе никој жив не можеше да го препознае горделивиот портокал. Во кошницата имаше и поголеми и поубави портокали од него...

А човекот, кој подоцна го зеде и го изеде, ја собра устата и намуртено рече:

- Леле, поневкусен и покисел портокал никогаш не сум каснал!

- Јас сум како сонцето! - горделиво велеше тој. - Да, исто сме со сонцето, се чини, небаре да сме браќа! Затоа и сонцето толку силно свети. Поради мене!

Портокалот го „напрчи“ носот и престана да ги поздравува тревките и другите растенија околу себе. Од утро до вечер се фалеше со својата убавина. Понекогаш дури и ќе речеше дека е поличен и од сонцето...

- Јас сум портокал и нема од што да се срамам и да ја кријам ноќе својата убавина како сонцето!

На една полјанка, покрај морето, некој фрли семка од портокал. На семката ѝ се допадна местото. Беше топло и влажно и, набргу, од неа почна да се развива млада фиданка. По извесно време, дрвцето зајакна и на него се појави еден портокал. И еве што стана потоа.

Наоколу се зеленееше ситна и мошне „воспитана“ тревичка, која му се поклонуваше на најтивкото ветерче. А портокалот беше убав, жолт, тркалезен и горделив.

**И. Стрелкова**



## Самостојно откривам

✿ Внимателно прочитај го текстот. Сигурно забележа дека редоследот на настаните е нелогичен и целините означени со различни бои се разместени. Определи го редоследот на целините и прочитај го во себе, а потоа и наглас.

## Разговарај за содржината

- Кои природни услови овозможиле дрвцето од портокал да изникне покрај морето?
- Со чија убавина и поради што портокалот ја споредувал својата?
- Каков бил портокалот во споредба со другите портокали од кошницата?
- По која особина се разликуваат портокалот и тревичката?

## Размисли и напиши:

- Зошто на портокалот му одговараат следниве особини: горделив, вообразен, самобендисан, неблагодарен.
- Како ја поврзуваш поговорката **КОЈ ВИСОКО ЛЕТА - НИСКО ПАЃА** со содржината на овој расказ?
- Поврзи ја пораката на насловот од оваа тема **Вистинската убавина зрачи од срцето, а не од лицето** со особините на портокалот.

## Направи споредба

☺ Препознаваш ли некое твое другарче со особини како портокалот? Дали тоа другарче ти е омилено? Зошто?

☺ Разговарај со своите родители дали можеби ти имаш некоја од особините на портокалот. Ако е така, барај совет како тоа да го надминеш.

## КАКОВ ДРУГАР САКАМ

- Поделете се во две групи. Секој ученик нека надува по еден балон.
- На секој балон со фломастер напишете една човечка особина. Притоа потрудете се да напишете различни особини на секој балон. Нпр. горделив, дарежлив, себичен, дружељубив....
- Заврзете ги балоните со конец во една низа.
- Секој ученик од низата нека дупне по еден балон на кој е испишана особина што не му се допаѓа. Ако нема таков балон, ученикот се враќа на место.
- По завршувањето на играта, во тетратката дополнете ја реченицата со особините што се запишани на преостанатите балони.
  Јас сакам мојот другар да биде:______________,__________,______________,...
- Биди и ти таков другар каков што посакуваш тој да биде!

# ДВА ОБЛАКА

Си подадоа рака
два облака.

Си стегнаа цврсто
прсти.

Во погледот зол
сетија бол:

Едниот стемни лика,
во гнев блика.

Другиот стега заби,
ќе го зграби.

И, наеднаш, блесок.
И страшен тресок.

**Славе Ѓорѓо Димовски**



**Размисли и одговори**

- Која природна појава го инспирирала поетот да ја создаде оваа песна?
- Во кои стихови е изразено судирањето на облаците?
- Како е опишана молњата?

**Задачи**

**Прочитај** во енциклопедија која е причината за настанување на громот, какви се последиците од него и како човекот се заштитува од гром.

**Посети** хидрометеоролошка станица и откриј како таму ги предвидуваат временските промени. Распрашај се какви други активности имаат и зошто нивната работа е корисна за човекот.

**Направи извештај** за посетата во соработка со другарчињата од твојата работна група.

- Зошто сакаш со задоволство да слушаш и да читаш приказни?
- Кој ти раскажувал најмногу приказни кога си бил мал?
- Која е твојата омилена приказна?

# КАДЕ СПИЈАТ ПРИКАЗНИТЕ

Кога ќе се измори секоја приказна,
кога ќе ѝ натежнат малите очи,
тогаш секоја од нив брза
да најде некое најтивко место
за одмор, за почин.

Приказните спијат насекаде,
врз разни предмети ќе легнат,
в поле, покрај некој поток чист,
на некоја зелена гранка
што самоќ ветрот ја лулка,
врз некој зелен лист.

Приказните спијат насекаде,
во планина, врз некоја карпа цврста
или пак врз некое полско цвете,
а најмногу сакаат да заспијат
во срцето на некое дете.



**Драган Јаневски**

### Ја доживувам песната

- Каква е именката приказна - конкретна или апстрактна (мислена)?
- Како ги претставил поетот приказните во оваа песна штом се изморуваат и бараат место за почин?
- Зошто поетот вели дека приказните спијат насекаде? Пронајди во песната каде сè заспиваат тие.
- А каде најмногу сакаат да заспиваат. Зошто токму таму?

### Ги замислувам и опишувам поетските слики

- Како си ја замислуваш уморната приказна од првата строфа? Какви се очите, образите, устата? Како гледа во нас: милно, строго, молежливо, тажно, со љубов, уморно...
- Опиши ја заспаната приказна врз зелен лист од една гранка „што самоќ ветрот ја лулка“.
- Како тоа приказните заспиваат во срцето на едно дете?

### На часот по ликовно

- Нацртај ја поетската слика што најмногу ти се допадна.
- Организирајте изложба од вашите цртежи со наслов „Заспаните приказни“

- Кои чувства ти се јавуваат кога ќе здогледаш пеперутка?

# ПЕПЕРУТКА

Глогот бил во полн цут и примамувал со своите бели цветчиња. Шарената пеперутка, опиена од сонцето и убавиот пролетен ден, со залет се спуштила врз белите цветови. Таа не го видела трнот под нежниот цвет и си го искинала крилцето. Сакала повторно да летне, наместо во воздухот, се нашла на земја. Почувствувала силна болка во ранетото крилце. Се обидела уште неколкупати да се дигне во воздухот, но сè било попусто. Натажена, кинисала полека по земјата.

Што мислиш: каде тргнала пеперутката? Запиши ја твојата претпоставка во тетратката.

Одејќи, лазејќи стигнала до една дупка. Внатре живеела кртицата.

- Кртичке, сестричке, те молам помогни ми! Сошиј ми го крилцево! - замолила пеперутката.

- Јас не можам да гледам, ми пречи сонцето, а ти не можеш да влезеш кај мене. Побарај помош од други! - одговорила кртицата.



Пеперутката кинисала понатака. Одејќи, лазејќи стигнала до куќата на зајакот.

- Зајче, братче, помогни ми! Сошиј ми го крилцево! - замолила пеперутката.

- Моите шепи се големи за тебе, пеперутке. Јас само ќе те повредам повеќе.

Побарај помош од други! - одговорил зајакот.

Пеперутката кинисала понатака. Одејќи, лазејќи, по долго време, на пат сретнала една срничка со бел белег на челото и со убави, убави, тажни очи.

Како може срничката да ѝ помогне на пеперутката? Запиши во тетратката што претпоставуваш.

- Срничке, сестричке, помогни ми! Сошиј ми го крилцево! - замолила пеперутката.

Срничката се наведнала кон земјата и кога го догледала искинатото крилце на пеперутката, од очите како браздички ѝ потекле солзички и - кап, кап - паднале право врз крилцето на пеперутката. Таа почувствувала како ѝ стивнува

болката. Замавтала со крилцата и... чудо! Летнала! Се завртела неколкупати околу срничката и ја бакнала по белегот на челото.

- Ти благодарам, срничке, сестричке! - рекла таа. Потоа полетала високо кон небото.

Срничката ги свртела очите по неа и во нив се огледале гранките на шумските дрвја.

**Славка Манева**

Која претпоставка ти се оствари? Со која претпоставка беше најблиску до авторовото кажување?

## Ги откривам причините и последиците

- Препиши во тетратката, размисли добро и внеси на празните линии: **причина** или **последица**:
  - Која е ________ поради која пеперутката си го искинала крилцето?
  - Која е ________ од скинатото крилце?
  - Желбата повторно да лета е ___________ пеперутката да бара помош.
  - __________ на упорноста на пеперутката е здравото крилце и повторното летање.
- Напиши ја причината зошто пеперутката ја бакнала срничката во челото?

## Разговараме за упорноста

- Како успеала пеперутката повторно да лета? Од кого побарала помош?
- **Претпостави** што можело да ѝ се случи на пеперугата ако не си побарала помош.
- **Донеси заклучок** каква била по карактер пеперугата штом барала помош додека не ја добила.
- **Присети се** кога и за што си побарал помош од некого.
- **Наброј** во што сè си упорен?
- **Поврзи** ја со содржината на расказот народнава поговорка:
  БАРАЈ ГО ДОБРОТО И НАЈДИ ГО, ОТИ НЕ ТИ ИДИ САМО.
- Поразговарајте на часот за неа.

## Опиши

- **Опиши** во тетратката една ситуација кога ти си бил упорен во некоја работа.
- **Прочитај** им ја на родителите и биди упорен да ја прочиташ и на часот.

- Кој е Итар Пејо? Во кое време живеел?

# ПЕЈО СО ТУЃИ ЧИЗМИ НА ОРО

На еден Велигден Пејо немал чевли за на оро, та позајмил едни чизми од соседот - чорбаџија, дошол на сретсело и се фатил на танец. Се разиграл, Пејо, се расклоцал на сретсело, камења корне со чизмите.

Го видел чорбаџијата со чизмите и му се сторило дека ќе ги искине Пејо со играњето, па му рекол:

- Море, Пејо, полека, ми ги искина чизмите, што ќе обујам јас утре!

Слушнал Пејо ама слушнале и сите на орото дека Пејо игра со туѓи чизми.

Се навредил Пејо и веднаш ги собул и му ги фрлил чизмите на чорбаџијата.

Тоа го гледал друг чорбаџија, го повикал Пеја на страна и му шепнал да отиде кај него дома и да ѝ рече на жена му да му ги даде неговите чизми.

Отишол Пејо кај чорбаџијата и за миг се вратил пак со чизми. Се вратил и пак го повел танецот.

Кога поминал овој чорбаџија, тој уште посилно од првиот почнал да вика:

Рипај, Пејо, нарипај се, искини ги, стопанка им, јас не ги жалам. Ми дал господ, нови ќе си купам.

Кога Пејо го слушнал овега, веднаш застанал, ги собул и овие чизми и му ги фрлил и на овој чорбаџија како на првиот, велејќи му:

- На ти ги, чорбаџи, јас ќе си играм со моите - и го повел танецот бос.

**Стале Попов**



## Доживување на содржината

- Како се прославувал Велигден во селото на Пејо?
- Зошто Пејо позајмил чизми од соседот - чорбаџија?
- Зошто му ги вратил позајмените чизми?
- Кој му понудил други чизми?
- Зошто на крајот Пејо играл на оро бос?

## Размисли и објасни

Има ли разлика меѓу двата чорбаџии? Објасни зошто така мислиш.

Како би се чувствувал ти ако некој ти позајми нешто и со тоа се фали пред сите?

- Зошто некои зборови се разликуваат од литературните зборови со исто значење?
- Запиши ги во тетратката, а покрај нив напиши ја литературната форма на секој збор.
- Што мислиш ти за позајмувањето?
- Како се однесуваш ти кон твоите другарчиња кога нешто ќе им позајмиш?

## Јазична вежба

✐Нацртај ваква табела во тетратката и во неа впиши ги глаголите според времето што го означуваат:

| Сегашно време | Минато време | Идно време |
|---|---|---|
| | | |

## Задача за дома

- Прераскажи го текстот во тетратката. Притоа анализирај ги ликовите. Нивните постапки и особини образложи ги со свои зборови.

- На кој христијански празник го прославуваме Христовото раѓање, а на кој неговото воскресение?
- Кога ќе го слушнеш зборот Велигден на што прво помислуваш?

# ВЕЛИГДЕН



Кажи ми мамо
Велигден што е?
Кажи ми, кажи
празник на кој е?

Најстари сказни
тоа се чедо,
божествен празник
твој и на дедо.

Празник на радост,
живот и младост,
со поздрав весел:
- Христос воскресе!

**Тамара Арсовска**

## Го збогатувам речникот

**воскресе** - воскресна, оживе (Воскресе е форма од старомакедонскиот јазик)

✡ **Дијалог** се нарекува разговорот помеѓу двајца.

## Разговор за содржината

- Чиј дијалог е пренесен со стиховите на оваа песна?
- Кој прашува, а кој одговара?
- Колку се стари сказните за Велигден?
- Што всушност е искажано со велигденскиот поздрав?

## Досети се

☺ Како отпоздравуваат луѓето на поздравот „Христос воскресе“?
☺ Од каде дознаваме за настаните од христијанската религија?
☺ Што симболизира црвеното јајце?
☺ Во кој ден и како вапсувате јајца во вашиот дом?

## Задача

Научи ја песната наизуст и рецитирај ја изразно.

- Кога нешто не сакаш да има крај? Размени го мислењето со другарчето.

# НЕ, НЕМААТ КРАЈ



(Не, немаат крај бабините сказни...
Сергеј Есенин, Русија!)

Пепелашка без чевел е сега.
Црвенкапа пред волчко бега?
Џуџињата, глеј, немаат баба!
Едно чудно волшебно огледало
убавица претвора во жаба!

Приказната натаму вели -
најмалиот и најглупавиот брат
најјуначки мегдан дели.
Воденица има косот, мои драги,
и во неа везден меле лаги!

Триста баби и дедовци разни
на внуците им шепотат сказни.
Ниту сказните, ниту сонот, знај,
ниту почеток имаат ниту крај!

**Адем Гајтани**



**Да ти појасниме**

- Поимот сказна потекнува од Русија.
- Големиот руски поет Сергеј Есенин многу ги сакал сказните кои го поттикнале и самиот да почне да пишува.

**Откривам во песната**

- ♦ Чија мисла за сказните го инспирирала поетот да ја напише оваа песна?
- ♦ Каква сличност поетот открива меѓу сказните и сонот?
- ♦ Што е поинаку во песнава од сказните. Прочитај уште еднаш што се случува сега со ликовите од сказните.
- ♦ Зошто бабите и дедовците најмногу знаат и раскажуваат сказни?

## Определувам - опишувам

☺ Определи ја и опиши ја секоја поетска слика: во првата строфа - четири, во втората - две и во третата - една поетска слика.

## Задачи

- Прочитај ја изразно песнава наглас.
- Препиши една строфа со ракописни латинични букви.
- Запиши ги насловите на сказните чии ликови ги сретна во песнава.

# ПРОЛЕТТА ВО ДЕТСКИТЕ ТВОРБИ

## ПОТОЧЕ

Во бистрото поточе,
под трепетна бреза
срнче вода пие
и лице си мие.

Сонцето го милува,
а ветрето тивко
што пролет ни носи,
му милува коси.

**Миланоска Христина,** IV-а одд.
ОУ „Кире Гаврилоски-Јане“, Прилеп




- Со кои свои убавини пролетта ги инспирирала твоите другарчиња да ги создадат овие прекрасни творби?
- Што најмногу тебе те восхитува во пролет?
- Обиди се и ти да го изразиш својот восхит од будењето на природата во пролет преку песничка или ликовна творба.
- Од вашите творби уредете го ѕидниот весник во училницата. Некои од нив прочитајте ги преку училишната радиостаница или испратете ги во детското списание што го читате.

# БЛАГИОТ ОДГОВОР МОЖЕ ДА ТЕ ИЗВЛЕЧЕ И ОД НАЈЛУТА СИТУАЦИЈА



- Кој е филозоф? Разменете ги мислењата со другарчето.

# ФИЛОЗОФ

Вчера мајка му на Дејан му рече:

- Оди во градината да му помогнеш на дедо ти.

Тој не одговори веднаш. Гледаше некаде низ прозорецот.

Мајка му повтори уште еднаш. Но тој и овој пат се направи како да не слуша. Но кога таа по третпат му подвикна, тој налутено ѝ се сврте:

- Па добро, мамо. Зарем не гледаш дека размислувам?..

- Што размислуваш? - го праша таа.

- Па, ова... - почна да ѝ објаснува Дејан. - Јас сум филозоф.

- Филозоф! - божем се зачуди мајка му.

- Да, да, филозоф - гордо и одговори Дејан.

- Па што е тоа филозоф? - го праша таа.

- Тоа е човек кој многу мисли и кажува умни работи, - одговори тој.

- Значи ти сега мислеше умни работи? - го праша мајка му. - Тогаш кажи некој умен збор.

Дејан како тоа да го чекаше. Веднаш почна да кажува: „Малите деца не треба да се мешаат во работите на големите.“

На мајка му веднаш ѝ стана јасно во што е работата. Затоа рече:

- Значи ти сакаш да речеш дека не треба да одиш во градината да му помогнеш на дедо ти.

- Ама не велам јас, така велат филозофите, - ѝ одговори тој.

Мајка му повеќе не рече ништо. Излезе од собата и почна нешто да работи.

Вечерта, кога се врати татко му од работа, таа го облече новиот фустан и заедно појдоа некаде. Тогаш Дејан истрча пред нив малку подналутен.

- Добро, мамо, зарем мене не ме носите со вас?

Мајка му не одговори веднаш.

Дејан повторно праша, но и овој пат не доби одговор.

Кога по третпат праша, мајка му тивко се насмевна:

- Знаеш сине, - му рече. - Еден филозоф вели: „Малите деца не треба да се мешаат во работата на големите.“

Дејан посака нешто да рече, но кога се присети за претпладневната случка, ја наведна главата и со насолзени очи влезе во собата.

**Иванчо Митревски-Мајсторот**

**Одбери си пар**

☺ Одбери си едно другарче со кое ќе го читате текстот по улоги. Ти биди Дејан, а другарчето мајката. Читајте го само говорот на личностите.

## Разговараме за расказот

- Зошто Дејан не отишол да му помогне на дедо му во градината? Какво оправдување ѝ кажал на мајка му? Пронајди ја „мудрата“ реченица на Дејан.
- Каква била реакцијата на мајка му?
- Кога сфатил Дејан дека многу згрешил?

**Поврзи** ја со содржината на овој расказ народната поговорка: **Што ќе си посееш тоа ќе си жнееш.** Пронајди и друга поговорка со исто значење и запиши ја во тетратката.

**Определи ги ликовите**

- Колку ликови сретна во овој расказ?
- Што мислиш за постапката на мајката? Како би реагирала твојата мајка да се однесуваш како Дејан?
- Какво мислење имаш за Дејан?

## Откриј ја целта

- И Дејан и мајка му изговараат иста реченица како главна цел на нивната порака и затоа таа се наоѓа во пресекот.
- Целта што сакал секој од нив да ја постигне со неа е различна. Определи ја и запиши ја во тетратката во ваков Венов дијаграм.




## Изнеси го своето мислење

☺ Кој е вистинскиот филозоф: Дејан или мајка му? Зошто?
☺ Што научил Дејан од постапката на мајка му?
☺ Како би постапил ти да беше на местото на мајка му на Дејан?
☺ Ти се случило ли и тебе нешто слично? Како се чувствуваше тогаш?

- Како се вика овој македонски јунак?
- Кажи му на другарчето што знаеш за него.



# БАЛАДА ЗА ГОЦЕ

Во дожд од оловни зрна
в Баница наша страдна,
робинко мајко земјо
јунакот Гоце падна.

Спиштеа градови, села,
земјата в црно се зави,
народот нажален реши
името да ти се слави.

И стана легенда жива,
легенда в песни збрана,
твоето име Гоце,
лечеше в срце рана.

И свиден овчар со кавал,
жетвар со раце лесни,
распеан сиот народ
ѓердан ти сплете од песни.

**Рајко Јовчевски**



**Разговор за песната**

- Кое е најсилното чувство во песната што те обзеде тебе?
- Против кого се борел Гоце?
- Кога и каде загинал?
- Зошто Гоце станал легенда, а народот испеал многу песни за него?
- Што го инспирирало поетот да ја напише оваа песна?

- **Размисли и со свои зборови протолкувај ги стиховите:**

„Во дожд од оловни зрна“
„Земјата в црно се зави“
„Легенда в песни збрана“

**Најпознатата Гоцева мисла е:**

**СВЕТОТ ГО РАЗБИРАМ ЕДИНСТВЕНО КАКО ПОЛЕ ЗА КУЛТУРЕН НАТПРЕВАР МЕЃУ НАРОДИТЕ.**

- Објасни како ја разбираш ти.

**Воочи**

Во секоја строфа има по два збора што се римуваат. Пронајди ги и запиши ги во тетратката. Потоа обиди се да напишеш зборови што се римуваат со дадениве:

зрна -  села -  жива -  кавал -



**Што е легенда**

Народна творба во која се зборува за некој значаен јунак или настан. Во неа може да има и измислени елементи.

**Бидете креативни творци**



Групирајте се во тимови и со меѓусебна соработка изработете книга за Гоце Делчев. Притоа како извори на податоци користете ги учебниците, детските списанија, книги и Интернет. Осмислете дизајн на насловната страница, а илустрациите внатре изработете ги сами на часот по Ликовно образование. Во книгата ставете и ваши лични поетски и прозни текстови посветени на големиот јунак.

**Задачи**

- Дома препиши ја песната со македонска латиница и научи ја наизуст.
- Научи ја музичката изведба на оваа песна со помош на родителите, наставникот или некој што веќе ја знае. Таа е испеана на фестивалот за детски песни **Златно славејче** во 1978 година.
- Обиди се да научиш и некоја од многуте народни песни испеана за јунакот Гоце Делчев.
- Напиши во тетратката што си научил на часот по Општество за најголемиот македонски револуционер Гоце Делчев.

- Што знаеш ти за месноста Мечкин Камен? Каде се наоѓа?

# МЕЧКИН КАМЕН

Недалеку од градот на првата република на Балканот - Крушево постои еден рид под името Мечкин Камен. За името на ридот постои легенда.

Живееле многу одамна во малата населба крај крушите повеќемина браќа. Се занимавале со сточарство и земјоделство.

Еден ден браќата се враќале од кон ридот кога на нив се спуштила голема мечка. Храбрите крушевчани не се исплашиле туку јурнале на мечката. Стрвницата фрлила голем камен кон браќата, а тие со секирите в раце со по неколку удари ја убиле. Каменот што го фрлила мечката народот го нарекол Мечкин Камен.

На тоа место војводата Питу Гули херојски се бореше и го бранеше гнездото на Република Крушево. Беше тоа во август 1903 година, кога преку мртвите борци поминаа турските орди и во крв и пламен го уништија Крушево, задушувајќи го народното востание. На местото каде што е загинат легендарниот Питу Гули, на Мечкин Камен, му е подигнат споменик. Тоа е жива легенда на нашето време.

**Македонска народна легенда**
**(Запишал: Апостол Поп-Јовановски)**



## Дознавам од содржината

- Каде се наоѓа месноста Мечкин Камен?
- Како го добила името?
- За уште кое друго име од оваа легенда може да се претпоставува за неговото настанување?
- Чиј споменик е изграден на Мечкин Камен?

## Воочи, заклучи и запиши

Содржината на овој текст подели ја на два дела:

1. Името на месноста Мечкин Камен и
2. Големиот историски настан на Мечкин Камен.

- Што се раскажува во првиот дел, а што во вториот дел на легендата?
- Зошто споменикот на Питу Гули е жива легенда?

## Поврзи ги знаењата од Општество

☺ Во кое востание се водела битката на Мечкин Камен?
☺ Зошто се кренало востанието?
☺ Каква задача си поставил Питу Гули со својата чета?
☺ Како непријателот им оддал почит за херојската борба?

## Задачи

- Научи ја народната песна „Бојот започна горе Крушево“ во која е опеана битката на Мечкин Камен.
- Пресметај колку време (векови, децении, години) оттогаш до денес е изминато.
- Распрашај ги твоите баби и дедовци да ти раскажат некоја легенда за твоето место или некоја личност од твојот крај. Запиши ја во тетратката.





- Што е оркестар?

# ОРКЕСТАР




Пак се беа собрале децата од нашата улица. Го немаше само Орхан. Тој се беше потпрел на својот велосипед на ѕидот. Ме здогледаа како излегувам од дома, но се направија како да не ме забележуваат. Зборуваат мошне загреано, имаат намера да создадат оркестар. Сакаат да подготват приредба за децата од соседното маало и со парите од влезниците да купат нова гумена топка. Но, за еден оркестар беа потребни свирачи.

- Јас ќе свирам на пијано, - рече момченцето чија што поголема сестра посетуваше музичко училиште.

- Не грижи се, јас ќе свирам на виолина, рече детето чијшто татко свиреше во оркестарот на операта.

- И јас сум овдека...Јас...јас...дум...дум...ќе чукам на тапан, а можам да свирам и на зурла, рече Циганчето.

- Не може, рече најголемото од децата, не е ова свадба...Тоа треба да е оркестар, модерен...

Децата за миг молкнаа и потоа пак почнаа да редат кој на кој инструмент ќе свири во новиот оркестар. Значи, оркестарот е веќе основан. Значи, освен Орхан, сите деца се во него.

- Да одиме кај нас на проба! - предложи најголемото дете.

- И јас доаѓам со вас, рече Орхан.

- Не може, рекоа во глас децата, имаш педа раст само, треба прво да пораснеш, ајде, речи му на татко ти да ти ги истргне ушите...Потоа...

- Јас сум доволно голем, доаѓам со вас, пак рече Орхан.

- Не може, повторно рекоа децата, озгора ти не знаеш да свириш...Прво научи да свириш на некој инструмент, а потем ќе видиме...

- Па, јас од сите вас подобро знам да свирам на грамофон, радио, па дури и на телевизор.

Откако го рече ова Орхан се качи на својот велосипед и како птица летна кон куќата каде што требаше да се одржи првата проба на идниот оркестар.

Но сè уште не ми е познато дали е одржана приредбата и дали децата од нашата улица купија нова гумена топка.

**Нeџати Зекерија**

## Подреди

Подреди ги речениците според редоследот на настаните во содржината на расказот и препиши ги во тетратката.

- Секој се определува на кој инструмент ќе свири.
- Само Орхан не е со децата што сакаат да создадат оркестар.
- Со велосипедот замина на местото предвидено за првата проба.
- Со собраните пари децата имаат намера да купат нова гумена топка.
- И Орхан сака да свири во оркестарот.

## Воочи и заклучи

☺ На кое место се случува настанот?
☺ Што е потребно за да се формира оркестар?
☺ Според што децата го правеле изборот на инструменти за свирење?
☺ Што сакал да им докаже Орхан?
☺ Претпостави дали е одржана приредбата и дали децата купиле нова гумена топка?

## Избери едно од тврдењата и одбрани го своето мислење

- Ако татко ми е виолинист и јас знам да свирам на виолина.
- За да свирам на некој музички инструмент, треба да сум поголем.
- Секој може да научи да свири на некој музички инструмент.

## Поврзи со Музичко образование

- Колку свирачи се потребни за да има оркестар?
- Какви видови оркестри има?
- Како се вика најголемиот оркестар во нашата татковина?

## Идеја

- На часовите по Техничко образование, според упатствата на учителот, самостојно направете детски музички инструменти.
- На часовите по Музичко образование со наставникот можете брзо и лесно да научите да свирите на нив и да ги придружувате песните што знаете да ги пеете.
- Во некаква пригода организирајте приредба и израдувајте ги вашите родители, баби и дедовци. За нив тоа ќе претставува особена радост.
- Напишете им **покана** во која ќе ги известите за **поводот**, **времето** и **местото** на одржувањето на приредбата. Добро е ако на поканата ја запишете и предвидената **програма** на приредбата.

**Многу е важно да знаеш**
Телефонскиот број на противпожарната служба е 193.

- Разменете си ги мислењата со другарчето кои други важни телефонски броеви треба секој да ги знае.

# ОД ЧКОРЧЕ ДО ЧЕКОРЧЕ

На еден излет во природа, едно мало дете најде полупразен кибрит, што некој го загубил. Се оддалечи од родителите и запали едно чкорче да види како ќе гори.

Го забележа неговиот постар брат и дотрча до него.

- Зошто ја палиш шумата? - го праша.

- Каква шума? Јас запалив само едно чкорче! - одговори малото дете.

- Од твоето чкорче до шумата е само едно чекорче!

Ама, како тоа?! - се зачуди детенцето.

- Така. Ти го палиш чкорчето - тоа пламнува. За да не ти го изгори рачето - ти го фрлаш на земјата. Чкорчето паѓа на сувата трева, таа се запалува и...

- И? - слушаше втренчено помалото братче.

- И, со помош на ветерот огнот мошне брзо ќе стигне до шумата. Потем неа не можат да ја изгаснат ни со хеликоптери. Ти знаеш дека големите шумски пожари се гаснат со помош на хеликоптери?

Малото се расплака.

- Не плачи, братче, - го посоветува постариот брат, - солзите немаше да го изгаснат пожарот, ако дојдеше до него. Но, овие зборови, што сега ги слушна, верувам дека кај тебе целосно ќе ја изгаснат желбата за игра со кибрит. Зашто, играта не е игра, ако донесува плач, грижи, проблеми и материјални штети. Играта е игра ако донесува ведрина, смеа и разонода!



**Александар Кујунџиски**

## Ги откривам причините - последиците и дополнувам

- Малото дете запалило чкорче за да _________.
- Од чкорчето до шумата е само едно чекорче затоа што ________.
- Малото се вознемири и почна да плаче од ________.
- Не треба да се играат опасни игри. Тие носат________.

## Размисли и одговори

- Какви се последиците од пожарот во шумата, а какви во домот?
- Како може да се спречи предизвикување на пожар во природата и во населените места?

## Откривај и учи

- Што треба да преземеш во случај на пожар?
- Посети пожарникарска служба и поразговарај за нивната одговорна и опасна работа.



### Запомни

За да не се предизвика шумски пожар, секое палење на огин во природата треба да е добро испланирано и подготвено.



## Размисли и подреди

Означи ги со броеви редоследно постапките за безбедно палење огин во природата:

- се копа плитка дупка во која се редат подготвените дрва за палење;
- се избира простор подалеку од дрвја и грмушки;
- се подготвува сад полн со вода за гаснење на жарчиња што можеби ќе се стркалаат од огништето;
- просторот се чисти од сувите лисје и гранчиња;
- по искористувањето, огнот се гасне со поголема количина вода;
- изгаснатото огниште се затрупува со песок или земја за да не може ветрот да разнесе некоја искра што можеби не е изгасната.
- околу местото за огиниште се посипува песок или се редат камења;

- Освен од насловот, според што уште можеш да дознаеш дека поетот пее за некоја птица?

# ГАЛЕБ

**Без трева, без сенка,**
**Во прекрасен сјај,**
**Во модрини сини**
**Во небесен став,**
**Ти галебу пловиш**
**Низ непознат крај,**
**Осамен и тажен,**
**Во песни и прав.**
**Изморен со гордост,**
**Пред сончев цвет,**
**Секој ден во полет**
**Низ морска шир.**
**Сонуваш мирисна земја во својот лет**
**Нигде твој престој и нигде твој мир.**
**Со својата сенка до залез на пат,**
**Ти вечно си скитник над разигран бран.**
**Со морето збориш**
**За издржан глад,**
**Ко рубин во песок,**
**Изгубен си сам.**
**Со летни крила**
**Низ бурниот ден,**
**Огледало - море**
**И небесен свод**
**Те мамат, те носат,**
**Во лулка од плен**
**Со тажен крик,**
**Се враќаш во својот дом.**

**Волче Наумчески**

**Размисли и одговори**

- Какви чувства те обземаат додека ги читаш стиховите? Зошто?
- Посочи неколку стихови со кои поетот ја нагласува тагата и осаменоста на галебот.
- Каде живеат галебите?
- Кои стихови укажуваат на нивната животна средина?
- Со што се хранат тие и како доаѓаат до тоа?
- Објасни како ги разбираш стиховите:
- „Сонуваш мирисна земја во својот лет
  Нигде твој престој и нигде твој мир.“

**Откривај**

- Каква разлика забележуваш кај стиховите од сите досегашни песни? (Обрни внимание на распоредот на стиховите и нивната должина.)
- Откриј какви отстапки му се дозволени на поетот само во поезијата. (Обрни внимание на употребата на големата буква, редот на зборовите, формата на зборовите.)
- Извлечи свој заклучок во врска со горните прашања.

**Поврзи со наставата по природа**

☺ Кои други птици живеат покрај вода?
☺ Со што се хранат тие?
☺ Какви сличности имаат со галебите?

**Изработи**

Со помош на учителот во одделението изработете галеби од хартија. Пронајдете шема која ќе ви покаже како да го превиткувате парчето хартија. Готовите галеби заврзете ги со конци и закачете ги да висат во некој агол од училницата. Вашите галеби нема да бидат осамени и тажни.

**Задача**

- Писмено раскажи едно твое доживување во врска со некоја птица или друго животинче. Прочитај го пред родителите и соучениците.

# ЈУНИ

На крајот од учебната година учителката напиша на табла: ЗОШТО ГО САКАМЕ ЈУНИ?

А еве што напишаа учениците во своите тетратки:

ИВАН - Јуни го сакам зашто донесува црвени вишни, жолти кајсии, медени круши и млади птици во гранките на дрвјата.

СНЕЖАНА - Јуни го донесува летниот распуст!

ТОНИ - Ја стоплува водата во реката, по нејзините брегови постила златен песок, ја отвора првата плажа.

ВЕСНА - Јунските вечери се полни со светулки и ѕвезди.

БЕЧО - Во јуни дедо ми ја коси ливадата.

ЗАГА - Јуни го сакам зашто е најубав месец во годината. А зошто е најубав - тоа не можам да го објаснам.

Учителката не успеа да ги прегледа сите тетратки. Во ходникот се разлеа гласот на ѕвончето. Во другите училници екна песна.

Учениците од четврто одделение се погледнаа, се насмевнаа, па и тие ја прифатија песната:

„До гледање, училиште мило,
ти најубав детски дом...“

Надвор ги чекаше јунското сонце и долгото топло лето. Она што не можеа да го напишат во тетратките, сега го сеќаваа во своите раступкани срца.

Веселиот чичко-прислужник сè уште го тресеше ѕвончето:

- Среќен распуст, драги мои! Среќно лето!

**Видое Подгорец**

**Задачи**

- На часот прочитајте го текстот по улоги.
- Испејте и една прошталнa песна за училиштето.

Ние знаеме зошто секој ученик најмногу го сака јуни и затоа нема да те прашуваме. **Ти посакуваме среќни и безгрижни денови, безброј нови игри и другарчиња. Топли песочни плажи, крајбрежни шепотења, незаборавни патувања и полни тетратки со спомени.**






**МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК Е КЛУЧ ШТО ГИ ОТВОРА ТАЈНИТЕ НА ВИСТИНАТА. БЕЗ НЕГО НАРОДОТ ЌЕ ОСТАНЕ ПРИ ОЧИ СЛЕП, ПРИ УШИ ГЛУВ И ПРИ РАЗУМ ПРОСТ.**

***СВЕТИ КИРИЛ***

# УСТЕН И ПИСМЕН ГОВОР





**Разгледај ја сликата и донеси свој заклучок:**
- Што прават двете деца?
- Што работи третото дете?
- Трите деца ги **изразуваат своите мисли, комуницираат.**

**Устен говор** - усмено изразување на мислите и чувствата.
**Писмен говор** - ___________________________________

**Усниот говор** кај човекот се развил во далечното минато, поттикнат од потребата за меѓусебна комуникација во процесот на работата и заедничкиот живот.
**Писмениот говор** се развил откако е измислено писмото составено од различни знаци и букви кои се забележувале на некаква подлога.

## Направи споредба

- Усно искажи една своја желба или порака пред другарчињата.
- Истата запиши ја и во тетратката.
- Кој ја слушна и разбра твојата желба или порака?
- Кој сè може да ја разбере пораката што ја запиша?
- Што е потребно да знаеш за да пишуваш?
- Кое ти беше полесно, усното или писменото изразување? Зошто?

## Истражувај

- Во енциклопедија или на Интернет пронајди податоци за првобитното писмо со знаци што го користеле луѓето во минатото и подлогата на којашто пишувале.

# НАРОДЕН И СТАНДАРДЕН ЈАЗИК

## ПОПОТ И ЖЕНАТА

Еден селски поп си чател еднаш во една селска црква. Една жена ошла да се моли на Бога и видела у црквата попо, та ѝ се учинило Господ е. Она од вонка зафанала да се моли:

- Господи, да ни дадеш дваесе-триесе глави говеда; Господи, да ни дадеш коне да си имаме; да ни дадеш да ни се роди: жито и просо; да ни дадеш овчици и козици; Господи, па и парици на фајда да си даваме.

Попо като рекла и парички, извикал од натре:

- Па опира, па, еле ќе продадеш од стоката па ќе одимаш и паричките!

**Македонска народна анегдота**

**Согледај**

Иако приказната е напишана на македонски јазик, зошто ти беше потешко да ја разбереш содржината на оваа народна анегдота? Кои зборови не ги разбра? Кој го користи овој јазик? Ако некој од вас знае во кој крај на Македонија се зборува на овој говор, нека им каже на сите другарчиња. Ако ова е говорот од твојот крај, ти можеш лесно да го препознаеш.

- **Прочитај ја уште еднаш анегдотата за да можеш да ги разбереш сите зборови:**

Еден селски поп си читал еднаш во една селска црква. Една жена отишла да се моли на Бога и го видела во црквата попот, па ѝ се причинило дека е Господ. Започнала уште однадвор да се моли:

- Господи, дај ни два-триесет глави говеда; Господи, дај ни и коњ да си имаме; дај ни жито и просо да ни се роди; дај ни овчички и козички да си имаме; Господи, па и пари за убаво да ги даваме.

Кога рекла и пари, попот извикал однатре:

- Па доста ти е, нели ќе продадеш од стоката па ќе имаш и пари!



**Извлечи заклучок**

- Зошто немаше никаква тешкотија да ја разбереш содржината? На кој јазик сега ја прочита?
- Размисли и извлечи заклучок кој јазик е народен, а кој стандарден.
- Зошто треба секој да го знае стандардниот јазик?

## Вежби:

- **Прочитај** ја народната песна „Заспало ми е кумитче“ и подвлечи ги зборовите од народниот јазик што не ги разбираш. Објаснете го нивното значење заедно со другарчето, а потоа препиши ја во тетратката на стандарден македонски јазик. За сè што не ти е јасно побарај помош од твојот учител.

**Заспало ми е кумитче**

Заспало ми е кумитче
на каракамен планина,
на сува рида без вода.
Там поминае другари,
другари биле кумити;
му го земае гунчето,
гунчето сосе капчето,
урвале долу полјето,
го продадое гунчето,
гунчето сосе капчето,
заројно вино црвено,
за љута бистра ракија.

**Народна песна**



## Задачи

- Дома напиши една мисла за другарството на народен јазик. Нека ти помогнат твоите родители. Ако ти е полесно, можеш да запишеш неколку поговорки што ќе ти ги кажат на нивниот говор.
- На наредниот час прочитајте, искажете ги вашите размислувања и поразговарајте за разликите што ќе ги забележите.
- Одберете една народна приказна (басна, шега) и направете драматизација. Одиграјте ја на повеќе народни говори.

# САМОГЛАСКИ И СОГЛАСКИ

- **При изговорот на кој било глас ти издишуваш воздух. Тогаш низ усната празнина поминува воздушна струја.**

**Забележи ја и објасни ја разликата**

- Изговарај ги гласно неколкупати следниве гласови: а,е,и,о,у, а потоа неколкупати следниве: к,с,м,ѓ,ж.
- Сега изговарај ги наизменично следниве гласови подредени во парови: а:б; е:г; и:з; о:л; у:ф.
- Објасни ја разликата при изговорот на двата вида гласови. Како поминува воздушната струја низ устата при изговорот на гласовите со сина боја, а како при изговорот на гласовите со розова боја?

**САМОГЛАСКИ**

**А Е И О У**

**СОГЛАСКИ**

**Б В Г Д Ѓ Ж**
**З Ѕ Ј К Л Љ**
**М Н Њ П**
**Р С Т Ќ Ф Х**
**Ц Ч Џ Ш**

## Вежби

- Пронајди и препиши во твојата тетратка 10 збора кои започнуваат на самогласка и 10 на согласка од расказот „Готварски сказни“ на стр. 13.
- Од секоја група согласки и самогласки во твојата тетратка состави онолку зборови на колку што ќе се сетиш:

**а р и о д**　　**п к о т а**　　**т р а т а е т к**　　**у т ч и е к а л**

Дарио
оди
роди
род
радио
дари



# СЛОГ

## Повтори

Минатата година ти научи дека зборовите се составени од гласови: од самогласки и согласки. Научи и тоа дека гласовите може да се групираат во помали делови на зборот. Тие помали делови на зборот се викаат СЛОГОВИ.

**Согледај и заклучи**

- Прочитај ги гласно следниве зборови поделени на слогови:




тет-рат-ка; о-сум; ог-лад-нев; мо-лив-че;
пе-тел; збо-ру-ва-ат; сме-ат; ка-фе-а-ви.

- Изброј и запиши по колку согласки има во секој збор.
- Изброј и запиши по колку самогласки има во секој збор.
- Сега изброј ги слоговите во секој збор. Со кој број се совпаѓаат: со оној на согласките или на самогласките?



**Запомни**

- Во секој слог мора да има една ___________. Според тоа, **носител на слогот е самогласката. Бројот на слоговите во зборот го определуваме според бројот на___________.**
- Може ли слогот да биде составен само од една самогласка?

**Вежби**

- Во следнава низа зборови, десет не се правилно поделени на слогови. Најпрво подвлечи ги со моливче, а потоа препиши ги во твојата тетратка со правилна поделба на слоговите:

ко-кош-ка, смее-ње, Бил-ја-на, Деј-ан, оро-вод-ец, у-чил-ни-ца, со-нце, пор-ака, ја-бол-ко, кут-и-ја, вол-к, те-ле-ви-зор, рад-ио, и-мен-ка, ок-том-ври, о-ти-до-а, ја-јце, стр-ел-ка.

# ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ЗБОРОТ ВО НОВ РЕД

| | |
|---|---|
| **ЗАПОМНИ**<br>1. Кога во редот не можеш да го напишеш цел последниот збор, треба да го поделиш. Притоа треба да внимаваш како го правиш тоа.<br>Ако знаеш да ги делиш зборовите правилно на слогови, ќе знаеш и правилно да пренесуваш дел од зборот во новиот ред.<br>• Кој правописен знак се пишува на крајот од редот за да се означи дека зборот е поделен? | ПРИМЕРИ:<br>Ма-кедонија, Маке-донија, Македо-нија, Македони-ја<br>крас-тавица, краста-вица, крастави-ца<br>тет-ратка, тетрат-ка<br>пос-ледниот, послед-ниот, последни-от<br>ма-тематичар, мате-матичар, матема-тичар, математи-чар<br>сон-це, брат-ство, збор-че, до-аѓа |
| 2. Две самогласки една до друга во зборот се одделуваат.<br>• Запиши во тетратката како ќе пренесеш во нов ред дел од следниве зборови: прооден, знаење, виулица, смеење | НЕ: оч-аен, теа-тар, рас-еан, снао-длив<br>ТУКУ: оча-ен, те-атар, расе-ан, сна-одлив |
| 3. Две согласки една до друга во зборот се одделуваат.<br>• Запиши во тетратката како ќе ги поделиш за пренесување во нов ред следниве зборови: културно, мисла, мајка, сложно, облаци | НЕ: го-стин, те-шко, со-нце, стра-шно<br>ТУКУ: гос-тин, теш-ко, сон-це, страш-но |
| 4. Не се пренесува една самогласка во новиот ред и кога таа претставува слог.<br>• Зошто не можеш да пренесеш во нов ред дел од следниве зборови, иако се составени од два слога: смеа, стреа, боа, сее, леа, стои, брои... | НЕ: отидо-а, пишува-а, влего-а, нацрта-а<br>ТУКУ: оти-доа, пишу-ваа, вле-гоа, нацр-таа |

# КОНКРЕТНИ И АПСТРАКТНИ (МИСЛЕНИ) ИМЕНКИ

- **Извлечи ги именките во твојата тетратка од следниов текст:**

„... И токму кога волкот ја раширил устата со сета сила, се слушнал лаеж на ловечко куче во близината. Волкот, од страв, толку силно ја затворил устата и штракнал со челустите, што болниот заб му излетал самиот. Летнале да бегаат и волкот и лисицата без поздрав, секој на своја страна. По неколку дена, му минала болката на волкот и тој си рекол со умот:

- Бре, бре, бре, за првпат ме усреќи ловечко куче!“

**(Од расказот „Забоболка“ на Славка Манева)**

**Потсети се**
- Објасни му на другарчето зошто во текстот сите именки се општи.
- Кои именки се сопствени? Кажи неколку примери.

## Согледај и заклучи

| КОНКРЕТНИ ИМЕНКИ | АПСТРАКТНИ ИМЕНКИ |
|---|---|
| **волк**<br>**уста**<br>**заб**<br>**куче**<br>**лисица**<br>**челусти** | **сила**<br>**близина**<br>**страв**<br>**поздрав**<br>**страна**<br>**болка** |

- Кои од наведениве именки означуваат имиња на предмети и суштества што можеш да ги видиш, да ги допреш или да ги опишеш како изгледаат затоа што си ги видел некогаш?
  Тоа се __________ **именки.**
- Напиши во тетратката уште десет имиња на предмети или суштества што се во твојата училница, покрај дадениве:
  **ѕид, врата, молив, учителка,** ____________________
- Разгледај ги именките од десната колона. Обиди се да опишеш како изгледаат силата, стравот или умот. Зошто не можеш?
- **Апстрактни (мислени) именки** - означуваат име на нешто што не може да се види, допре, туку само се чувствува или се замислува:
  **добрина, среќа, зло, гордост,** _____________ (напиши уште десетина апстрактни именки)



**Задачи**

- Запиши во тетратката сѐ што гледаш на сликата. Така ти ќе запишеш повеќе конкретни именки.

- Состави седум реченици. Во секоја од нив употреби по една од следниве именки: утро, сонце, ученици, среќа, насмевки, улица, мајка. Подлечи ги со црвена боичка конкретните именки, а апстрактните (мислените) со сина.

- Од расказот „Сообраќајна грешка“ на стр. 54 внеси ги во ваква табела конкретните и апстрактните именки:

| | |
|---|---|
| КОНКРЕТНИ ИМЕНКИ | другарчиња, глава, .................. |
| АПСТРАКТНИ ИМЕНКИ | грешка, ден, совест, .................. |

# РОДОТ КАЈ ИМЕНКИТЕ

коњ сунѓер Гоце



мачор јогурт

молив чевел

книга улица птица

Јана



креда

градина табла мајка

село езеро дрво

јајце



уво

дете сонце јагне

**Согледај и запиши**

- Определи го родот на именките групирани околу зборовите: **тој, таа** и **тоа** и препиши ги во тетратката според следново барање:
  1. Именки од машки род: ____________
  2. Именки од женски род: ____________
  3. Именки од среден род: ____________

- **Објасни и запиши** според што го определи родот кај именките.
- Забележи на која самогласка завршуваат именките од женски род. На што завршуваат именките од машки род - на согласка или на самогласка? А именките од среден род, на кои две самогласки завршуваат?

**Задачи**

- Од расказот „Аквариум“ на стр. 36 извлечи по десет именки од трите рода и подреди ги во ваква табела:

| машки род | женски род | среден род |
|---|---|---|
| | | |

- **Размисли и заклучи** како полесно ќе го определиш родот кај именките што се во множина.

- Во следниве именки три не се од женски род. Пронајди ги!
  судија, сестра, лопата, чичко, гума, број, маса, супа.

# БРОЈОТ КАЈ ИМЕНКИТЕ - ЕДНИНА И МНОЖИНА










- Разгледај ги сликите и на местото од празната линија запиши покрај секоја именка колку се на број предметите или суштествата што ги означуваат. Одговорите запишувај ги во тетратката:

  ________ **молив** ________ **моливи**;
  ________ **книга** ________ **книги**;
  ________ **јагне** ________ **јагниња**.

- Сега задржи го твоето внимание на именките од левата колона: **молив, книга, јагне** и именките од десната колона: **моливи, книги, јагниња.**
- Објасни зошто именките имаат различна форма? Што означуваат едните, а што другите?

**Заклучи:**

- Ако именките означуваат име на само еден предмет, лице или суштество, тогаш тие се во ___________: стол, маса, дедо, круша, зајак... (напиши уште пет именки во еднина).
- Ако именките означуваат име на повеќе предмети, лица или суштества, тогаш тие се во множина: столови, маси, дедовци, круши, зајаци... ( допиши уште пет именки во множина).



**Запомни:**
Сопствените именки не образуваат множина: Прилеп, Глигор, Драгор, Јабланица, Велес, Соколарци, Македонија, Европа ...

## Вежби и задачи

- Именките: **верверичка, волци, тетратка, штркови, коњи, креда, компјутери, ѕвезда, дете, реки** во табела што сам ќе ја нацрташ во тетратката распореди ги според дадениот пример.
-

| Именки во еднина | Именки во множина |
|---|---|
| | |

Издвој ги именките од една песна по сопствен избор и запиши ги во табелата со молив во боја.

- Напиши ја другата форма на секоја именка од табелата: именките што се во еднина, напиши ги во множина. Оние именки што се во множина, напиши ги во еднина.

**Пример:** верверичка - верверички
волци - волк

## Користи го компјутерот

- Изработи ваква табела во компјутерската програма Word и во неа напиши по 5 именки во еднина и во множина. Запомни го документот со наслов **„Бројот кај именките“** и испрати и го по **е-пошта** на својата учителка.





**ЗА ТАЛЕНТИРАНИТЕ**

**Шега**

Го прашала учителката Миле од 4-а одделение во кој број е именката панталони - во еднина или во множина. Откако се подзамислил, Миле одговорил:

- Во горниот дел е во еднина, а во долниот дел е во множина!

- Што мислиш ти, зошто Миле не е во право? Определи го точниот број на именката панталони! Досети се уште на неколку вакви именки!

# ОПИСНИ ПРИДАВКИ

**Се опишувам себеси:**

(придавките што ќе ги допишеш, напиши ги со црвена боичка):

Јас сум ____ ученик.
Мојата коса е ____.
Имам _____ очи.
Носам _____ патики.
Ја сакам _____боја.
За мене велат дека сум _____ дете.



- Ти веќе знаеш дека придавките означуваат какво е, чие е и од што е направено нештото.
- Што означуваат придавките што ги напиша? На кое прашање одговараат? Задржи се на секоја придавка и размисли што покажува.

**Заклучи: Описни придавки се оние што ги _________ предметите и суштествата.**
Примери: **сино** небо, **шарена** пеперуга, **весели** деца, **широка** улица... (напиши уште пет описни придавки).




## Задачи

- Откриј кои придавки се описни и запиши ги во тетратката. Покрај секоја описна придавка допиши по една именка што ќе ѝ одговара.
- Препиши ги речениците и допиши ѝ по една описна придавка на секоја именка:
  На исток осамнуваше _______ утро. Во ______ градина ________ трендафил жедно го очекуваше плисокот на ______ сончеви зраци. Низ неговите ______ цветови како бисерни зрна светкаа безброј _____ капки роса.

# ЛИЧНИ ЗАМЕНКИ

**Одговори во тетратката**

- Кој може да зборува од живите суштества?
- За кого вели **ЈАС** лицето што зборува?
- На кое лице му се обраќа со **ТИ** првото лице?
- Која заменка ти покажува дека првото и второто лице разговараат за лицето коешто не е присутно? Кое е тоа лице?





**Заклучи**

- Зборовите коишто ги заменуваат имињата на лицата се викаат **ЛИЧНИ ЗАМЕНКИ**.
- Личните заменки имаат форми за **еднина** и за **множина**:

| ЛИЧНИ ЗАМЕНКИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Прво лице | | Второ лице | | Трето лице | |
| еднина | множина | еднина | множина | еднина | множина |
| ЈАС | НИЕ | ТИ | ВИЕ | ТОЈ, ТАА, ТОА | ТИЕ |

**Заклучи:**

Само една лична заменка има форми за машки, женски и среден род. Која е таа? Забележи го лицето и бројот!

**Задачи**

- Препиши ги речениците, а на местото на линијата стави ја личната заменка што одговара:
  _____ рецитираш најдобро од сите.
  _____ отидоа на кино.
  _____ сме примерни ученици.
  _____ му помогна на старецот.
- Препиши ги во тетратката дадениве именки и лични заменки, така што на секоја именка ќе ѝ ја додадеш соодветната лична заменка:

| | |
|---|---|
| Митре | тие |
| Кучето | тој |
| тато, мама и бато | ние |
| Петре и јас | тоа |

# ВРЕМЕ КАЈ ГЛАГОЛИТЕ СЕГАШНО, МИНАТО И ИДНО

## Сработи самостојно

- Подвлечи ги со моливче глаголите во следниов текст:

Бубамарата летка над цвеќињата во градината и плаче.

- Зошто плачеш? - ја праша пеперугата.

- Тие ќе свенат. Не можам да ги напојам со своите солзи... - продолжи да плаче бубамарата. - Девојчето заборави да ги навади. А јас постојано ги чистев од вошките. Но сега ќе се исушат.

(Од расказот **„Цвеќињата и облачето“** од **Горјан Петревски**)

## Согледај и заклучи

- Разгледај ги глаголите дадени во трите колони и забележи ја разликата меѓу нив: во кое време се врши дејството означено со нив?

| | | |
|---|---|---|
| летка | праша | ќе свенат |
| плаче | заборави | ќе се исушат |
| не можам | чистев | ќе пуштам |

- Кога летка и плаче бубамарата? (Сега - во овој момент.)
- Кога праша пеперугата? (Во минатото - пред извесно време, вчера...)
- Кога ќе свенат и ќе се исушат цвеќињата? (Во иднина - утре, задутре, по неколку дена...)

ЧИСТАМ → ЧИСТЕВ → ЌЕ ЧИСТАМ

ЧИСТАМ ↓ СЕГАШНО ВРЕМЕ

ЧИСТЕВ ↓ МИНАТО ВРЕМЕ

ЌЕ ЧИСТАМ ↓ ИДНО ВРЕМЕ

## Провери ги своите знаења

- Пронајди и запиши по пет глаголи од трите времиња од расказот „Пеперутка“ на стр. 120.
- Препиши ги следниве глаголи и покрај секој глагол напиши ја формата и за другите две времиња:
  трча, дојдоа, летавте, ќе играме, седнав, ќе читам , цртате, викнаа.

## Јазична игра

Организирајте се во неколку групи: во првиот круг секој треба да каже по еден глагол во сегашно време. Оној што ќе згреши, отпаѓа од играта. Во наредниот круг треба да се кажуваат глаголи во минато време, во третиот - во идно време. Играта трае додека остане само еден ученик во секоја група, кој не згрешил. Наградете го со аплауз.

# БРОЕВИ ЗА ПРИБЛИЖНА БРОЈНОСТ




Дедо има **две** крави.

На птиците им фрлив **пет-шест** грста пченица.

Во нашата паралелка има **дваесет и шест** ученика.

**Четири** деца се распеале на цел глас.

За **стотина** денари може да се купат **два-три** килограми овошје.

**Согледај и заклучи**

- Кои од броевите во речениците означуваат точно избројано количество?
- А кои броеви означуваат приближно количество?
- Како се викаат броевите што означуваат приближно количество?

| Броеви за **точна бројност** | Броеви за **приближна бројност** |
|---|---|
| два<br>пет<br>осум<br>десет<br>тринаест | два-три<br>пет-шест<br>седум-осум<br>десетина<br>три-четиринаесет |

**Задачи**

- Состави пет реченици во кои ќе ги употребиш броевите за приближна бројност од табелата.
- Образувај броеви за приближна бројност од следниве броеви за точна бројност: три и четири, дванаесет и тринаесет, дваесет, триесет.

**Запомни:**
Броевите што означуваат приближна бројност се пишуваат со едно **Т**, а дропките со две **Т** (десеттина, петнаесеттина, дваесеттина ...)

# ПИШУВАЊЕ СО ЗБОРОВИ НА ПОВЕЌЕЦИФРЕНИТЕ БРОЕВИ И БРОЕВИТЕ ЗА ПРИБЛИЖНА БРОЈНОСТ

- **Прочитај** ги речениците, а потоа препиши ги во тетратката. Броевите пишувај ги со зборови:

Јас сум роден на 10. 12. 1999 година.
Годината има 365 дена и 12 месеци.
Пред 12-13 дена го прославивме роденденот на мајка ми.
Ни дојдоа 7-8 гости.

## Забележи

- Кои броеви се искажани од еден збор, а кои од повеќе зборови?
- Забележи како се пишуваат броевите што се составени од повеќе зборови - споено или одвоено? А како ги напиша броевите за приближна бројност?
- Нацртај ваква табела во твојата тетратка и внеси ги броевите како што ти е означено:

| Броеви составени од повеќе збора | | Броеви за приближна бројност | |
|---|---|---|---|
| 56 | педесет и шест | 7-8 | седум-осум |
| 238 | двесте триесет и осум | 12-13 | два-тринаесет |
| 349 | триста четириесет и девет | 3-4 | |
| 731 | седумстотини триесет и еден | 6-7 | |
| 1009 | илјада и девет | 15-16 | пет-шеснаесет |
| 2357 | | 17-18 | |
| 25 | | 20-30 | |
| 63 | | 52-53 | педесет и два-три |
| 118 | | 200-300 | два-триста |
| 226 | | 120-130 | сто-дватриесет |
| 672 | | 500-600 | |

## Заклучи и применувај во пишувањето

- Броевите што се составени од повеќе зборови се пишуваат одвоено.
- Како ќе ги напишеш броевите: од 10 до 20, 100, 200... и 1000? Напиши ги со зборови и направи разлика.
- Броевите за приближна бројност се пишуваат со цртичка меѓу двата броја од кои се составени.

# ГЛАВНИ ЧЛЕНОВИ НА РЕЧЕНИЦАТА

- Еве една реченица:

**По широката улица луѓето брзаат кон плоштадот.**

- Да се обидеме од неа да направиме покуса реченица од два дела. На пр.:

**Улица брзаат.** Или: **Луѓето плоштадот.**

- Има ли јасна мисла во некоја од нив? Зошто?

- Продолжи да правиш и други комбинации додека не дојдеш до оној спој на зборови што ќе искажува логична мисла.
- Сигурно ја пронајде најдобрата врска меѓу двата дела кои претставуваат најкуса приказна во која се кажува **за кого се зборува** и **што прави** тој некој.






**Запомни**

Реченицата има два главни (основни) дела.
Од нив дознаваме кој нешто прави и што прави.
Тие се викаат **подмет** и **прирок**.

**Задача**

- Подвлечи ги со моливче главните членови во следниве реченици:
  Гоце чита книга.
  Нашата учителка дојде најрано.
  Ние секогаш си позајмуваме книги.
  Сѐ уште стои нашиот Снешко.

# П О Д М Е Т





- **Одговори и запиши** во тетратката: **Што** е високо? **Кој** се смее? **Кој** е сериозен?
- **Подвлечи ги** зборовите што ги напиша како одговор на прашањата.

_______ е високо.   _______ се смее.   ______ е сериозен.



## Забележи и заклучи

• Со секој одговор ти го доби главниот член на реченицата - **подметот**.

**Подметот покажува кој ја врши работата.**

• На кое прашање го бараме подметот?

• Кога ќе го поставиме прашањето **кој**, а кога **што**? Заклучи од дадените примери:

**Тој** рецитира многу добро. - **Кој** рецитира? ____________
**Снегот** се топи. - **Што** се топи? __________

- Какви видови зборови се: снег, дрво, жена, маче? А каков вид збор е **тој**?
- Заклучи: со кои видови зборови може да биде искажан подметот?

## Провери ги своите знаења

- Препиши ги речениците во тетратката и подвлечи го подметот. Служи се со прашањето **кој** или **што:**

Ми се скина петлицата.
Билјана излезе надвор.
Силно тресна вратата.
Ние сакаме интересни игри.
Ме заболе раката од пишување.

- Додај го подметот во секоја реченица:

На врапчињата _____ им даде трошки.
_______ отиде на работа.
_______ ја прочитав лектирата.
Вчера _______ меси леб.
Утре и ____ ќе месиш леб.

# П Р И Р О К





Што прави Том? Што прави бебето? Што прави детето?

- Запиши го одговорот на секое прашање во твојата тетратка.
- Подвлечи го секој збор во реченицата што ти покажува **што прави** Том, **што прави** бебето и **што прави** детето.



**Заклучи**

- Со одговорот на секое прашање ти го напиша **прирокот**.
- **Што покажува прирокот во реченицата?**
- **Од кој вид зборови е искажан прирокот?**
(Одговорот запиши го во тетратката.)

Ние **учиме** за прирок. Учителката **објаснува**.
Снегот **се топи**. Мојот татко **се врати** од работа.

**Прирокот покажува каква работа врши подметот.**

**Провери ги своите знаења**

Подвлечи ги со моливче прироците во следниве реченици:

Луѓето брзаат по снежните улици.
Секогаш станувам во 7 часот.
Баба ми ми сплете шарено шалче.
Учениците ќе одат на натпревар.

# ЗБОРОВИ СО ИСТО ИЛИ СЛИЧНО ЗНАЧЕЊЕ




- Што мислиш ти, што виделе децата: куче или пес?
- Нацртај ваква табела во твојата тетратка, размисли и запиши со кој друг збор (или повеќе зборови) ќе го кажеш истото што е означено со дадениот збор:

| **Поим** | **оди** | **мрак** | **говори** | **стена** | **глумец** | **радост** | **мајка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Збор со исто или со слично значење | брза трча | | | | артист актер | | |



**Заклучи**

- Во нашиот јазик има по два и повеќе зборови што имаат исто или слично значење.
- Размисли и кажи што се постигнува со употребата на различни зборови за еден ист поим.

**Задача**

- Препиши ги во твојата тетратка следниве реченици. Притоа секој истакнат збор замени го со друг што има исто или слично значење.

По патот **чекореше** едно едно момче.
Ја облеков новата **фанела**.
**Дедото** имаше долга бела брада.
Јованка е убава **мома**.
Моето **живеалиште** има 80 квадрати.

# ЗБОРОВИ СО СПРОТИВНО ЗНАЧЕЊЕ



**Изиграјте ја оваа игра со другарчето од клупата:**

Ти му кажуваш еден збор, а тоа веднаш треба да ти каже збор што има спротивно значење. Пр.: ти велиш **висок**, а другарчето - **низок**. Другарчето кажува **добра**, а ти треба да кажеш **лоша**. Истовремено запишувајте ги зборовите во парови (ден - ноќ; утро - вечер; среќа - несреќа). Играта нека заврши тогаш кога еден од вас не може повеќе да се сети на соодветен збор со спротивно значење од кажаниот.

- **Пребројте** ги зборовите на кои сте се сетиле.
- **Откриј** кој пар запишал најмногу вакви зборови.
- **Запиши** ги зборовите кои не сте ги запишале со другарчето.

**Примени**

- Препиши ги зборовите во тетратката и покрај секој напиши друг збор со спротивно значење:

| | | |
|---|---|---|
| среќа _____ | молчи ______ | нежност _________ |
| брзо ______ | дебели _____ | пријателство ________ |
| здрав _____ | вистина _____ | војна ______ |
| топло ______ | болест _______ | љубов ________ |
| вредни ______ | гол ______ | мрази _______ |

- Пронајди во кој наслов од темите на овој учебник има два глагола со спротивно значење.

# ГОЛЕМА БУКВА КАЈ ИМИЊАТА НА ИНСТИТУЦИИ, АДРЕСИ, СПИСАНИЈА И ПРАЗНИЦИ

**ЈАНЕ:** Мојот татко работи во **Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“**. Тој се наоѓа до зградата на **Македонската радио и телевизија** и **Државниот архив на Република Македонија**.

**АЦЕ:** Знам, знам каде се наоѓа **Институтот**, зашто во близина е зградата на **Правниот факултет „Јустинијан Први“** каде што работи мајка ми. Факултетот се наоѓа на **булевар „Крсте Мисирков“.**

### Забележи и заклучи

- Со каква почетна буква се напишани имињата на институциите и адресите?
- Разгледај ги примерите дадени подолу и донеси свој заклучок каде треба да ја употребуваш големата буква при пишување на имињата на адреси, институции, книги, списанија и празници.

| АДРЕСИ | ИНСТИТУЦИИ |
|---|---|
| улица „Никола Карев“ | Македонски народен театар |
| кеј "„13 Ноември“ | Комерцијална банка |
| булевар „Партизански одреди“ | Врховен суд на Македонија |
| улица „Илинденска“ | Филолошки факултет „Блаже Конески“ |
| булевар „11 Октомври“ | Основно училиште „Гоце Делчев“ |

| КНИГИ И СПИСАНИЈА | ПРАЗНИЦИ |
|---|---|
| Шеќерна приказна | Свети Никола |
| Лага река не гази | Први мај (1 Мај) |
| Наш свет | Божиќ и Божик |
| Развигор | Бајрам |
| Утрински весник | Велигден |
| Нова Македонија | Нова година |

### Задача

- Препиши ги следниве реченици во твојата тетратка, но внимавај правилно да ја употребиш големата буква:

Денес е 24 мај - ден на словенските просветители св. кирил и методиј. Во моето училиште никола карев се одржа свечена приредба. Неа ја следеа и новинари од телевизија телма и од списанието за деца и младинци наш свет. Мене ми ја подарија книгата со гатанки сто сонца од видео подгорец за песната нашите први учители. Со неа учествував на училишниот конкурс.

# ПРАВОПИСНИ ЗНАЦИ
# НАВОДНИЦИ




## Прочитај внимателно

Гостите се сместија во хотелот **„Турист“**.
Мојот другар живее на улица **„Никола Карев“**.
Во моето семејство редовно се чита весникот **„Дневник“**.
Не пропуштам да ги гледам емисиите **„Ај ти замижи“** и **„Говориме - спориме“**.
Лектирата **„Мери Попинс“** ја прочитав за два дена.
Мајка ми ми рече: **„Читањето ќе те однесе многу високо во животот“**.

## Забележи и заклучи

- Како се напишани насловите на книгите, весниците (списанијата) и емисиите?
- Чии имиња уште се напишани во наводници?
- Чии зборови во четвртиот пример се ставени под наводници?



## Каде се користат наводниците?

- При пишување наслови на книги, списанија, весници, филмови, емисии, опери и други уметнички дела.
- При пишување имиња на фирми, претпријатија, фабрики, улици, хотели и слично.
- При наведување на туѓи зборови и мисли (цитати од литературни дела, говори).
- Наводниците треба секогаш да ги пишуваш правилно: на почетокот - отворени наводници кои се пишуваат вака: („) и на крајот - затворени наводници кои се пишуваат вака: (“)
- Разгледај ги уште еднаш горните примери!

# ПРОВЕРИ ГИ СВОИТЕ ЗНАЕЊА

**Читај внимателно, размисли и одговори писмено во својата тетратка.**

1. Луѓето често ја посетуваа планината. Таму дуваше свежо ветре, а тие бараа спас од пеколната горештина...
   **Зошто луѓето често ја посетуваа планината?**

2. Облаците се судрија на небото. Силно грмна и светна. Иве исплашено го затвори прозорецот. И ластовичките се пикнаа во своето гнездо...
   **Што е заедничко за Иве и за ластовичките?**

3. Покана за приредба
   во ОУ „Први мај“
   на 10 јуни (петок) 2010 год.
   Почеток - 18:00 часот

   **Дали може на приредбата да присуствуваат поканетите родители што работат во попладневната смена?**
   а) да б) не

4. Препиши ја реченицата со ракописни латинични букви и дополни ја со збор со спротивно значење.
   **Потокот е плиток, а езерото е _______________.**

5. Препиши и дополни:
   **Јазикот што се користи во литературата, во сите медиуми, во сите институции и има утврдени правила се вика ______________ јазик.**

6. Напиши уште најмалку два збора што искажуваат исто чувство како зборот **среќа**: ___________________________________________.

7. **Препиши во тетратката и дополни:**
   Во театарот се изведуваат _____________ претстави. Улогите во претставите може да бидат изведени од глумци и од __________.
   Таквите претстави се викаат _____________. Местото каде што се изведува претставата се вика ___________.

8. **Дополни ги речениците:**
   Весниците што излегуваат секој ден со едно име се викаат _________ печат. Моето списание заедно со списанијата што ги читаат моите помлади и повозрасни другарчиња го сочинуваат _________ печат.

# БРЗ КВИЗ

Овој квиз организирајте го на часот со вашиот учител. Секој нека си подготви три картончиња со можните одговори: А, Б и В. Откако учителот ќе ви го постави прашањето и на табла (графоскоп) ќе ги напише трите можни одговори, на дадениот знак секој нека го подигне картончето со буквата што се совпаѓа со точниот одговор.
Точниот одговор запишувај го во тетратката!

1. Збор со спротивно значење на зборот **влажно**, е:
   а) облачно
   б) суво
   в) водено

2. Зборовите **се смее** и **пее** се:
   а) придавки
   б) броеви
   в) глаголи

3. Од наведениве зборови описна придавка е:
   а) шарена
   б) тетратка
   в) пишува

4. Во минато време е употребен глаголот:
   а) ќе дојдам
   б) отиде
   в) играте

5. Од наведениве имиња, во наводници треба да стои:
   а) вујко Аце
   б) кучето Леси
   в) книгата Споменка

6. Именки во множина се:
   а) книга и страници
   б) песни и пејачи
   в) училиште и ученици

7. Колку самогласки има во зборот **распуст?**
   а) четири
   б) три
   в) две

8. Лична заменка е зборот:
   а) јас
   б) еве
   в) на

9. Во реченицата **Заврши учебната година** прирок е:
   а) заврши
   б) учебната
   в) година

10. Во реченицата **Илина чита книга** подмет е:
   а) Илина
   б) чита
   в) книга

**Оцени се сам**

- За секој точен одговор добиваш по еден бод. Собери ги бодовите и утврди дали доволно си го совладал материјалот од второто полугодие.
- Дали си задоволен од вкупниот број на бодови?
- Не заборавај дека врз основа на ова, ќе го надградуваш идното знаење.

# РЕЧНИК НА НЕПОЗНАТИ И ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ

**алчен** - ненаситен

**бразда** - тесен долг трап кој се создава со орање на земјата
**базирани** - засновани

**вада** - бразда по која тече вода за наводнување
**вепар** - машка дива свиња
**вјаса** - брза
**вообразен** - оној што се замислува дека е нешто, надмен, надуен, одважен
**воскликна** - извика од радост, од силна возбуда
**врвулица** - множество луѓе, многу народ, поворка
**вретено** - дрвено стапче кое на средината е подебело и заоблено; служи за намотување на преѓата кога се преде
**вршник** - капак врз кој се став жар за печење леб и друго
**втренчено** (гледа) - гледа со здрвен поглед, вкочането

**глог** - шумско овошно дрво со трње и со месести црвени плодови
**гуна, гунче** - селска горна топла облека сошиена од груба волнена ткаенина
**гостејќи се**- почестувајќи се од понудената храна од домаќините

**делми** *(во народниот јазик)* - нели
**дијадема** - украс на женска глава во форма на круна
**дружељубив** - оној што сака да се дружи , да другарува

**ендемично (дрво)** - редок вид растение што вирее само во одредена област (пример: борот *молика* на Пелистер)
**екологија** - наука за здрава и чиста животна средина
**еколошки** - се однесува на здравата и чиста животна средина

**зговорна** (дружина)- сложна, како што ќе се договорат, така сите постапуваат
**здив** - воздух што се испушта при дишењето

**идеја** - замисла, поттик за нешто
**илустратор** - цртач на илустрации, сликар
**илустрација** - сликовит додаток (цртеж, слика, шема) што го појаснува и го дополнува текстот
**инспирација** - поттик за некаква активност
**институција** - установа, орган на власта, научен или образовен центар
**информација** - податок за некој факт, соопштение, известување
**ита** - брза

**јурнале** - тргнале во јуриш, нападнале

**кавга** - расправија, караница
**каракамен (турцизам)** - црн камен
**кинисала** - тргнала
**клал** - ставил
**копнеж** - силна желба за нешто, мечта
**креативност** - творештво, создавање на некое дело
**кумитче (комитче)** - млад комита, борец против турската власт
**купола** - свод изѕидан во облик на полутопка
**курбан** - жртва; кај муслиманите - животно, обично овен, што се коле за Курбан Бајрам;
**куткаше** (ги )- ги соборуваше на земја

**легенда** - предание за некој необичен настан или за животот на некоја личност; **жива легенда** - за човек што доживува голема слава и додека е жив
**лицемерен** - неискрен, дволичен, подлец
**логичен** - правилен, разумен

**мамат** - лажат, привлекуваат
**меана** - крчма, гостилница
**медиум** - средство за масовна комуникација
**милно (гледа)** - со милост, галежливо
**многулетен** - многугодишен
**мобилен** - подвижен
**модрини (сини)** - површини со модра боја (темносина)
**мугри** - рана зора, изгрејсонце
**мудар** - многу паметен, што има големо животно искуство

**накладе** - нареди, стави
**напаст** - несреќа, беда, зло
**настроен** - расположен за нешто
**на трпеза** - на маса
**небаре** - како да
**ниет** *(во нар. јазик)*- намера
**нишка** - нешто што е тенко како конец
**нурнав (се)** - се задлабочив

А Б В Г Д Ѓ Е Ж З Ѕ И Ј К Л Љ М Н Њ О П Р С Т Ќ У Ф Х Ц Ч Џ Ш

**оаза** - место во пустина со вода и со вегетација
**обзеде** - понесе, опфати (*Ме обзеде неизмерна гордост*)
**одекна** - се разви ехо, одглас
**орди** - непријателски чети војска кои прават злосторства
**оригинален** - првосоздаден, изворен, вистински (не е имитација)
**оркестар** - група музичари што заедно исполнуваат музички дела
**оџа** - муслимански свештеник

**пејзаж** - општ изглед на некој предел; слика, цртеж што ја прикажува природата
**пењушка** - кус и дебел трупец; пресечено парче дрво за горење
**пеплосана** - изгорена, претворена во пепел
**пили, пилат** - сече, сечат со пила
**пластење** - нанесување, таложење во слоеви (пластови)
**повезден** - преку цел ден
**подбивно** - со исмејување, навредливо, со презир
**подврзија** - корица на книга
**полет** - летнување, полетување
**поп** - православен свештеник
**последица** - тоа што е резултат од некоја причина
**пофатна** - вредна , работна
**починок** - одморање, починка
**презаситеност** - што содржи нешто во преголема количина
**причина** - појава која предизвикува друга појава; повод, основа за некое дејство

**развигори** - луѓе што придонесуваат за здрава животна средина, како јужниот пролетен ветер што ја развива горага
**разровило** - разрушило
**расправа** - дискусија, докажување
**револуционер** - учесник во револуција
**редакција** - колектив од уредници на списание, книга и сл.
**ровка** - мека, не е цврста
**ројат, роење** - се појавуваат во големо количество, се множат ( *Пчелите серојат. Мислите ми серојат.*)
**ројно (рујно) вино** - црвено
**рубин** - скапоцен камен со црвена боја
**рубрика** - постојан оддел (страница) во весник
**румена** - црвена

**самар, самарче** - грубо седло за магариња, маски и коњи
**саноќ** - цела ноќ
**свиден** - драг, мил
**свод (небесен)** - небесна купола, полукружен покрив
**себичен** - што гледа само за себе
**се засолна** - се скри
**слад** - сладок вкус
**соспа** - навев од снег
**спили** - стрмни високи карпи
**спиште, спиштеа** - почна силно да плаче, да писка
**сретсело** - широк простор каде се собираат жителите на едно село (мал селски неуреден плоштад)
**стандарден** - кој одговара на одреден стандард, одредени правила
**стожер** - опора, столб
**струмиче** - вид есенско цвеќе

**танец** - оро
**толерантен** - оној што покажува трпеливост кон туѓото мислење и однесување
**трагична** - тешка, страшна, ужасна, потресна
**традиција** - обичаи што се предаваат од поколение на поколение
**трло** - место каде што се чуваат овците
**трепет** - треперење
**трпеза** - маса полна со убави јадења, богата маса

**фантазија** - мечта, занес
**фиданка** - млада гранка
**фиксен** - определен, постојан, цврст
**филозоф** - мислител, пријател на мудроста, мудар човек
**фурка** - предмет на кој се става волната што се преде

**хидрометеоролошка (станица)** - установа каде се проучува и се мери движењето на водата во атмосфетата
**христијански** - кој се однесува на христијанството, учењето на Христос
**хронолошки** - даден по редот на настаните
**хуман** - оној што прави добри дела, што им помага на луѓето
**хуманост** - човечност, човекољубие; правење добри дела
**челусти** - вилици кај животните
**чесно** - морално исправно
**честито** - со среќа, (исто што и чесно)
**чорбаџија** - газда, богаташ

А Б В Г Д Ѓ Е Ж З Ѕ И Ј К Л Љ М Н Њ О П Р С Т Ќ У Ф Х Ц Ч Џ Ш

# СОДРЖИНА

## БЕЗ МАКА НЕМА НАУКА


СЕПТЕМВРИ Е ТУКА (Васил Мукаетов) . . . . . . . 6
ТАГА ЗА ЛЕТОТО (Горјан Петревски) . . . . . . . 7
ТАТКОВИНАТА СМЕ НИЕ (Васил Мукаетов) . . . . . . . 10
СЕЛАНЕЦОТ И ОЏАТА (Македонска народна приказна) . . . . . . . 12
ЗАПИС ЗА КНИГАТА (Глигор Поповски) . . . . . . . 13
БИБЛИОТЕКА . . . . . . . 14
ГОТВАРСКИ СКАЗНИ (Славка Манева) . . . . . . . 15
РАСКАЖУВАМ ПО СЕРИЈА СЛИКИ . . . . . . . 17
АЛО, ЗОКИ (Љиљана Атанасова) . . . . . . . 18
ЕСЕНСКА ИНСПИРАЦИЈА . . . . . . . 20


## РАБОТАТА ГО КРАСИ ЧОВЕКОТ, МРЗАТА ГО ГНАСИ


ОД МИЛОСТ НЕ СЕ ЖИВЕЕ (Горјан Петревски) . . . . . . . 22
ОВОШНА КАРАНИЦА (Еди Мајоран) . . . . . . . 25
ЕЈ, ТАТКОВИНО (Огнен Неделковски) . . . . . . . 28
ОКТОМВРИ (Косара Гочкова) . . . . . . . 30
ЖОЛТА ПРИКАЗНА (Киро Донев) . . . . . . . 32
МАЛИ ПРИКАЗНИ ГОЛЕМ УМ (басни) . . . . . . . 34
АКВАРИУМ (Славка Манева) . . . . . . . 36
МРЗЛИВИОТ ПОШТАР (Горан Б. Стојаноски) . . . . . . . 38


## КАПКА ПРИМЕР ВРЕДИ ПОВЕЌЕ ОД ДОЖД СОВЕТИ


КАКО ВО ПРИКАЗНА (Жарко Кујунџиски) . . . . . . . 42
DVE ŽABI (Dositej Obradović) . . . . . . . 45
ПОСЛЕДНИОТ ЛИСТ (Ненад Џамбазов) . . . . . . . 46
ШТО Е НЕБОТО (Видое Подгорец) . . . . . . . 48
ЧАДОРЧЕ (Михо Атанасовски) . . . . . . . 49
NAGRADA (Lav Tolstoj) . . . . . . . 50
РАДИОЕМИСИЈА . . . . . . . 51
ЈАС, ПА ЈАС (Наум Попески) . . . . . . . 52
СООБРАЌАЈНА ГРЕШКА (Љиљана Атанасова) . . . . . . . 54


## НЕ Е БОГАТ ТОЈ ШТО ИМА МНОГУ, ТУКУ ТОЈ ШТО ДАВА МНОГУ


ЗЛАТНИОТ КЛУЧ (Браќа Грим) . . . . . . . 58
СНЕГОТ Е УБАВ (Васил Мукаетов) . . . . . . . 59
ТАКВО ДЕТЕ (Драган Лукиќ) . . . . . . . 60

НОВОГОДИШНА СКАЗНА (Нада Зекманова-Јакимова) ................ 62
ЧОВЕК УЧИ ДОДЕКА Е ЖИВ (Киро Донев) ............................ 65
КРАЈ ВОДОСКОК ЗЕЛЕН (Душко Аврамов) ............................ 68
ЈА ПРОДОЛЖУВАМ ТРАДИЦИЈАТА ...................................... 70
ПРОВЕРИ ГИ СВОИТЕ ЗНАЕЊА ........................................ 71
БРЗ КВИЗ ........................................................ 72

## ДВА ЛЕШНИКА ЕДЕН ОРЕВ КРШАТ

ДРУГАРИ (Ристо Давчевски) ....................................... 74
ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА ............................................. 77
ПЕСНА ЗА МЕСЕЦИТЕ (Видое Подгорец) ............................... 78
СЛОЖНИ БРАЌА (Ванчо Николески) ................................... 80
ТЕЛЕВИЗИСКИ ЕМИСИИ .............................................. 83
ИМА ПРИЧИНА ШТО ИМА СНЕГ (Ефтим Проевски) ......................... 84
ЛИСИЦАТА И ВОЛЧИЦАТА (Браќа Грим) ............................... 86
ПРСТИ (Глигор Поповски) .......................................... 88
МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК (Душко Аврамов) .................................. 90
МОЈАТА ПРВА КНИГА (Глигор Поповски) .............................. 92

## ШТО ЌЕ СИ ПОСЕЕШ, ТОА ЌЕ СИ ЖНЕЕШ

ПЛАТА СПОРЕД РАБОТАТА (Македонска народна приказна) .............. 96
В ПОЛЕ НА ОРАЊЕ (Васил Мукаетов) ................................. 98
УСПИВАЊЕ НА БОЛНО ДЕТЕ (Блаже Конески) ..........................100
ПЛАНЕТАТА ЛАПАЛАПАС 10 (Ристо Давчевски) ........................102
РАЗВИГОРИ (Волче Наумчески) .....................................104
ГЛУШЕЦОТ И ЖАБАТА (Македонска народна приказна) ..................106
ДО КРВОДАРИТЕЛИТЕ (Перо Миленкоски) ..............................108
ДЕТСКИ И ДНЕВЕН ПЕЧАТ ............................................109
НИ ДОЈДЕ ЦВЕТНАТА ПРОЛЕТ (Ненад Џамбазов) ........................110
АПРИЛИ-ЛИ-ЛИ (Стојан Тарапуза) ...................................112
ФИЛМ .............................................................114

## ВИСТИНСКАТА УБАВИНА ЗРАЧИ ОД СРЦЕТО, А НЕ ОД ЛИЦЕТО

ГОРДЕЛИВИОТ ПОРТОКАЛ (И. Стрелкова) ..............................116
ДВА ОБЛАКА (Славе Ѓорѓо Димовски) ................................118
КАДЕ СПИЈАТ ПРИКАЗНИТЕ (Драган Јаневски) ..........................119
ПЕПЕРУТКА (Славка Манева) ........................................120
ПЕЈО СО ТУЃИ ЧИЗМИ НА ОРО (Стале Попов) ..........................122
ВЕЛИГДЕН (Тамара Арсовска) .......................................124
НЕ, НЕМААТ КРАЈ (Адем Гајтани) ...................................125
ПРОЛЕТТА ВО ДЕТСКИТЕ ТВОРБИ ......................................126

## БЛАГИОТ ОДГОВОР МОЖЕ ДА ТЕ ИЗВЛЕЧЕ И ОД НАЈЛУТА СИТУАЦИЈА

ФИЛОЗОФ (Иванчо Митревски-Мајсторот) . . . . . 128
БАЛАДА ЗА ГОЦЕ (Рајко Јовчевски) . . . . . 130
МЕЧКИН КАМЕН (Македонска народна легенда) . . . . . 132
ОРКЕСТАР (Неџати Зекерија) . . . . . 134
ОД ЧКОРЧЕ ДО ЧЕКОРЧЕ (Александар Кујунџиски) . . . . . 136
ГАЛЕБ (Волче Наумчески) . . . . . 138
ЈУНИ (Видое Подгорец) . . . . . 140

## ЈАЗИК

УСТЕН И ПИСМЕН ГОВОР . . . . . 142
НАРОДЕН И СТАНДАРДЕН ЈАЗИК . . . . . 143
САМОГЛАСКИ И СОГЛАСКИ . . . . . 145
СЛОГ . . . . . 146
ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ЗБОРОТ ВО НОВ РЕД . . . . . 147
КОНКРЕТНИ И АПСТРАКТНИ (МИСЛЕНИ) ИМЕНКИ . . . . . 148
РОД КАЈ ИМЕНКИТЕ . . . . . 150
БРОЈ КАЈ ИМЕНКИТЕ . . . . . 151
ОПИСНИ ПРИДАВКИ . . . . . 153
ЛИЧНИ ЗАМЕНКИ . . . . . 154
ВРЕМЕ КАЈ ГЛАГОЛИТЕ . . . . . 155
БРОЕВИ ЗА ПРИБЛИЖНА БРОЈНОСТ . . . . . 156
ПИШУВАЊЕ СО ЗБОРОВИ НА ПОВЕЌЕЦИФРЕНИТЕ БРОЕВИ И БРОЕВИТЕ ЗА ПРИБЛИЖНА БРОЈНОСТ . . . . . 157
ГЛАВНИ ЧЛЕНОВИ НА РЕЧЕНИЦАТА . . . . . 158
ПОДМЕТ . . . . . 159
ПРИРОК . . . . . 160
ЗБОРОВИ СО ИСТО ИЛИ СЛИЧНО ЗНАЧЕЊЕ . . . . . 161
ЗБОРОВИ СО СПРОТИВНО ЗНАЧЕЊЕ . . . . . 162
ГОЛЕМА БУКВА КАЈ ИМИЊАТА НА ИНСТИТУЦИИ, АДРЕСИ, СПИСАНИЈА И ПРАЗНИЦИ . . . . . 163
ПРАВОПИСНИ ЗНАЦИ - НАВОДНИЦИ . . . . . 164
ПРОВЕРИ ГИ СВОИТЕ ЗНАЕЊА . . . . . 165
БРЗ КВИЗ . . . . . 166